РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА РАБОТАТА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА ВО 2012 ГОДИНА

2012

# РЕЗИМЕ

Должност и обврска на Царинската управа на Република Македонија е да ги штити финансиските интереси на Република Македонија, здравјето и животот на луѓето, да ја одржува и унапредува конкурентноста на економијата на Република Македонија, како и да обезбеди исполнување на критериумите за членство во ЕУ. Со цел исполнување на овие должности и обврски, Царинската управа и во 2012 година спроведе голем број на реформи за натамошно јакнење на својот административен и институционален капацитет, утврдени во Стратешкиот план и Повеќегодишниот акционен план на Царинската управа, водејќи се од станадардите на ЕУ, СЦО и други меѓународно признаени најдобри практики.

Постигнато е натамошно унапредување на административниот капацитет за управување со човечките ресурси преку подобрување на регулаторната рамка, на начинот и критериумите за вработување и унапредување, на системите за обуки, стручното оспособување и интегритетот на вработените, како и со воведување систем за мерење на успешноста. Подобрена е организацијата на работата преку натамошно надградување на механизмите за спроведување на административните постапки, јакнење на системите за безбедност, комуникација, транспарентност, ИКТ поддршка, како и за управување со финансиските и нефинансиските ресурси. Започната е постапка за имплементирање на стандардот за квалитет ISO 9001:2008.

Во 2012 година Царинската управа продолжи и со реформите за олеснување и забрзување на царинските и акцизните постапки, пред сè преку ревидирање на постојните и воведување нови механизми за нивно поедноставување, унапредување на условите за спроведување на царинските и акцизните формалности, како и преку зголемување на можностите за примена на Е_Царина. Како резултат, намалено е времето за спроведување на царинските постапки и издавањето извозни и увозни дозволи и други царински документи, зголемено е користењето на поедноставените царински постапки и царинските постапки со економски ефект, како и користењето на можностите од договорите за слободна трговија. Истовремено, зајакната е соработката со бизнис заедницата и зголемена е транспарентноста и отвореноста за соработка со јавноста.

Покрај воспоставените одржливи системи и капацитет за контрола на примената на законите, во 2012 година Царинската управа реализираше повеќе реформи со цел нивно унапредување, пред сè во областа на царинското разузнавање, системите за анализа на ризик, механизмите и техниките за физичка и документарна контрола и заштита на правата од интелектуална сопственост, како и во однос на капацитетот за вршење контрола после царинење. Контролата на примената на законите во 2012 година резултираше со голем број откриени случаи на нелегална трговија со наркотички droги, оружје, забранети животни, културно наследство, фалсификувана стока, лекови, храна, нафтени деривати, готови пари и др. Документарната контрола резултираше се откриени случаи на декларирани лажни и невалидни документи за царинска вредност, цертификати за потекло на стоки, тарифно распоредување на стоките и други документи, со цел избегнување плаќање на увозните давачки. Во 2012 година, Царинската управа го оствари и натфрли планот за наплата на јавни приходи.

# РЕГУЛАТОРНА РАМКА

Во текот на 2012 година се донесени измени и дополнувања на повеќе закони и подзаконски акти поврзани со царинските постапки, царинската тарифа, акцизите, заштитата на правата од интелектуална сопственост и ратификување или примена на меѓународни договори, насочени кон поедноставување на царинските постапки, намалување на трошоците на економските оператори и зголемување на конкуретноста на домашната економија.

## ЦАРИНСКА РЕГУЛАТИВА

Во јануари 2012 година се донесени измени и дополнувања на **Царинскиот закон** („Сл. весник на РМ" бр.11/12) со кои е воведена **можност за ослободување од плаќање на увозни давачки за спортска опрема и реквизити кои спортските федерации ги добиваат како подарок од странски донатори и увезена спортска опрема и реквизити купени со парични средства добиени како подарок.** Истовремено, одложена е примената на дел од одредбите од Царинскиот закон за влезна и излезна збирна декларација чија имплементација е директно поврзана со ставањето во функција на новиот систем за електронска обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД), како и на одредбите кои се однесуваат на формите на гаранциите, начинот на нивната употреба и начинот и постапката на одложување на плаќањето на царинскиот долг. Во контекст на последново, донесени се измени и дополнувања и на **Уредбата за спроведување на Царинскиот закон** („Сл.весник на РМ" бр. 14/12). Од истите причини, во декември 2012 година се донесени нови измени и дополнувања на Царинскиот закон („Сл. весник на РМ" бр.171/12), со кои примената на одредбите од Царинскиот закон кои се однесуваат на употребата на влезна и излезна збирна декларација е одложена за 01.01.2014 година.

Во март 2012 година Владата на Република Македонија донесе **измени и дополнувања на Уредбата за поблиски критериуми и начинот на спроведување на ослободување од плаќање на увозни давачки, како и вредноста, количината и видот или намената на стоката која може да се ослободи од плаќање на увозни давачки** („Сл. весник на РМ" бр.38/12), со кои се пропишуваат условите и постапката за **ослободување од плаќање на увозни давачки на спортска опрема и реквизити кои спортските федерации ги добиваат како подарок од странски донатори и увезена спортска опрема и реквизити купени со парични средства добиени како подарок**, Во декември 2012 година се донесени нови измени и дополнувања на истата Уредба („Сл. весник на РМ" бр.170/12), со кои **се уредува ослободувањето од плаќање на увозни давачки на пратки со мала вредност** испорачани од странство за примачи во земјата.

Во 2012 година министерот за финансии донесе измени и дополнувања на **Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат** („Сл.весник на РМ" бр.61/12 и бр.155/12) со кои се воведени шифри за примена на измените на Царинскиот закон и на новите одредби кои се однесуваат на ослободување од плаќање на увозни давачки при пополнувањето на царинските декларации.

Во април 2012 година, Владата на Република Македонија донесе **Одлука за распоредување на стоките на форми на извоз и увоз** („Сл.весник на РМ" бр.53/12), со која по тарифни ознаки се дефинирани формите на слободен извоз, слободен увоз и увоз и извоз врз основа на дозвола, одобрение, согласност, решение, односно потврда за стоки кои се извезуваат, односно увезуваат.

## ЦАРИНСКА ТАРИФА

Како дел од антикризните мерки и стимулирање на економските активности, Владата на Република Македонија продолжи со намалување на царинските стапки на увезените суровини и репроматеријали.

Во јануари 2012 година се донесени измени и дополнувања на Законот за царинската тарифа („Сл.весник на РМ" бр.11/12) со кои се **намалени или укинати 88 царински стапки за повеќе видови на стоки, како што се:**

- Царинските стапки за саден и семенски материјал за земјоделието, кои изнесуваа 2% се укинати;
- Царинските давачки на репроматеријали за прехрамбената индустрија и за преработка на сокови (пире и концентрати од овошје), се намалени на 5% или се укинати;
- Царинската стапка за увоз на бел и на други видови шеќери е намалена од 30% на 5%;

- Царинската стапка за мотокултиватори, која изнесуваше 2%, е укината;
- Царинските стапки за повеќе видови на спортски справи, скии и други спортски реквизити, кои изнесуваа 7%, се укинати.

Со истите измени и дополнувања на Законот за царинската тарифа се **укинуваат или намалуваат царинските давачки и на уште 128 тарифни ознаки,** кои се применуваат од 01.01.2013 година:

- **Се укинува царинската стапка од 6%** на примарни форми на полиетилен терафталат и фолии од полиетилен терафталат, кои масовно се користат за амбалажа на прехрамбени продукти, во графичката индустрија како и во електронската индустрија;
- **Се укинуваат царинските стапки од 15%** на репроматеријали за резервни автомобилски делови (облоги и плочки за кочници, фрикциони производи и други делови од нетемперирано леано железо);
- **Се укинуваат царинските стапки од 5%** на алатни машини (105 различни видови алатни машини);
- **Се укинуваат царинските стапки од 4%** на железнички товарни вагони;
- Царинските стапки за автобуси, кои изнесуваа 10% за нови и 15% за употребувани**, се намалуваат на 5%.**

Во март 2012 година („Сл. весник на РМ“ бр.32/12) е донесена нова Одлука за укинување на увозните давачки за одделни необработени благородни метали **(пред сè злато и платина)**, **со која се укинува примената на царинската стапка од 7% до 31.12.2012 година**.

Намалувањата и укинувањата на напреднаведените царински стапки пред се насочени кон намалување на трошоците и зголемување на конкурентноста на земјоделските и преханбените производи, индустриското производство, како и на транспортниот сектор.

## АКЦИЗИ

Во 2012 година министерот за финансии донесе **измени и дополнувања на Правилникот за спроведување на Законот за акцизите** („Сл.весник на РМ“ бр.29/12, 97/12 и 106/12) со кои се воспостави една димензија на контролните марки за обележување на тутунските добра, воведени се нов тип на контролна марка за обележување на меѓупроизводи и етил алкохол, нови обрасци на контролни марки за обележување на меѓупроизводи и етил алкохол и за обележување на тутунски добра, како и нови обрасци на пријава за планирани количини на тутунски добра и барање за преземање контролни марки за обележување на тутунски добра.

## ЗАШТИТА НА ПРАВА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

Во 2012 година Царинската управа подготви **предлог за измени и дополнувања на Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост**, што предвидува можност за бесплатно отстапување на одземени стоки што повредуваат право од интелектуална сопственост на државни институции за хуманитарни цели, со обврска за отстранување на ознаките и трговските марки, пропишување на прекршочна одговорност за лицата (правни и физички) кои ќе внесат или изнесат или се обидат да внесат или изнесат во и од царинското подрачје стока што повредува иста трговска марка, која од нив веќе еднаш била одземена поради повреда на право од интелектуална сопственост.

## МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ

**Од почетокот на 2012 година на територијата на Република Македонија започна да се применува Регулативата на ЕУ за автономни трговски мерки** (No 1336/2011), Службен весник на ЕУ L 347/1, Оваа Регулатива предвидува исклучителни автономни трговски преференцијали за Западен Балкан сè до крајот на 2015 година. Регулативата се применува ретроактивно почнувајќи од 1 јануари 2011 година. Автономните трговски преференцијали треба да им овозможат на земјите од Западен Балкан да имаат поголеми користи од преференцијалниот трговски режим, онаму каде тој е поповолен одколку што е предвидено во Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА).

Во Службен весник на ЕУ, серија Ц 63/8 од 02.03.2012, објавено е дека **можностите за дијагонална кумулација во системот на кумулација помеѓу земјите од Европска унија, Турција и земјите од Процесот за стабилизација и асоцијација се проширува**. Имено, Босна и Херцеговина и Турција започнувајќи од 14.11.2012 година започнуваат со примена на нов протокол за правила за потекло кој овозможува примена на дијагонална кумулација со земјите од ЕУ и земјите вклучени во процесот на стабилизација и асоцијација. Со ова се зголемува кумулативната зона и можноста за стекнување на потекло на стоките за сите земји вклучени во дијагоналната кумулација. Проширувањето на кумулацијата покрај другите поволности најголемо значење

и улога има за производителите во Република Македонија особено заради олеснувањето на условите за стекнување на преференцијално потекло на финалните стоки кои се извезуваат во останатите земји на кумулативната зона.

Во јануари 2012 година, стапи во сила **Дополнителниот протокол кон ЦЕФТА Договорот за Република Молдов**а („Сл.весник на РМ" бр. 117/2011), според кој, увозот на сите земјоделско прехрамбени производи со потекло од Република Молдова е слободен, освен за стоките од тарифниот број 2204 (вино) каде е предвидена годишна бесцаринска квота од 1.000хл.

# ЕУ ИНТЕГРАЦИЈА

Исполнувањето на сите услови во областа на Царинската унија, како услов на пристапување кон ЕУ, се постојана и главна агенда на Царинската управа. Активностите се насочени кон перманентно усогласување и примена на царинското законодавство на ЕУ во Република Македонија, исполнување на техничките и усогласување организациските барања, развој на административниот капацитет, како и проширување на јавна свест за начинот и филозофијата на функционирањето на Царинската унија, а посебно транзитот.

## УСОГЛАСУВАЊЕ СО ЦАРИНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО НА ЕУ

Со цел усвојување на Регулативата на Комисијата за имплементација (ЕУ) бр. 155/2012, во август 2012 година Владата на Република Македонија донесе **Одлука за изменување на Одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2012 година** („Сл.весник на РМ" бр. 99/2012 од 3 август 2012 година). Со оваа одлука во Царинската тарифа во Оддел XVI, во Глава 85 се додава нова Дополнителна забелешка, која при распоредувањето на стоката има правно дејство. Со измените е извршено и усогласување на единечните мерки за одредени тарифни ставови со единечните мерки на истите ставови во Комбинираната номенклатура, што е потребно заради статистички цели. Со одлуката целосно се прифатени амандманите на предметната регулатива на ЕУ, а со тоа Номенклатурата на Царинската тарифа (дополнителни забелешки и единечни мерки) ќе бидат потполно усогласени со Комбинираната номенклатура. Во контекст на претходното, во декември 2012 година Владата на Република Македенија донесе **нова Одлука за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2013 година** („Сл.весник на РМ" бр.169/12) која е усогласена со измените на Комбинираната номенклатура (Службен весник на Европската унија бр. L304 од 31 октомври 2012 година). Истовремено, Царинската управа на веб страната објави корелациони табели на Царинската тарифа 2013/2012 и 2012/2013, кои немаат правна сила, но се користат како олеснување при спроведување на тарифните и нетарифните мерки.

Во август 2012 година Владата на Република Македонија донесе **измени и дополнувања на Уредбата за применување на регулативите на Комисијата на Европските заедници за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура („**Сл.весник на РМ" бр.107/2012) со која **се усвојуваат 47 регулативи на Комисијата на Европските заедници** за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура донесени во периодот од април 2011 година до април 2012 година.

Во 2012 година се подготвени **измени и дополнувања на Законот за царинската тарифа** со кои се врши хармонизација со регулативата на Советот (ЕЕЗ) бр. 2658/87 за тарифна и статистичка номенклатура и Општа царинска тарифа, со цел транспонирање во националното законодавство и обезбедување правна основа за еднобразна примена на Царинската тарифа.

Кон крајот на 2012 година Царинската управа подготви предлог текст на **измени и дополнувања на Царинскиот закон и Уредбата за спроведување на Царинскиот закон**. Измените и дополнувањата имаат за цел допрецизирање на националното законодавство со Конвенцијата за заедничка транзитна постапка. Со иста цел, подготвени се и **измени и дополнувања и на Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри што се употребуваат, ново Упатство за употребата и начин на пополнување на царинска декларација за транзитна постапка** изготвена со употреба на техника на електронска обработка на податоци (ЕРП транзитна декларација), Упатство за транзитна постапка Б-1, Упатство за гаранции во транзитна постапка Б-2, Упатство за транзитна постапка во железничкиот сообраќај Б-3, Упатство за спроведување на испитна постапка и постапка на наплата на царински долг Б-4, како и Кодекс на шифри за пополнување на царинска декларација изготвена со употреба на техника на електронска обработка на податоци. Сите овие документи се **подготвени во рамки на ИПА 2008 Проектот за воспоставување на нов компјутеризиран транзитен систем (НКТС)**.

## ПОВРЗУВАЊЕ СО ЦАРИНСКИ ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМИ НА ЕУ

Согласно препораките на ИКТ мониторинг мисијата на DG TAXUD од ноември 2011 година, на предлог на Царинската управа, во февруари 2012 година Владата на Република Македонија донесе ревидиран Национален план за имплементација на заедничкиот транзитен систем НКТС во Република Македонија. Согласно истиот, одредени се активности со рокови за извршување на главните приоритети, за постигнување на техничките предуслови, донесување на законската регулатива, извршување на поврзување и тестирање за усогласеност со системите на ЕУ, како и информирање на сите засегнати страни, во прв ред трговците кои се крајни корисници на системот. Со документот е определена и структурата на работната група која ги извршува активностите, и идентифукувани се главните ризици на проектот со цел да се обезбеди нивно следење во текот на реализацијата. Со планот беше предвидено завршување на активностите до крајот на 2012 година.

### ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА НОВИОТ КОМПЈУТЕРИЗИРАН ТРАНЗИТЕН СИСТЕМ

**Во 2012 година продолжија активностите за изработка на систем за поврзување со царинските информатички системи на ЕУ (НКТС),** кои започнаа во 2011 година во рамки на ЕУ ИПА 2008 Програмата. НКТС треба да обезбеди интероперабилност на националниот транзитен систем со транзитните системи на земјите членки на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка. Имплементација на НКТС претставува услов за пристапување кон Конвенцијата за заедничка транзитна постапка на ЕУ и ЕФТА државите и услов за членство во ЕУ. Активностите генерално опфаќаат заокружување на регулаторната рамка, поседување на проверено функционален НКТС, организационо прилагодување, обуки и подигнување на јавната свест. Регулаторната рамка е генерално поставена, а подготвени се измени и дополнувања на законски и подзаконски акти, кои се во постапка на усвојување или чекаат на воспоставување услови за примена. Во однос на поседување проверено функционален НКТС, истиот до крајот на 2012 година не беше испорачан и тоа сеуште претставува отворено прашање. Во однос на организационата поставеност, екипирано е Одделението за гранични и транзитни формалности, назначени се национален, регионални и локални координатори за транзит, а во тек е воспоставување на Хелп деск, со водење сметка за рационално и ефикасно искористување на расположивите ресурси. Во врска со обуките, подготвката на економските оператори и подигнување на јавната свест на НКТС, беа спроведени повеќе активности:

- Во февруари 2012 година е одржана обука за НКТС ИКТ ескперти и администратори, на која присуствуваа 9 лица;
- Во март 2012 година, на редовен состанок на Советодавното тело (претставници на Царинска управа, на 7 стопански комори, асоцијации на шпедитери и транспортери, разни кластери и др.), покрај другото, беше презентиран Проектот за имплементација на НКТС;
- Во април 2012 година беа одржани 4 обуки на 25 обучувачи за НКТС, на кои истите се здобија со теоретски и практични познавања на законските прописи и практична работа со НКТС за евиденција на транзитните постапки;
- Во мај 2012 година, Царинската управа, во рамки на ИПА 2008 Проектот за воведување на НКТС, организираше обука за 27 обучувачи за процедурите за гаранции во НКТС. Истовремено, на ниво на царинарници е обезбеден линк преку кој регионалните и локалните координатори за транзит ке имаат пристап до НКТС;
- Во јуни 2012 година, Царинската управа, во соработка со ИПА 2008 проектот „Поддршка во воведувањето на Новиот компјутеризиран царински систем – НКТС", организираше семинар на кој пред седумдесеттина претставници на шпедитерски и софтверски компании беше презентиран НКТС кој овозможува подобро управување и контрола на царинските транзитни операции, дизајниран да го замени системот заснован на хартија. Истовремено, на интернет страницата на Царинската управа е објавена потребната спецификација за претставниците на бизнис заедницата кои ќе сакаат да ги прилагодат сопствените софтверски решенија согласно барањата на НКТС.



*Семинар за НКТС, Скопје, јуни 2012 година*



*Групна фотографија од работилницата одржана во Св.Наум, 02 -03. јули 2012 година*

- Во рамки на Програмата Царина 2013, Царинската управа и Генералниот директорат за оданочување и царина при Европската комисија – DG TAXUD, во јули 2012 година во Охрид (Свети Наум) организираа **дводневна работилница на тема „Патот кон пристапување кон Конвенцијата за заедничка транзитна постапка и Конвенцијата за ЕЦД**“. На работилницата претставниците на Европската комисија ги презентираа основните услови за пристапување кон Конвенцијата, а делегатите од земјите што се веќе договорни страни на истата (Романија, Хрватска, Словенија, Турција и Австрија) ги пренесоа своите искуства во исполнување на условите за пристапување кон Конвенцијата. На овој настан присуствуваа делегати од земји членки на ЕУ – Австрија, Бугарија, Романија, Словенија, Унгарија и Хрватска, како и земјите кандидати за членство – Исланд, Македонија, Србија, Турција и Црна Гора и потенцијалните земји кандидати – Албанија, Босна и Херцеговина, Косово и DG TAXUD.



- Во насока на проширување на информациите од проблематиката на царинското работење до стопанските субјекти, Стопанската комора на Република Македонија во соработка со Царинската управа, во рамките на активностите на советодавното тело, во јули 2012 година организираше презентација на тема: „**Патот за пристапување кон Конвенцијата за заедничка транзитна постапка и ЕЦД Конвенцијата**“. Фокусот на презентацијата беа стратешките приоритети за членство во ЕУ преку спроведување на ЕУ стандарди во основни царински области на царинската транзитна контрола и усогласување со acquis во областа на Царинската унија. Барањата за целосно имплементирани транзитни постапки на Заедницата, вклучувајќи развивање на автоматизиран транзитен систем компатибилен со Новиот компјутеризиран транзитен систем (НКТС) се предуслови за пристапување. Целта на оваа презентација беше размена на информации и најдобрите практики на патот за пристапување кон Конвенцијата за заедничка транзитна постапка од 20 мај 1987 година.
- Во октомври и декември 2012 година се одржани 3 работилници, на кои учествуваа 107 лица, со цел запознавање на внатрешните и надворешните корисници (економски оператори и царински застапници) со начинот на спроведување на транзитната постапка со употреба на НКТС.
- Заради размена на информации во врска со начинот на користење на системот, во текот на јуни 2012 е организиран семинар со софтверските компании кои изработуваат апликации за учесниците во царинските постапки на кој во детали се презентирани спецификациите за развој на софтвер од страна на трговците. На семинарот учествуваа над 70 претставници на софтверските компании.
- Заради запознавање на промените во врска со употребата на банкарските гаранции во царинските постапки, во текот на декември организиран е семинар за банкарскиот сектор на кој учествуваа 33 учесници.
- На веб страната на Царинската управа воведено е посебено заглавие во кое се објавени сите релевантни информации во врска со проектот: спецификацијата за корисничката апликација, легалните основи за постапките, презентации за банките и други промотивни материјали.

## ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ИНТЕГРИРАНАТА ТАРИФНА ОКОЛИНА НА ЕУ

Во ноември 2012 година, Царинската управа **започна со имплементацијата на Интегрираната тарифна околина (Integrated Tariff Environment – ITE)**, **на ЕУ во Република Македонија,** финансирана од ИПА 2009 фондовите на ЕУ, кој ќе трае 24 месеци. Проектот се реализира преку 2 подпроекти:

- Имплементација на ИТЕ (кој пред сè опфаќа изработка на софтвер) и
- Поддршка во управувањето со имплементација на ITE.

Преку овие проекти ќе се обезбеди целосна компатибилност и интероперабилност на компјутерскиот систем на Царинската управа со царинските компјутерски системи на ЕУ. Во рамките на проектите предвидена е имплементација на следните системи: тарифниот систем на ЕУ, задолжителни тарифни информации на ЕУ, распределба на царински квоти, надзор на стоки, како и на Европскиот царински систем за попис на хемиски супстанци.

## ПРОГРАМА ЕУ ЦАРИНА 2013

Во рамки на оваа програма, која има за цел јакнење на административниот капацитет на царинските служби на ниво на ЕУ, претставници на Царинската управа учествуваа на следниве обуки, работилници, семинари и работни средби:

- Годишен состанок на работната група Electronic Customs Group, правни и ИТ аспекти (март, Белгија),
- ИТ обуки за апликациите: централни сервиси/референтни податоци и централни сервиси/менаџмент на информации (април, Белгија),
- Работилница на тема транзитна тест апликација (мај, Белгија),
- Работилница на тема „Патот кон пристапување кон Конвенцијата за заедничка транзитна постапка и Конвенцијата за ЕЦД" (јули, Охрид),
- Состанок на ECG (Electronic Customs Group) (октомври, Белгија),
- Годишен состанок на работната група Electronic Customs Group, правни и ИТ аспекти, на кој беа презентирани тековните планови за развој на нови царински ИТ системи за заедничко користење во ЕУ (ноември, Белгија),
- Обука за новиот JAVA Заеднички системски интерфејс во програмскиот јазик JAVA (NJCSI Training Session - JAVA) и Заеднички системски интерфејс во програмскиот јазик Ц (CSI Training Session - C), наменети за CSI софтверски архитекти и програмери (Белгија), безбедносната политика и применетите безбедносни стандарди во CCN/CSI (Заедничката комуникациска мрежа/Заеднички системски интерфејс) (CCN/CSI Security training), наменета за систем инженерите за ИТ безбедност да се запознаат со CCN/CSI безбедносните концепти и пракси; користење на безбедносните стандарди: како и ISO27002 заради обезбедување на сигурна и веродостојна размена на податоци со Заедничкиот домен CCN; проценка на ризик од аспект на ИТ безбедност со примери (Белгија).

Во декември 2012 година, во рамки на Програмата Царина 2013, претставници на Царинската управа присуствуваа на состаноците на Електронската царинска група (ECG) со Трговската контакт група и Комитетот за интеграција на податоци. Целта на овие состаноци беше разгледување на информациите од поодделните работни групи, разгледување и усвојување на информацијата за меѓусебно признавање на одобренијата за Овластен економски оператор помеѓу ЕУ и САД, усвојување на измени во НКТС спецификациите и усвојување на Повеќегодишниот стратешки план за работа на Царинската електронска група.

## TAIEX

Царинската управа, преку TAIEX инструментот за техничка помош, во мај 2012 година, во Охрид организираше работилница на тема „Распоредување на стоки". На оваа работилница учествуваа царински службеници од Македонија, Албанија и Косово. Целта на обуката беше обезбедување на стручни толкувања на Комбинираната номенклатура, регулативите за распоредување на стоки и надминување на проблемите со кои се соочуваат царинските службеници при нивното толкување, унапредување на вештините на царинските службеници кои што се занимаваат со тарифирање, како и градење на капацитетите на службите преку користење на најдобрите практики на ЕУ.

## РАЗВОЈ НА АДМИНИСТРАТИВНИОТ КАПАЦИТЕТ СОГЛАСНО ЕУ СТАНДАРДИТЕ

Исполнувањето на препораките со кои се воспоставуваат општи критериуми според кои една царинска администрација може да го мери својот административен капацитет, засновани на најдобрите практики во ЕУ, го следи Комитет посебно формиран за таа цел. Неговата работа е уредена со **Деловник за работа на Комитетот за усогласување и следење на исполнувањето на препораките од царинските упатства (customs blueprints) на Европската комисија**, донесен во јули 2012 година.

Царинската управа во текот на 2012 година, во процесот на програмата ИПА за 2012 и 2013 година, заради засилување на своите оперативни и институционални капацитети подготви 3 проекти кои се прифатени од Владата на Република Македонија и Европската комисија:

- Проект за засилување на оперативните и институционалните капацитети на Царинската управа, што се очекува да отпочне да се реализира во 2015 година. Со проектот дополнително ќе се засили административниот

капацитет на Царинската управа за ефикасни и ефективни контроли, како и набавка на дополнителна опрема за царинската лабораторија која ќе го зголеми нејзиниот капацитет за анализа на стоки.

- Проект за надградба на објектите за царинење на граничниот премин за патен промет Табановце, што се очекува да отпочне да се реализира во 2014 година. Проектот предвидува проширување на постоечкиот царински терминал со дополнителни објекти.
- Проект за надградба на објектите за царинење и инспекција на граничниот премин за патен промет Ќафасан, што се очекува да отпочне да се реализира во 2015 година. Проектот предвидува изградба на нов терминал за стоково царинење на стока.

Во 2012 година Европската комисија го одобри финансирањето на проектот за развој на инфраструктура на граничните премини помеѓу Република Македонија и Република Грција BORDER IN, во рамки на Програмата IPA за Прекугранична соработка 2007-2013. Со подобрување на објектите на овој премин и поставување на опрема за регулирање на сообраќајот ќе се овозможи поголема функционалност, заштеда на средства за тековно одржување и функционирање на објектите.

# ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ВО ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Правилното управување со човечките ресурси претставува најважен фактор за спроведување на надлежностите на Царинската управа. Од овие причини, инвестирањето во вработените претставува перманентна и најважна определба на Царинската управа.

На крајот на 2012 година во Царинската управа беа вработени 1.167 лица (1.184 во 2011 година). Од вкупниот број вработени, 1.012 беа со статус на царински службеници согласно Законот за Царинската управа, 37 со статус на државни службенци согласно Законот за државните службеници и 115 со статус на работници согласно Законот за работните односи. Во однос на стручната подготовка, на крајот на 2012 година, 11 вработени беа магистри, 583 со високо образование, 23 со вишо образование, 519 со средно образование и 30 со образование од друг вид. **Ова значи дека над 50% од вкупниот број вработени во Царинска управа се со високо образование.**

| БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ПО ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ ВО ЦАРИНСКА УПРАВА | |
|---|---|
| Кабинет на генерален директор | 7 |
| Одделение за меѓународна соработка и проекти | 4 |
| Одделение за внатрешна ревизија | 4 |
| Одделение за управна постапка и застапување пред судовите | 18 |
| Одделение за одлучување по прекршоци | 20 |
| Сектор за управување со човечки ресурси | 18 |
| Сектор за административни и технички работи | 201 |
| Сектор за информациски и комуникациски технологии | 25 |
| Сектор за сметководство и финансии | 42 |
| Сектор за професионална одговорност | 15 |
| Сектор за Царински систем | 40 |
| Сектор за контрола и истраги | 103 |
| Регионална Царинарница Скопје | 229 |
| Регионална Царинарница Битола | 121 |
| Регионална Царинарница Гвгелија | 134 |
| Регионална Царинарница Куманово | 131 |
| Регионална Царинарница Штип | 55 |
| **Вкупно** | **1.167** |

## ОСНОВНА РАМКА

Основите на управувањето со човечките ресурси во Царинската управа се уредени со Законот за Царинска управа, Стратегијата за управување со човечки ресурси, Колективниот договор, Комитетот за развој на институционалниот и административниот капацитет на Царинската управа, како и со други акти и документи[1].

Во септември 2012 година се донесени **измени и дополнувања на Законот за Царинска управа** („Сл.весник на РМ" бр.113/2012) со кој се воведува можност за прераспоредување на вработените во Царинската управа на работни места со различен статус[2]. Овие измени овозможуваат флексибилност и рационалност во управувањето со чивечките ресурси за остварување на целите и надлежностите на Царинската управа.

Во 2012 година се извршени измени и дополнувања на **Колективниот договор со Самостојниот синдикат на Царинската управа**, со кои се уреди постапката на Комисијата за селекција и избор при вработување во Царинската управа. Дополнително се уреди третманот на царинскиот службеник за време на пробна работа и менторство, начинот и постапката на полагање на стручниот испит, како и определување на коефициентот и бодовите на сложеност на оние работни места кои со Правилникот на систематизација на работните места во Царинската управа се додадени како нови работни места.

Со цел ефикасно градење на институционалниот и административниот капацитет на Царинската управа, во ноември 2012 година е донесен нов **Деловник за работа на Комитетот за развој на институционалниот и административниот капацитет со кој се уреди начинот на работа на Комитетот** како и правата и обврските на координаторот, заменик координаторот и членовите, и начинот на вршење стручни и административни работи поврзани со работата на Комитетот.

[1] Стратегија за управување со човечки ресурси на Царинската управа, Решение за формирање на Комитет за развој на институционалниот и административниот капацитет на Царинската управа, Деловник за работа на Комитетот за развој на институционалниот и административниот капацитет на Царинската управа, Упатство за пристап во електронскиот систем за персонална евиденција, Корисничко упатство за пристап до персоналното досие преку ЕДМС, Прирачник за ERP и HR софтверот – електронски систем за персонална евиденција,

[2] Во зависност од карактерот и описот на работите и работните задачи, а согласно закон и Правилникот за систематизација на работните места, во Царинската управа има работни места со статус царински службеник, државен службеник и работник согласно Законот за работни односи. Меѓу нив постојат разлики во однос на начинот на вработување, обуки, оценување на работната изведба, платата, овластувањата итн.

## ВРАБОТУВАЊЕ

Покрај постојните акти со кои е уреден начинот на селекција и вработување во Царинската управа[3], во текот на 2012 година се донесени неколку акти за унапредување на оваа област. Во февруари е донесен **План за вработување во Царинската управа за 2012 година** кој претставува документ во кој се содржани планираните активности за вработување во Царинската управа до 2013 година. Во јануари е донесено **Упатство за подготовка на тест во постапка на селекција и избор по јавен оглас**, со кое се уредува постапката за селекција и избор по јавен оглас за вработување на царинските службеници, како и изборот на членовите на комисијата за подготовка на тестот и нивната надлежност, начинот на подготовка на испитните прашања и нивното доставување до Комисијата за селекција и избор. Во мај 2012 година е донесена нова **Оперативна инструкција за спроведување на интерен оглас за пополнување на слободно работно место во Царинската управа. Со оваа Оперативна инструкција се пропишува начинот на спроведување на постапката по интерен оглас за пополнување на слободно работно место во Царинската управа.** На почетокот на 2012 година Царинската управа донесе **Програма за волонтирање** со која се утврдува потребата од ангажирање на волонтери, видот на услугите и начинот и постапката за обезбедување на истите. Програмата за волонтирање има за цел приближување на работата на државната администрација кон граѓаните на Република Македонија, а воедно и стекнување на работно искуство на младите со кое би можеле полесно да конкурираат на пазарот на трудот. Согласно Програмата за волонтерство за 2012 година, Царинската управа објави два јавни повици и изврши селекција и избор на 10 волонтери, од кои 5 со завршено високо образование и 5 со завршено средно образование. Волонтерите во период од 4 месеци, беа распоредени на работи и работни задачи соодветни на работните места виш цариник и цариник и тоа по еден волонтер со високо и еден волонтер со средно образование во секоја царинарница. За време на волонтерската работа, волонтерите се запознаа со надлежностите и работните задачи за соодветните работни места, како и со работните процеси во организационите единици – царинските испостави.

Во 2012 година работен однос во Царинската управа по различни основи стекнаа 25 лица, а работниот однос им престана на 42 лица.

## ОБУКИ И СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ

Областа на обуки и стручно оспособување се уредени со **Стратегијата за обуки и стручно оспособување на царинските службеници** како и со други системи и интерни акти[4]. Во 2012 година Царинската управа продолжи со реформи во оваа област.

Тргнувајќи од стратешката определба на Царинската управа за јакнење на административниот капацитет преку професионално и стручно оспособување на вработените, а согласно **Стратегијата за обуки и стручно оспособување на царинските службеници**, во март 2012 година Царинската управа донесе **Програма за обуки и стручно оспособување за 2012 година**. Оваа Програма е во функција на зголемување на ефикасноста и ефективноста на извршување на работните задачи на царинските службеници и е базирана на конкретните потреби наметнати од процесот на работа.

Царинскиот службеник за време на пробната работа во Царинската управа има одреден третман во однос на: обуката на работното место (менторство), основната обука за царински надлежности и полагање на стручниот испит. Овој третман на царинскиот службеник е уреден со **Правилник за постапката поврзана со третманот на царинскиот службеник на пробна работа, начинот на полагање на стручен испит и програма,** донесен во мај 2012 („Сл. весник на РМ" бр.58/12).

Заради утврдување на ефективноста и ефикасноста на обуката, односно за да се согледа дали со обуката се постигнале поставените цели, во мај 2012 година е донесена **Насока за спроведување на постапка за оценување на обуката**. Целта на воведување на постапка за оценување на обуките е добивање на информации за тоа дали обуката имала влијание кај вработениот кое се одразува на извршувањето на работните задачи, добивање на информации кои ќе помогнат за подобрување на квалитетот на обуките и охрабрување на раководителите да се вклучат во подобрување на системот за обуки.

[3] План за вработување, Програма за вработување во Царинската управа, Програма за волонтерство, Корисничко упатство за работа со софтверот за регрутирање вработување, Оперативна инструкција за за начинот и постапката за спроведување на интерен оглас за пополнување слободни работни места во Царинската управа, Упатство за проверка на работните способности и процедурите за вработување со јавен оглас, Упатство за подготовка на тест во постапка на селекција по јавен оглас

[4] Стратегија за обуки и стручно оспособување на царинските службеници, Инструкција за користење на апликацијата за Националниот форум (прашања & одговори), на Царинската управа, Насока за спроведување на менторска програма, Насока за спроведување на постапка за оценување на обуката, Насока за утврдување на потреби од обука, Правилник за постапката поврзана со третманот на царинскиот службеник на пробна работа, Програм за полагање на стручен испит за царински службеници со високо образование, Програма за полагање стручен изпит за царински службеници кои се стекнале со повисок степен на образование, Програма за физички тренинг и боречки вештини за царинските службеници, Стратегија за работа на Регионалниот тренинг центар на СЦО, Акционен план за план на РТЦ, Упатство за документационен центар, Упатство за користење на Програмата за електронско учење на Царинската управа, Оперативна инструкција за постапката поврзана со третманот на вработениот на пробна работа во Царинската управа, Упатство за е_систем за управување со курсеви за електронско учење - DOKEOS, Корисничко упатство за платформата за е_ учење - DOKEOS, Упатство за видеоконференциско учење

Во декември 2012 донесена е **Насока за утврдување на потреби од обука**, со која се уредува постапката за утврдување на потреби од обука, која опфаќа: анализа на состојбата и видови на анализа за потребите од обука, индикатори за потреби од обука, како и техники и методи кои се користат за прибирање на податоци. Целта на оваа насока е да им помогне на раководителите при одредување дали и каква обука е потребна за вработените, којашто ќе допринесе за подобрување на резултатите во работењето.

Во август 2012 година е донесена **Насока за спроведување на менторска програма.** со која се уредува начинот на подготовка на менторската програма, реализирање на истата и подготовка на извештај за реализација на менторската програма. Целта на оваа Насока е да им помогне на менторите во подготовка на менторската програма и начинот на пополнување на обрасците за реализација на менторската програма.

Во август 2012 година е донесено и **Упатство за спроведување на стручен испит на Царинска управа,** со кое се уредува начинот и постапката за спроведување и полагање на стручен испит, состав на Комисијата за полагање на стручен испит, надлежност и начин на работа. Целта на упатство е да се обезбеди ефикасна, објективна и транспарентна постапка при спроведувањето на стручниот испит.

## РЕАЛИЗИРАНИ ОБУКИ И СТРУЧНИ УСОВРШУВАЊА

Со **Програмата за обуки и стручно оспособување** за 2012 година беа предвидени 50 активности во вид на обуки, курсеви за електронско учење и презентации, од кои се реализирани 43 (86% реализација на Програмата). Обуките во програмата се поделени на 5 групи и нивната поединечна реализација е следна:

- Олеснување и забрзување на трговијата – 100% реализирани;
- Контрола на примената на законите – 74% реализирани;
- Човечки ресурси – 100 % реализирани;
- Организација на работа - 82% реализирани и
- Логистичка поддршка - 75% реализирани.

Согласно Програма за обуки и стручно оспособување за 2012 година, во соработката со други организациони единици во Царинската управа и надворешни институции, одржани се вкупно 290 настани (256 во 2011 година) во вид на обуки, презентации работилници, семинари и студиски посети. На нив присуствувале вкупно 3.189 учесници од Царинската управа (2.578 во 2011 година). Во просек секој од учесниците има добиено по околу 84 часа обука (118 во 2011 година), додека секој вработен има добиено 20 часа обука и стручно оспособување или секој царински работник во текот на годината во просек потрошил приближно 2,5 работни дена на обуки.

Во согласност со програмите за стручно оспособување на нововработените царински службеници, во текот на 2012 година основна обука за царински надлежности завршија вкупно 13 царински службеници со завршено средно образование и 47 царински службеници со завршено високо образование.

Во 2012 година Царинската управа активно учествуваше на работилници и студиски посети организирани преку **инструментот за предпристапна помош TAIEX**. Преку оваа програма беа одржани 12 работилници во Република Македонија и 10 студиски посети во странство. Преку Програмата за техничка помош со Владата на Кралството Холандија беа организирани вкупно 8 обуки од областа на акцизи, раководење, контрола на нафта и нафтени деривати и спречување на нелегално внесување и изнесување на парични средства. Во соработка со Амбасадата на САД и Програмата EXBS беа организирани 6 обуки и во рамките на Програмата Customs 2013 беа организирани вкупно 12 активности.

Преку системот за следење на електронско учење беа поставени курсеви на следниве теми:

- Единствено одобрение за поедноставени постапки (4 часа) – 119 учесници;
- EORI (30 минути) – 102 учесници;
- Контрола на прекурзори (3 часа) – 149 учесници и
- Преглед на контејнери (4 часа) – 192 учесници.



Во текот на 2012 година беше преведен и поставен и курс за контрола на движење на акцизни стоки, а потпишан е и Меморандум за соработка со Европската Комисија за превод на курсот за анализа на ризик.

Во 2012 година одржани се обуки за имплементацијата на ISO 9001:2008, како и за примена на Упатството за изглед и структура на документацијата во Царинската управа согласно барањата на стандардот за менаџмент со квалитет ИСО 9001:2008, како и Процедурата за депозитар на документација.

## ИНТЕГРИТЕТ

Покрај веќе воспоставените системи за јакнење на интегритетот и професионалниот однос на вработените во Царинската управа[5] и спречување на корупцијата и судирот на интереси[6], во 2012 година се продолжи со реформите во оваа област.

Во јули 2012 година во рамки на Секторот за професионална одговорност е **формирано Одделение за интегритет.** Одделението има за цел следење, утврдување и проценување на нивото на корупција во Царинската управа, надзор над спроведувањето на одредбите на Законот за спречување на судир на интереси, Законот за спречување на корупција и меѓународните конвенции за борба против корупција, профилирање на ризици и преземање мерки за спречување на корупција во организационите единици на Царинската управа, како и водење електронска евиденција на анкетните листови.

Во февруари 2012 година Царинската управа донесе **Корисничко упатство за евидентирање на дисциплински постапки и тужби од вработени во еДМС**[7]. Целта и намената на ова Корисничко упатство е да им овозможи на корисниците на апликацијата еДМС, независно дали се Lotus Notes или Web клиенти, да ја користат новата функционалност на системот, а тоа е единствена електронска евиденција на дисциплински постапки и тужби од вработени.

Со цел намалување на ризикот царинскиот службеник да се впушти во несоодветно постапување, коруптивно однесување или судир на интереси, ефикасно и правилно искористување на човечките ресурси во Царинската управа, развивање на вештините и стручноста, професионален развој на царинските службеници и развивање на способностите на царинските службеници за работа во разни тимови, во мај 2012 година е донесено ново **Упатство за ротација на царинските службеници** со кое се пропишуваат видовите на ротација и постапката на ротација на царинските службеници. Истовремено, зајакнати се условите за унапредувањето на царинските службеници со донесување на **Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на унапредување на царинските службеници во Царинската управа**.

Како основа за планирање за личниот и професионалниот развој на царинскиот службеник, неговата мотивација за оспособување, усовршување и обучување, прераспоредување на работното место за кое покажува интерес и има квалификации и вештини, како и за негово наградување, донесена е **Оперативна инструкција за системот на само-оценување на работата на царинските службеници**. Со неа се пропишува целта на само-оценувањето, периодот, критериумите, начинот и постапката за само-оценување на работата на царинските службеници, како и содржината на образецот за само-оценување.

Со цел да се истражи социјалната клима на работното место, преку искажано мислење на вработените за оранизационата структура, раководењето, професионалниот развој, оценката на работната изведба, мотивацијата, редот и дисциплината, комуникацијата, безбедноста и здравјето при работа, условите за работа и транспарентноста, во мај 2012 година е донесено **Упатство за спроведување анкета за испитување на социјалната клима на работното место**[8]. Со ова упатство се пропишува постапката за спроведување на анкета во рамките на Царинската управа. Резултатите од ваква анкета ќе се користат како корективни мерки за утврдените политики за управување со човечките ресурси и нивен развој. Истиот месец е донесен **Кодекс на однесување на царинските службеници од Одделението за прекршочна** постапка, со кој се определуваат основните начела на однесување на царинските службеници од ова одделение, со цел да се обезбеди почитување на законитоста, професионалниот интегритет, ефикасност и ефективност во вршењето на должностите кај вработените во ова Одделение.

Во мај 2012 година е донесен **План за спроведување на активностите од државната програма за превенција и репресија на корупцијата 2011-2015**, со цел преку негово спроведување, со навремено професионално, законско и етичко постапување да се зајакне интегритетот на царинските службеници, а со тоа да се придонесе и кон отстранување на можноста за појава на корупција и судир на интереси.

Во текот на декември 2012 година беше донесено **Корисничко упатство за пристап до персоналното досие**

---

5 Кодекс на однесување на царинските службеници, Кодекс на однесување на царинските службеници во Одделението за прекршона постапка, Насока за начинот на постапување на вработените во Царинската управа во случај кога им се дава, ветува или понудува подарок или друга корист со цел да се влијае на работењето во рамките на службата, Корисничко упатство за работа со софтверот за евиденција на анкетни листови, Наредба за носење на службена облека во Царинската управа, План за спроведување на активностите од Државната програма за превенција и репресија на корупцијата, Правила за ред и дисциплина во Царинската управа, Стратегија за интегритет и борба против корупцијата во Царинската управа, Упатство за работа на Секторот за професионална одговорност, Корисничко упатство за евидентирање дисциплински постапки и тужби од вработени во ЕДМС, Упатство за ротација на царинските службеници, Упатство за спроведување анкета за испитување на социјалната клима на работното место, Упатство за спроведување дисциплински постапки во Царинската управа,

6 Во јануари 2012 година е донесен Закон за дополнување на Законот за спречување судир на интереси со кој се уредува начинот на проверка на содржината на изјавите за судир на интереси

7 Електронски документ менаџмент систем

8 Во октомври 2012 година за прв пат беше спроведена анкета од овој вид при што во анкетирањето учествуваа 70,27% од вкупниот број на вработени. Анкетниот прашалник содржи 50 прашања поделени во девет области и тоа: 1.Организациона структура, 2.Раководење, 3. Професионален развој, 4.Оценка на работна изведба, 5.Мотивација, 6. Ред и дисциплина, 7.Комуникација, 8.Безбедност и здравје при работа и услови за работа и 9.Транспарентност. Резултатите од анализата на анкетата покажуваат дека посебно отворени прашања постојат во областа Мотивација и Безбедност и здравје при работа и услови за работа. Анкетата има за цел идентификување на области и мерки за подобрување на состојбата.

**преку електронскиот систем за управување со документи (еДМС)**. На овој начин му се овозможува на секој вработен во Царинската управа преку еДМС да има пристап само до податоците од сопственото персонално досие и истите да може да ги користи за сопствени и службени цели.

Во август 2012 година донесена е нова **Наредба за носење на службена облека во Царинската управа** со која се утврди задолжително носење на службена облека по работни места во царинарниците, Сектор за контрола и истраги, Одделение за прекршоци и Одделение за царинска управна постапка и застапување пред судовите.

Секторот за професионална одговорност продолжи со активностите за јакнење на интегритетот на вработените и системите за превенција и откривање на случаи на дисциплински повреди и злоупотреба на службена должност на вработените, како и со редовни инспекции на спроведување на царинските прописи од страна на сите организациони единици во Царинската управа**.** Во 2012 година се спроведени 87 внатрешни истраги врз основа на редовни и вонредни контроли и примени информации и поплаки од физички и правни лица. Притоа, во 28 случаи се утврдени основани сомневања дека царинските службеници работеле спротивно на законските одредби, подзаконските акти, упатствата, како и спротивно на Правилата за ред и дисциплина во Царинската управа и Кодексот на однесување на царинските службеници. Во соработка со МВР се спроведени и 5 контроли во врска со однесувањето и постапувањето на царинските службеници при вршење на редовните работни задачи.

БРОЈ НА СПРОВЕДЕНИ ВНАТРЕШНИ ИСТРАГИ ПО ОРГАНИЗАЦИОНИ ДЕЛОВИ

| Организационен дел | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|---|
| Централна управа | 20 | 44 | 65 | 40 | 41 |
| Регионална Царинарница Скопје | 33 | 24 | 18 | 15 | 16 |
| Регионална Царинарница Куманово | 22 | 24 | 15 | 10 | 15 |
| Регионална Царинарница Штип | 18 | 11 | 3 | 8 | 5 |
| Регионална Царинарница Гевгелија | 22 | 12 | 6 | 8 | 5 |
| Регионална Царинарница Битола | 25 | 12 | 5 | 12 | 5 |
| **Вкупно** | **140** | **127** | **112** | **93** | **87** |

Во 2012 година се **извршени 49 внатрешни инспекции**, врз чија основа се преземени активности за отстранување на неправилностите и поведување на постапки за утврдување на одговорност за сторителите. Врз основа на спроведените инспекции во 6 случаи се утврдени основани сомневања дека царинските службеници работеле спротивно на законските одредби и подзаконските акти. Во 2012 година преку отворената царинска телефонска линија (197) беа примени 75 поплаки. Од вкупно поднесените поплаки, во 11 случаи беа спроведени внатрешни истраги и изготвени конечни извештаи во врска со истите, додека пак во останатите 64 случаи, откако беа преземени активности за утврдување на вистинитоста на наводите изнесени во јавувањата, беше утврдено дека се неосновани.

БРОЈ НА СПРОВЕДЕНИ ВНАТРЕШНИ ИНСПЕКЦИИ ПО ОРГАНИЗАЦИОНИ ДЕЛОВИ

| Организационен дел | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|---|
| Централна управа | 17 | 35 | 53 | 3 | 20 |
| Регионална Царинарница Скопје | 9 | 8 | 14 | 20 | 11 |
| Регионална Царинарница Куманово | 2 | 4 | 5 | 4 | 6 |
| Регионална Царинарница Штип | 8 | 4 | 3 | 4 | 4 |
| Регионална Царинарница Гевгелија | 5 | 2 | 10 | 7 | 4 |
| Регионална Царинарница Битола | 5 | 5 | 1 | 7 | 4 |
| **Вкупно** | **46** | **58** | **86** | **45** | **49** |

Во 2012 година до основните јавни обвинителства се доставени **2 кривични пријави против 3 царински службеници,** поради основано сомнение за сторени кривични дела примање поткуп и фалсификување исправа.

Во 2012 година донесени се 72 одлуки во постапка за утврдување на одговорност поради кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски, од кои **14 одлуки за откажување на договорот за вработување**, 7 одлуки за запирање на постапката поради неможност за изрекување на дисциплинска мерка поради застареност со утврдена одговорност, една одлука за запирање на постапката поради неутврдена одговорност, 41 одлука за изрекување парична казна како дисциплинска мерка и 9 одлуки за изречена писмена опомена. Донесени се **73 одлуки за утврдување на намален износ во висина од 15% од основната плата** за тековниот месец на царински службеници кои поради недоволно ангажирање во извршувањето на работите и задачите како и поради извршување на работите и задачите без потребен квалитет и начин како е планирано, програмирано или даден налог за работа, не ги оствариле просечните односно очекуваните резултати од работата.

ДОНЕСЕНИ ДИСЦИПЛИНСКИ И ДРУГИ МЕРКИ

| Видови на мерки | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|---|
| Опомени | | | 1 | 4 | 9 |
| Намалување на платата | 110 | 90 | 85 | 64 | 73 |
| Парична казна | 35 | 42 | 13 | 17 | 41 |
| Раскинување на работен однос | 46 | 27 | 10 | 5 | 14 |
| Кривична пријава-вработени | 111 | 10 | 11 | 5 | 3 |
| Отстранување од работно место | | 16 | 1 | 5 | 3 |
| **Вкупно** | **302** | **185** | **121** | **100** | **143** |

## МЕРЕЊЕ НА УСПЕШНОСТА

Со цел добивање перцепција за успешноста во одредени области од своето работење, како основа за согледување на можностите за унапредување на ефикасноста од работењето, Царинската управа во изминатиот период воведе повеќе системски решенија[9]. Како и во другите области, Царинската управа продолжи со реформи и во областа на мерењето на успешноста од работата.

Во јуни 2012 година, Царинската управа ја измени и дополни **Оперативната инструкција за системот на оценување на работата на царинските службеници** во делот на периодот на оценување. Наместо еднаш годишно, царинските службеници ќе се оценуваат полугодишно во тековната година. Целта на оваа измена е да се добие реална слика за индивидуалниот придонес кон работата, ефикасноста, квалитетот и стручноста во извршувањето на службените задачи, односно остварување на поставените цели на организационата единица и функција на Царинската управа, за секое полугодие од годината. Со иста цел, врз основа резултатите од спроведеното мерење за 2011 година, во октомври 2012 година е ревидирано **Упатството за мерење на успешноста на управните постапки во Царинската управа**.

Имајќи го предвид големиот број на донесени интерни процедури во Царинската управа и потребата од систематски и перманентен надзор дали и како истите се применуваат, **Одделението за внатрешна ревизија во 2012 година изврши 20 ревизии врз чија основа до надлежните организациони единици се предложени 73 препораки за подобрување на работењето.** Од предложените 73 препораки, 61 препораки се веќе реализирани, а 12 се во тек на реализација.

## НАГРАДУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ

Покрај воспоставените системи за наградување и унапредување на царинските службеници[10], во декември 2012 година донесено е **Упатство за доделување награди и признанија** со кое се уредува изгледот, критериумите и постапката за доделување на признанија на вработени во Царинската управа, на службени лица или на органите на државната управа или други органи, на органите на локалната самоуправа и на Градот Скопје, на носител на јавни овластувања и на поединци. Признанијата се доделуваат по повод Денот на Царинската управа - 14-ти април.

Со измени и дополнувања на **Правилникот за начинот на унапредување на царинските службеници** („Сл. весник на РМ"бр.59/12) зајакнат е системот за унапредување на царинските службеници согласно предвидените оценки: „се истакнува", „задоволува", „делумно задоволува" и „не задоволува".

Во рамки на воспоставениот систем и расположивиот буџет, во 2012 година беа доделени следните награди и признанија:

- ЦИ Богородица, најдобра гранична ЦИ за I и II квартал,
- ЦИ Табановце автопат, најдобра гранична ЦИ за III и IV квартал,
- ЦИ Скопје 3, најдобра внатрешна ЦИ за I, II и III квартал,
- ЦИ Скопје 2, најдобра внатрешна ЦИ за IV квартал.

По повод јубилејниот празник -20 години постоење на Царинската управа „14-ти април", доделени се:

- пригодни ковани пари – сребреник за 10 години стаж на 19 вработени,
- пригодни ковани пари – златник за 20 години стаж на 6 вработни,
- пригодни ковани пари – златник за 30 години стаж, на 1 вработен,
- пофалници, на 5 царински службеници ,
- царински плакети на 4 царински службеници,
- царински плакети на 7 надворешни организации и 9 физички лица ,
- парични награди за 3 најдобро изработени статии од студенти од високообразовни институции на тема ,,Границите разделуваат, Царината поврзува" и
- парични награди на 10 најдобри цртежи изработени од ученици од основни училишта на тема „Границите разделуваат, Царината поврзува".

Во 2012 година донесени се **59 одлуки за утврдување на зголемен износ во висина од 15% од основната плата** за тековниот месец за царински службеници поради особено ангажирање во извршувањето на работите и задачите од работното место или други определени работи и извршување на истите со особен квалитет, оствариле натпросечни резултати во работата односно работата ја извршиле со особен успех и квалитет.

9 Корисничко упатство за работа со софтверот за мерење на учинокот, Упатство за мерење на успешноста на дисциплинските постапки, Упатство за мерење на успешноста на кривичните пријави, Упатство за мерење на успешноста на барањата за поведување прекршочна постапка, Упатство за мерење на успешност на управните постапки, Упатство за мерење на успешноста во застапувањето пред судовите, Оперативна инструкција за системот на оценување на работата на царинските службеници, Оперативна инструкција за системот на самооценување на работата на царинските службеници

10 Правилник за начинот на унапредување на царинските службеници, Одлука за одредување на критериуми за избор на најдобра гранична и внатрешна царинска испостава, Упатство за начинот на доделување и замена на ознаката на чинот на царинските службеници, Упатство за доделување признанија

## НОВИ ПРОЕКТИ

Покрај досега спроведените реформи во областа на управувањето со човечки ресурси, Царинската управа во 2012 година започна и спроведува повеќе нови проекти, како што се следните:

- Подготовка на нов Правилник за систематизација на работните места;
- Донесување на План за имплементација на Компендиумот на СЦО за управување со човечки ресурси;
- Воведување на Изјава за безбедност при работа и елаборат за безбедност при работа;
- Обезбедување на ISO стандард за инвеститор во луѓето;
- Спроведување анкета за оценка на задоволството од услугите на Царинската управа;
- Донесување нов Правилник за униформи на царинските службеници;
- Донесување Упатство за работа на Одделението за обуки;
- Склучување на Меморандум за соработка за развој со Шведска;
- Воведување стандардни модули за спроведување менторство за секое работно место;
- Организација за спроведување на надлежностите на ЦУ како претседавач на поткомитетот за царина на ЦЕФТА;
- Воведување систем за следење на развојот на вработените и можноста за нивно унапредување;
- Воспоставување систем за периодична и вонредна проверка на знаењата на царинските службеници;
- Ревидирање на Упатството за работно време со прецизирање на лимитите на пријавени часови по основ работа во смени, ноќна работа и работа во празник/испитување на потребата од ново упатство за начинот на пријавување и евиденрирање на работните часови;
- Донесување Упатство за постапување во случај на привремена спреченост за работа/боледување;
- Воведување задолжителен минимален број за решавање на прекршочни предмети во текот на месецот и критериуми за успешноста на советниците при решавањето на предметите;
- Воведување квантитативни таргети за наплата на приходи по видови по царински испостави, царинарници, централна управа по месеци, квартално и годишно, како и уредување на обврската за администрирање и ажурирање на административната контрола на реализацијата (табели, извештаи, мерки идр.);
- Поставување на квантитативни таргети за работна изведба по организациони единици и принципи за распределба по вработени, како и администрирање на реализацијата на квантитативните таргети;
- Воведување на нов модул за електронско учење: Систем за контрола на движење на акцизни стоки - EMCS;
- Организација на меѓународна конференција за употребата на специјална опрема (вклучително и рентгенски апарати) за царинска контрола;
- Организација на меѓународна конференција за заштита на културното наследство и културна манифестација со Царината на Азербејџан, во соработка со Министерство за култура;
- Воведување на посебни истражни мерки за собирање на релевантни докази за коруптивно и незаконско однесување на царинските службеници;
- Спроведување само-проценка на одделни високоризични процеси подложни на корупција во севкупното работење на Царинската управа;
- Утврдување на критериуми и начин на спроведување на анкетите за мерење на перцепцијата за корупцијата на сите нивоа во Царинската управа (бенчмаркинг);
- Имплементација на Методологијата за релевантен статистички систем за мониторинг на антикорупциската политика, поврзување со националниот центар кој ќе раководи со добиените податоци од кои ќе произлегуваат соодветни анализи;
- Дополнување на упатството за работа на СПО со одредби за задолжителна проверка на квалитетот и примената на интерните контролни системи на организационите единици кои се предмет на внатрешна инспекција, а потоа и на сите други релевантни интерни акти;
- Обезбедување пристап на Државната Комисија за спречување корупција до електронската база на анкетни листови на царинските службеници, како и до други бази на податоци поврзани со работата на Комисијата и
- Дополнување на Упатството за работа на СПО со надлежностите на Одделението за интегритет.

## СИНДИКАЛНИ АКТИВНОСТИ

Самостојниот синдикат на Царинската управа во текот на 2012 година беше активен на повеќе полиња, и тоа: издвои еднократна парична помош за 13 вработени во Царинската управа, во повеќе наврати обезбеди билети за посета на културно забавни манифестации, активно учествуваше во донесувањето на измените на Колективниот договор на Царинската управа.

Самостојниот синдикат на Царинската управа, во 2012 година, ја продолжи традицијата на организирање на синдикални спортски игри. Игрите беа организирани во Охрид и се одвиваа во осум дисциплини: мал фудбал, кошарка, одбојка, стрелаштво, шах, пинг-понг, пикадо и влечење на јаже. На нив зедоа учество околу 220 цариници. Дружењето и соработката на вработените во Царинската управа преку спортски игри, придонесува за подобрување на комуникацијата и понатамошното градење и зацврстување на тимската работа.



# НАДЛЕЖНОСТИ И ОРГАНИЗАЦИЈА

Соодветната организациона поставеност претставува основа за извршување на законските обврски и надлежности на Царинската управа, како и за поедноставување на царинските постапки и намалување на трошоците на економските оператори. Во овој контекст, Царинската управа во претходните години имплементира повеќе системски решенија за поставување соодветна организација[11]. Како и во другите области, Царинската управа и во оваа област продолжи со реформските активности, при што дел од нив се реализираа во 2012 година, а дел се во постапка на реализација која треба да заврши во 2013 и наредните години.

Во согласност со насоките на Владата на Република Македонија, во 2012 година Царинската управа започна со активности за **имплементирање на стандардот за квалитет ISO 9001:2008.** Избраниот изведувач изврши првично снимање на состојбата на постоечките процеси во Царинската управа и за тоа достави извештај и акционен план со дефинирање на активностите за воведување, имплементација и контролирање на системот за квалитет, со дефинирани термини за реализација. Усвоениот акционен план за имплемнтација на стандардот за квалитет ISO 9001:2008 е во фаза на реализација.

## ОСНОВИ

**Правилникот за организација на работата во Царинската управа и Правилникот за систематизација на работните места** во 2012 година претрпеа неколку измени со цел реализација на проектот на Владата на Република Македонија – „Нема погрешна врата" и при тоа се направени организациони промени во Секторот за контрола и истраги со формирање на Служба за координација и комуникација и Служба за аналитика и статистика, а во Секторот за професионална одговорност е формирано ново Одделение за интегритет. Направени се и организациони промени во Кабинетот на директорот каде е формирано ново одделение со три служби: Служба за односи со јавност, Служба за коресподенција и административно технички работи и организациски работи и Служба за превод.

Во 2012 година е обновен **Комитетот за усогласување и следење на исполнувањето на препораките од царинските упатства (блупринти) на Европската комисијата** и донесен е **Деловник за работа на Комитетот**. Надлежноста на Комитетот е постојано следење на напредокот и ажурирање на состојбата во исполнувањето на препораките за секое упатство (блупринт) додека со деловникот се уреди начинот на работа на Комитетот како и правата и обврските на претседателот и членовите, начинот на работа и начинот на вршење стручни и административни работи поврзани со работата на Комитетот.

Кон крајот на 2012 година е донесено **Упатство за начинот на формирање и следење на работата на работните тела** со кое се пропишува начинот на формирање на работните тела, водење на евиденција, следење и информирање за работата и реализацијата на нивните задачи. Ова упатство се однесува и на постапката за номинирање на вработени лица во работни тела кои се формираат надвор од Царинската управа или номинирање на лица чии надлежности може да произлезат од закон, подзаконски акти или упатства.

## АДМИНИСТРАТИВНИ ПОСТАПКИ

Спроведувањето на административните постапки во Царинската управа е системски поставено, компјутеризирано и организирано со голем број на интерни акти и други документи[12]. Во 2012 година Царинската управа беше

[11] Деловник за работа на Колегиумот на Царинската управа, Деловник за работа на Комитетот за усогласување и следење на исполнување на препораките од царинските упатства (блупринти) на Европската Комисија, Упатство за интерен контролен систем во Царинската управа, Упатство за пребарување интерни акти, меѓународни царински термини и дефиниции во ЕДМС, Повелба за внатрешна ревизија, Упатство за депозитари на прописи во Царинската управа, Упатство за евидентирање и чување на историјата на Царинската управа, Упатство за начинот на формирање и следење на работата на работните тела,

[12] Барање за регистрација во Порталот за електронска комуникација на Царинската управа, Корисничко упатство за архивска обработка на електронски барања од странки, Корисничко упатство за архивска обработка на електронски барања, Корисничко упатство за доставување документи до корисниците преку интернет порталот, Корисничко упатство за електронско поднесување барања до Царинската управа, Корисничко упатство за евиденција на управни предмети во ЕДМС, Корисничко упатство за работа со посебен деловодник, Корисничко упатство за работа со ЕДМС за корисници на веб клиент, Корисничко упатство за евидентирање на административни такси, Корисничко упатство за веб скенирање на документи, Правила и услови за регистрација во Порталот за електронска комуникација со Царинска управа, Прирачник ЕДМС Веб портал – дигитално потпишување на документи, Прирачник за интерна комуникација помеѓу организационите единици во ЕДМС, Процедура за депозитар на документација, Упатство за за начинот и техниката на постапување со документарниот материјал и архивската граѓа во канцелариското и архивското работење во Царинската управа, Упатство за изглед и структура на документацијата во Царинската управа, Упатство за обработка на документи од вид фактури во ЕДМС, Упатство за подготовка на акти во Царинската управа, Упатство за работа со електронскиот систем за управување со документи, Упатство за работа со класифицирани информации, Упатство за работа со печатите и штембилите на Царинската управа, Корисничко упатство за работа со системот за интероперабилност, Упатство за користење на системот за информирање (нотификации) за промена на податоци на компании и статус на лица во истите, Упатство за вршење преводи во Царинската управа

посветена на законско и процедурално, оптимално спроведување на административните постапки и дополнително реформирање и унапредување на воспоставениот систем.

Во декември 2012 година се донесени првите акти кои произлегуваат од имплементацијата на ISO 9001:2008: донесено е **Упатство за изглед и структура на документацијата во Царинската управа** со кое се уреди изгледот и структурата на документацијата согласно барањата на стандардот за менаџмент со квалитет ISO 9001:2008 и **Процедура за депозитар на документација** со која се овозможува одобрување на соодветноста на интерните документи пред нивното издавање, преиспитување и ажурирање, ако е потребно и повторно одобрување на документите, идентификување на измените и важечкиот статус на изданието, осигурување на расположливоста на важечкото издание на секое место каде се користи документацијата и спречување на несакана употреба на неважечка документација и овозможување на нивна соодветна идентификација ако се задржани од било која причина.

Во ноември 2012 година Царинската управа донесе **Корисничко упатство за архивска обработка на електронски барања од странки**, кое има за цел системско уредување на евиденцијата на необработени барања (нови барања од кои не се креирани документи), обработени барања (барања кои се веќе процесирани), пратени пораки (доколку од истото поштенско сандаче се испраќа e_mail до соодветни лица за одобрување), како и други документи (листа на документи кои се креирани врз основа на пристигнатите барања).

Во декември 2012 година Царинската управа донесе **Корисничко упатство за работа со системот за Интероперабилност.** Системот Интеропреабилност е проект на Владата на Република Македонија според кој органите на државна управа по службена должност и електронски едношалтерски пат обезбедуваат документи од други органи на државната управа за сметка на надворешните корисници. Системот треба да го елиминира чекањето на шалтери и „тропањето“ на врата за обезбедување документи за вршење бизнис или други активности. Системот има карактер на Пилот проект, кој е во тек на натамошен развој, во кој учествуваат Царинската управа, Централниот регистар, Управата за јавни приходи, Катастарот на недвижности, Фондот за здравствено осигурување и др. Во оваа фаза, Царинската управа го користи системот за добивање информации при издавањето царински и акцизни дозволи, преземањето мерки за наплата на даночни побарувања, контроли и истраги итн. **Пристап во системот имаат 200 лица од Царинската управа, а до крајот на 2012 година за системот Интероперабилност е користен 4.554 пати.**

**Електронскиот систем за управување со документи (ЕДМС)**, воведен во 2009, а задолжителен од 2010 година, овозможува електронско движење на документите во Царинската управа. Преку овој систем во моментот се управуваат **повеќе од 180 работни процеси** (Workflow–WF), со преддефинирани деловни процеси, кои се произлезени од претходно направена анализа. Системот поддржува два начини на пристап од страна на крајните корисници: преку IBM Lotus Notes клиент и преку WEB пребарувач. **Во текот на 2012 година од страна на 1.161 корисници се креирани 73 илјади предмети и 186 илјади документи.**

## БЕЗБЕДНОСТ И КОМУНИКАЦИЈА

Покрај веќе поставените системски решенија за безбедност и комуникација во Царинската управа[13], во 2012 година преку видеоконференцискиот систем на Царинската управа **воведена е можност за видеоконференциско присуство на функционерите на органите на државна управа на седниците на Комисијата за економски систем и на седниците на Владата на Република Македонија.** Царинската управа инсталираше современа опрема за остварување на видеоконференциски повици, а со цел правилно ракување со оваа опрема, во септември 2012 година е донесено **Упатство за работа со системот за видеоконференција.** Во системот се **вклучени 200 корисници од органите на државната управа**, а до крајот на 2012 година се **реализирани 1.934 видеоконференциски присуства на седниците на Комисијата за економски систем и на Владата на Република Македонија**. Во рамки на Царинската управа во системот се **вклучени 50 корисници** кои во текот на 2012 година оствариле **1.545 видеоконференцски повици**.

[13] Правилник за формата, содржината и начинот на издавање и одземање на службената легитимација на царинските службеници, Прирачник за заштита од зрачење, Програма за радијациона заштита на мобилен систем рентген скенер MT1213LH, Упатство за работа со системот за видеоконференција, Упатство за начинот на издавање и одзедмање на службената легитимација на царинските службеници, Упатство за обезбедување на имот и лица во Царинската управа, Упатство за постапување при откривање на опасни и штетни материи, Упатство за постапување со комунален отпад и други видови неопасен отпад, Протокол за прием и одржување состанок со високи претставници на домашни и странски институции и организации, Упатство за постапување по направена штета од возила на граничен премин или царински терминал, Прирачник за електронски дневник за дневни активности на Одделението за координација и комуникација, Упатство за работа на Одделението за координација и комуникација, Упатство за работа при детектирање на зголемено ниво на јонизирачко зрачење, Деловник за работа на Комисијата за радиоактивна контрола, Упатство за работа со радиокоминикацискиот систем на Царинската управа, Упатство за работа со ситемот за видеоконференција, Упатство за работа со CCTV системот за видеонадзор, снимање и трансмисија на Царинската управа, Упатство за работното време во Царинската управа, Упатство за заштита и постапување во случај на пожар

Во мај 2012 година е донесено **Упатство за начинот на издавање и одземање на службена легитимација на царинските службеници**, со кое се пропишува начинот на издавање и одземање на службената легитимација на царинските службеници и водењето на евиденцијата на издадените и одземените службени легитимации. Формата, содржината и начинот на издавање и одземање на службената легитимација се пропишани со **Правилник за формата, содржината и начинот на издавање и одземање на службената легитимација на царинските службеници** („Сл.весник на РМ" бр.159/2011).

Согласно одредбите од Законот за здравствена заштита за безбедност при работа**, Царинската управа во 2012 година набави дефибрилатори и организираше обука за користење и управување со дефибрилатор.** Во 2012 година Царинската управа донесе **Планови за заштита и спасување за сите организациони единици, поединечно.**

Во 2012 година Царинската управа **го надгради системот за видео надзор** во делот на поставување на надзор на места каде се врши преглед, но и во испостави кои досега не беа покриени со ваков систем и дислокација на камерите со цел подобрување на видеонадзорот. Надградбата на системот ќе продолжи и во текот на 2013 година.

## ИКТ ПОДДРШКА

ИКТ претставува основа за развојот на Царинската управа. Во досегашниот период се вложени огромни ресурси во развојот на хардверска, комуникациска и апликативна поддршка во имплементацијата на обврските и надлежностите на Царинската управа, како и нивна систематска организирана примена[14]. Вложувањата во ИКТ се неминовност, како за спроведување на националните барања, така и за исполнување на условите за членство во ЕУ и учество и работа во регионалните и други меѓународни асоцијации и организации.

Со цел да се овозможи навремено превземање на соодветни мерки со кои ќе се спречи евентуална намалена функционалност или прекин на достапност на овие системи, во мај 2012 година, Царинската управа донесе **Упатство за превентивно одржување на ИКТ системите**, со кое се утврдуваат постапките за континуирано следење, контрола, проверка и одржување на ИКТ системите и помошната опрема потребна за обезбедување на нивна непрекинатост.

Во ноември 2012 година е донесено **Упатство за обезбедување непрекинатост на деловните процеси во случај на технички проблеми поврзани со системот за процесирање на царински декларации – МАКЦИС**. Со ова упатство се уредува начинот на постапување во случај на сериозни технички проблеми подолги од 2 часа во функционирањето на системот за процесирање на царински декларации со цел да се обезбеди непрекинатост на деловниот процес и постапување со документи во хартиена форма во царинските постапки на извоз и транзит на стоки. Упатството ги утврдува одговорностите за иницирање на алтернативна хартиена постапка, информирање на засегнатите страни, правилата за процесирање на царинските декларации при примена на алтернативна хартиена постапка и правилата за внес на податоците во системот МАКЦИС по надминувањето на техничкиот проблем.

На крајот на 2012 година, во Царинската управа во функција беа **43 апликации**, поддржани со масовна хардверска и комуникациска опрема. Нивното користење е уредено со упатства, прирачници и стандардни оперативни процедури. За секоја апликација се назначени функционални проект менаџери и ИКТ инженери одговорни за техничка поддршка. Просечната достапност на ИКТ системите и апликациите изнесуваше 99.7%, со што е постигната поставената цел од 99,5%.

[14] Администраторско упатство за работа со портал за електронска комуникација, Корисничко упатство за електронско потпишување на документи, Корисничко упатство за промена на лозинка на веб страницата на Царинската управа, Национален проектен план за имплементација на заедничкиот транзитен систем, Правила за работа на ЕДМС Хелпдеск системот, Прирачник за управување со проекти, Програма за обезбедување непрекинатост на ИКТ системите во Царинската управа, Стратегија за ИКТ развој на Царинската управа, Стратегија за имплементација на заедничкиот транзитен систем на ЕУ во Република Македонија, Упатство за работа со активна, пасивна и трајна база во ЕДМС, Упатство за евиденција на апликациите и ИКТ опремата во Царинската управа, Упатство за обезбедување непрекинатост на деловните процеси во случај на технички проблеми со системот за процесирање на царински декларации – МАКЦИС, Администраторско упатство за подесување на можностите за автоматски нотификации, Упатство за постапување со ИКТ системите од аспект на ИКТ безбедноста, Упатство за превентивно одржување на ИКТ системите, Упатство за начинот и условите за пристап во ИКТ системот на Царинската управа, Упатство за управување со животен циклус на апликации и ИКТ системи, Упатство за обезбедување непрекинатост на ИКТ системите надвор од работното време

| СОФТВЕРСКИ АПЛИКАЦИИ НА ЦАРИНСКА УПРАВА | | | |
|---|---|---|---|
| Назив на апликацијата | | Број на корисници | Број на пристапи |
| 1 | ASYCUDA - Систем за обработка на царински декларации | 2.132 | 2,047,812 |
| 2 | EXIM - Електронски систем за издавање на увозни и извозни дозволи | 3.540 | 69.701 |
| 3 | EXIM - Електронски систем за тарифни квоти | 3.540 | 3.937 |
| 4 | EXIM - Електронски систем за транзитни дозволи | 634 | 8.294 |
| 5 | ЕДМС - Електронски систем за управување со документи | 1.161 | 325.424 |
| 6 | ПЕК - Портал за електронска комуникација со надворешни корисници | 350 | 15.391 |
| 7 | Интернет портал на Царинска управа | 163.148 | 1,868,907 |
| 8 | Интранет портал на Царинска управа | 1.161 | 1,652,316 |
| 9 | LUCA - Систем за управување со човечки ресурси и евиденција на финансиско и материјално работење | 115 | 84.239 |
| 10 | Систем за евиденција на дисциплински мерки | 73 | 31 |
| 11 | Национална база за царинска вредност | 1.161 | 1.398 |
| 12 | Царински форум | 1.161 | 786 |
| 13 | Разузнавачка база на податоци | 38 | 3.544 |
| 14 | Разузнавачка база за евидентирање на предмети | 10 | 1.297 |
| 15 | TRACKER - Систем за евиденција на управувањето на стоки со двојна намена | 11 | 2 |
| 16 | ANPR- Следење на регистарски таблици | 30 | 1,732,388 |
| 17 | Систем за евиденција на кривични пријави | 8 | 103 |
| 18 | Систем за евиденција на заплени | 11 | 721 |
| 19 | CASE DB - База за менаџирање на податоци | 19 | 1.078 |
| 20 | Девизни контролници | 418 | 515 |
| 21 | CEMC- Систем за електронска размена на пораки во југоисточна европа | 202 | 1.511 |
| 22 | Систем за наплата | 701 | 251.187 |
| 23 | E- Lohn Систем за Размена на податоци со иматели на одобренија | 197 | 359 |
| 24 | Систем за следење на возила со GPS | 36 | 291 |
| 25 | Посебна евиденција за потребите на Одделение за разузнавање | 12 | 1.484 |
| 26 | Евиденција за прием на странки | 12 | 56 |
| 27 | Хелп деск | 5 | 3.560 |
| 28 | Евиденција на работно време | 1.161 | 977.387 |
| 29 | E-Learning | 446 | 4.408 |
| 30 | Систем за евиденција на одложена наплата на царински долг - модул за одобренија | 927 | 361 |
| 31 | Систем за евиденција на одложена наплата на царински долг - модул за гаранции | 12 | 1.586 |
| 32 | SEED 2 - Систем за размена на електронски податоци со соседни држави | 83 | 198.252 |
| 33 | СИМ - Систем за информирање на менаџментот | 645 | 39.477 |
| 34 | СИМ- модул за електронско издавање на ТИР сертификати | 645 | 582 |
| 35 | СИМ- модул анализа на ризик и резултати од извршени контроли | 645 | 30.459 |
| 36 | СИМ- модул обем на работа | 645 | 9.977 |
| 37 | СИМ- модул база на царински обврзници | 645 | 37.809 |
| 38 | СИМ- модул за акцизи | 645 | 5.508 |
| 39 | ЕДДА - електронски дневник на дневни активности | 645 | 10.583 |
| 40 | ЦЛО - Централна листа на осомничени | 73 | 632 |
| 41 | СИМ- модул надзор на пазарот | 645 | 220 |
| 42 | БОРДЕР - Електронски контролник за затворање на царински постапки | 927 | 657.021 |
| 43 | Систем за таргетирање на различн и профили и стоп листи | 927 | 4.236 |

Во септември 2012 година е **изменето и дополнето Упатството за постапување со ИКТ системите од аспект на ИКТ безбедноста.** Измените и дополнувања се однесуваат на управувањето со кориснички имиња и привилегии за пристап до ИКТ системите на Царинската управа, правата за користење на далечински пристап (VPN) до ИКТ системите за внатрешни и надворешни корисници, заштита од вируси и одговорноста на корисниците на ИКТ системите и опремата во однос на ИКТ безбедноста.

Во септември 2012 година е изменето и дополнето **Упатството за управување со животен циклус на апликации и ИКТ системи** во кое се дополнува методологијата за управување со животен циклус на апликации и ИКТ системи со нова фаза за прекинување на користење на апликација. Потребата за оваа фаза произлегува од постојаното менување и надградување на постоечките апликации и ИКТ системи или развивање на нови со кои одредени апликации целосно се заменуваат со нови. Исто така, направено е дополнување со кое се уредува работата и членовите на Комитетот за управување со животен циклус на апликации и ИКТ системи.

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Царинската управа има воспоставено системски механизми за обезбедување транспарентност во својата работа и перманентна комуникација со јавноста[15]. Во 2012 година Царинската управа максимално ги користеше воспоставените механизми и работеше на нивна стабилизација и обзнанување, како што е **прикажано во поглавјето „Транспарентност и соработка во областа на царината" од овој Извештај**.

## УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ И НЕФИНАНСИСКИ РЕСУРСИ

Правилната организација на работата и соодветната административна поддршка претставуваат основа за рационално користење на ресурсите и ефикасно спроведување на царинските надлежности. Управањето со финансиските[16] и нефинансиските ресурси[17], со цел обезбедување непречено извршување на надлежностите и обврските на Царинската управа, е уредено со голем број интерни акти, какво во поглед на планирањето на финансиските ресурси, користењето и контролата на расходите. Покрај системските решенија воведени во претходните години, во 2012 година Царинската управа продолжи со унапредување на системите и процедурите за управување со сите видови на ресурси во сите области.

Во ноември 2012 година е донесено ново **Упатство за планирање и извршување на финансиски план, план за набавки и план за инвестиции на Царинската управа,** во чии рамки се дефинирани програми кои ги претставуваат стратешките приоритети на Царинската управа. Целта на програмското буџетирање е да се зголеми транспарентноста, ефикасноста и ефективноста на трошењето на јавните расходи. Овој метод на буџетирање овозможува планирање на јавните финансии во согласност со приоритетите и на подолг рок, подобрување на отчетноста, како и поточна проценка на употребата на јавните средства.

Согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола донесен е **План за воспоставување и развој на финансиско управување и контрола.** Со реализацијата на овој План ќе се унапредат постоечките и ќе се воведат нови критериуми за правилно и ефикасно спроведување на процесот на контрола. Развивање на техниките на контрола и воведување на компјутерски контроли води кон зголемување на нивото на транспарентноста што воедно претставува и основа за рационално користење на ресурсите и ефикасно спроведување на работните процеси.

Во 2012 година е донесено ново **Упатство за вршење на службени патувања во Царинската управа, со кое покрај другото, се уредува начинот на евидентирање и користење на бонуси од службени авионски летови** и начинот и постапката на утврдување на надоместоците на царинските службеници при нивно распоредување на работно место различно од местото на живеење.

**Во 2012 година подготвено е и корисничко упатство за ERP софтверот – Модул за следење на реализација на договори за јавни набавки** кој овозможува евидентирање на склучените договори за јавни набавки по добавувач и следење на нивната финансиска и количинска реализација.

Истовремено, Царинската управа донесе и **Прирачник за начинот на евиденција, пресметка и наплата на престој на терминал,** со кој се уредува начинот и постапката за пресметка и наплата на престој на терминал за возила кои учествуваат во царинската постапка, за утврдено фиксно времетраење без надоместок на периодот на престој на возила во терминал од 4 часа.

15 Граѓански дневник на Царинската управа, Програма за публикување на месечно списание „Царина", Стратегија за односи со јавност, Упатство за постапување со формуларите од граѓанскиот дневник за оценување на услугите кои ги врши Царинската управа, Упатство за начинот и постапката на објавување содржини на интернет страницата и интранет порталот на Царинската управа, Упатство за постапување по претставки и предлози во Царинската управа, Упатство за практикантска работа во Царинската управа, Упатство за работа со отворената царинска линија 197

16 Корисничко упатство за работа со софтверот – Модул за буџет, Сметководствени правила за евидентирање на залихи во Царинската управа, Упатство за ликвидирање сметководствени документи во Царинската управа, Корисничко упатство за ERP софтверот – Модул за финансова оператива, Корисничко упатство за работа со софтверот – Модул за главна книга, Корисничко упатство за работа со софтверот – Модул за плати, Корисничко упатство за работа во систем „Наплата" – Модул за приливи и одливи, Корисничко упатство за работа во систем „Наплата" – Модул за депозити, Корисничко упатство за работа во систем „Наплата" – Модул за гаранции, Корисничко упатство за работа во систем „Наплата" – Модул за дополнително пресметан царински долг, Корисничко упатство за работа во систем „Наплата" – Модул за распоред на средства, Корисничко упатство за работа во систем „Наплата" – Модул за реферати на наплатени приходи со потврди за плаќање на давачки, Корисничко упатство за работа во систем „Наплата" – Модул за враќање на средства, Корисничко упатство за работа со софтвер – Модул за патни налози, Прирачник за работа со Модул Гаранции од апликацијата за евиденција на одложена наплата на царински долг, Упатство за користење на буџетски средства наменети за репрезентација, Упатство за користење на службени мобилни телефони во Царинската управа, Упатство за користење на системот за контрола и лимит на фиксните телефони, Упатство за наплата на надоместок за престој на царински терминал, Упатство за постапување со уплати на евидентната сметка на Царинската управа, Упатство за начинот на пресметка на компензаторна давачка, компензаторна камата и казнена камата, Упатство за постапка за издавање решение за утврдување на право на надоместок за закупнина на стан, Упатство за вршење службени патувања во Царинската управа, Корисничко упатство за ERP софтверот – Модул за план за јавни набавки, Упатство за јавни набавки, Упатство за подготвување и извршување на финансискиот план, Планот за инвестиции и Планот за набавки, Упатство за вршење набавки во Царинската управа, Решение за формирање Комисија за управување со средствата и обврските на Царинската управа, Деловник за работа на Комисијата за управување со средствата и обврските на Царинската управа, Упатство за работа со софтверот за материјално и финансико работење, Основни сметководствени политики на Царинската управа, Сметководствени правила за евидентирање донации во Царинската управа, Упатство за начинот и постапката за задржување на средства од платата на вработените, Корисничко упатство за затварање влез во царински терминал со алтернативни докази.

17 Корисничко упатство за работа со ERP софтверот – Модул за евиденција на основни средства, Корисничко упатство за работа со софтверот за фактурирање на закупнини, Корисничко упатство за работа со софтверот за евиденција на лабораториски материјали, Корисничко упатство за работа со софтверот на попис на основни средства, Оперативна инструкција за начинот на вршење попис и усогласување Упатство за начинот и постапката за издавање под закуп на деловен и рекламен простор на граничните премини за патен сообраќај, Упатство за користење и управување службени возила на Царинската управа, Корисничко упатство за работа со софтверот за евиденција на запленета стока, Корисничко упатство за ERP софтверот – Модул за евиденција на потрошен материјал, Упатство за Упатство за начинот на постапување со одземени и стоки отстапени во корист на државата

## ПЛАНИРАНИ И ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ

Покрај донесените системски решенија, Царинската управа во 2012 година започна и работи и на други проекти за унапредување на својата организација во насока на поефикасно извршување на своите надлежности. Во тек се или е планирано донесување на:

- Упатство за подготовка и следење на реализацијата на стратегии и планови
- Упатство за работа на Царинската управа во кризна состојба
- Консолидација и виртуелизација на хардверските платформи
- Унапредување на постапката за управување со ИКТ проблеми (Problem management)
- Надградба на оперативните системи на корисничките компјутери на windows7
- Овозможување на електронска евиденција на заклучоци (промени на податоци во ЕЦД)
- Регулирање на условите и обврските на организационите единици во однос на испораката на ИТ услугите
- Воведување на процес за управување со конфигурации (Configuration management)
- Унапредување на контролата и управувањето со дистрибуираната ИКТ опрема
- Унифицирање на техничките барања за базите на податоци
- Обезбедување можности за меѓусебна замена на платформите,
- Објавување сумарни квартални извештаи за работата на EXIM на веб страницата на Царинската управа за обемот на издадени дозволи и просечното време на издавање на дозволите преку EXIM, најдоцна до 10-ти наредниот месец по завршување на тековниот квартал
- Воспоставување систем за објавување квартални извештаи за издадени дозволи во EXIM, според вид и издавач
- Упатство за администрирање, чување и детална вонбилансна евиденција на сите видови банкарски гаранции и други видови на обезбедување (хипотека, залог идр.)
- Подготовка на сметководствена евиденција на приходите согласно правилата на ЕУ
- Упатство за пријавување и евидентирање на процесни трошоци во судски постапки
- Публикување, објавување и промовирање на правата на граѓаните и клиентите во однос на роковите и други законски одредби според кои мора да постапува Царинската управа (поврзување со Граѓански дневник)
- Објавување на податоците за увоз на возила во нови формати (CSV, html, XML)
- Подготовка и донесување на акт за уредување на работата на меѓуресорски координатори, офицери за врски и други индивидуални ангажамани на вработените во и надвор од Царинската управа и Република Македонија
- Упатство за формата и содржината на извештаите, надлежностите и роковите за нивно доставување во Царинската управа
- Уредување за бројот на печатени оригинални примероци и копии по видови на документи кои се обработуваат во ЕДМС во Царинска управа.

# ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ

Царинската управа и во 2012 година продолжи со активности за натамошно олеснување и забрзување на царинските постапки, а со тоа и на вкупните економски активности во државата. Важна улога во овој процес имаше **Комитетот за поедноставување и забрзување на царинските постапки,** кој на редовна основа ја анализира регулативата, меѓународно прифатените стандарди и договори и нивната практична примена, како и организациската поставеност за спроведување на постапките за увоз, извоз и транзит и предлага мерки за олеснување и забрзување на трговијата и транспортот. Комитетот ја следи реализацијата на националното законодавство и интерните акти на Царинската управа, ја унапредува соработката со Советодавното тело и предлага мерки за поедноставување и забрзување на царинските постапки. Во ноември 2012 година е донесен нов **Деловник за работа на Комитетот за поедноставување и забрзување на царинските постапки со кој се уреди начинот на работа на Комитетот** како и правата и обврските на координаторот, заменик координаторот и членовите, и начинот на вршење стручни и административни работи поврзани со работата на Комитетот.

## ПОЕДНОСТАВУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ И АКЦИЗНИТЕ ПОСТАПКИ

Царинските постапки за извоз[18], увоз[19], транзит[20], царински постапки со економски ефект[21], поедноставени царински постапки, заштита на права од интелектуална сопственост, како и издавањето на разни царински и акцизни лиценци[22] и одобренија е регулирано со повеќе интерни акти. Врз основа на анализите, согледувањата и соработката со бизнис заедницата, Царинската управа во 2012 година продолжи со воведување нови и ревидирање на постоечките процедури за поедноставување на царинските постапки.

Во март 2012 година Царинската управа донесе **Упатство за оценување на критериумите за висината на износот на општата гаранција.** Намален износ или изземање од обврска за поднесување на гаранција се одобрува за царинско складирање и увоз за облагородување со систем за одложено плаќање, на економски оператори кои располагаат со задоволителен систем за управување со комерцијална и транспортна евиденција, како и доколку се докажано солвентни.

Во април 2012 година Царинската управа донесе **измена на Упатство за начинот и постапката на одобрување на одложување на плаќање на царинскиот долг**, со што се овозможува употреба на една иста гаранција за обезбедување на плаќањето на царинскиот долг, без разлика дали станува збор за одложено плаќање до 30 дена или за редовен рок на плаќање до 10 дена.

Во јуни 2012 година Царинската управа донесе **Упатство за издавање и употреба на задолжителна информација за потекло (ЗИП[23]).** Упатството ја уредува постапката за издавање на ЗИП, утврдувањето на потеклото на стоката со цел издавање на ЗИП, постапување при извозно царинење на стоката за која е издадена ЗИП и евидентирање на примените барања и издадените ЗИП.

Во септември 2012 година, Царинската управа донесе **Упатство за прием на царинска декларација пред ставање на стоката на увид.** Со упатството се уредуваат начинот и постапката за прием и проверка, преглед и проценка на документите поврзани со стоката која треба да влезе или излезе од царинското подрачје на Република Македонија, како и проценка на ризикот, пред стоката да биде ставена на увид кај царинските испостави на влез/излез. Со ова се обезбедуваат услови за побрзо и поефикасно спроведување процесирање на царинските формалности на граничните премини.

---

[18] Упатство за начинот и постапката за издавање на одобрение за одобрен извозник согласно спогодбите/договорите за слободна трговија, Упатство за начинот и постапката за овластување на печатници за печатење и дистрибуција на ЕУР обрасци, Упатство за начинот за работа со царински пломби

[19] Упатство за начинот и постапката за одобрување на одложување на плаќање на царински долг, Упатство за спроведување царинска постапка при привремен увоз на стока за ловниот туризам, Упатство за примена на Законот за лекови и медицински помагала, Упатство за примена на Законот за ветеринарно здравство,

[20] Прирачник за користење на апликацијата за увоз и транзит на пратки домашни миленици кои не се наменети за трговија, Упатство за транзитна постапка Б - 1

[21] Упатство за издавање на одобрение за користење на методот на сметководствено раздвојување, Корисничко упатство за работа со web апликацијата за обработка на барање за одобрение за увоз за облагородување

[22] Упатство за начинот и постапката за издавање на акцизна дозвола, Упатство за издавање на одобрение за акцизно повластено користење, Корисничко упатство за користење на информациониот систем „Данис". Упатство за враќање на платена акциза на посебните субјекти, Упатство за начинот и постапката за враќање на акциза за употребен течен нафтен гас (ТНГ) во процес на производство

[23] ЗИП, на производителот на одредена стока му се овозможува да добие потврда за статусот на потекло на произведената стока со цел: поедноставување на постапката на издавање или изготвување на доказите за потекло (ЕУР.1, ЕУР-МЕД, изјава во фактура или изјава во фактура ЕУР-МЕД); обезбедување на правилна и еднообразна примена на правилата за потекло, како и обезбедување на соодветна правна гаранција за потеклото на стоката во периодот на важење на ЗИП.

Во септември 2012 година Царинската управа донесе **Упатство за примена на законот за превоз во патниот сообраќај,** со кое се уредуваат овластувањата, надлежностите и постапките на царинските службеници при вршењето надзор на превоз на патници и стоки во меѓународниот патен сообраќај.

**Во јануари 2012 година Царинската управа ја воведе IPM-Interface Public Members на СЦО[24],** при што е одобрен пристап на околу 200 царински службеници, со можност за зголемување. IPM на носителите на правата им обезбедува можност да објавуваат информации кои се однесуваат на борбата против фалсификувањето, а на царинските службеници обуки за специфични производи регистрирани од носителите на правата, која што се спроведува во реално време. Со цел постигнување на поголеми резултати во борбата против фалсификатите и пиратеријата, во втората фаза од проектот, Царинската управа изврши и презентација на оваа платформа пред Советодавното тело, со цел пошироко запознавање со нејзините технички можности и предности, како и начинот на кој можат и членовите на Стопанските комори да пристапат кон истата. Покрај ова, во рамки на ИИС[25], **во крајна фаза е изработка на софтвер за следење на сите податоци поврзани со регистрираните трговски марки** (слики, презентации, рок на важење) за кои се поднесени барања за заштита во Царинската управа и следење на сите случаи во царинската постапка за кои постои сомневање дека стоката повредува право од интелектуална сопственост, како и можност за навремен преглед на извештаи во однос на работењето со овие предмети.

Како и секоја година, Царинската управа подготви **Водич за царинење на стоки 2013,** кој е бесплатно достапен на интернет страната на Царинската управа. Покрај податоците од Царинската тарифа во него се инкорпорирани и преференцијалните давачки согласно договорите за слободна трговија, ДДВ стапките, акциза и пропишаните нетарифни мерки. **Царинската тарифа за 2013 на англиски и македонски** е објавена на веб страната на Царинската управа, заедно со корелациони табели за користење на Царинската тарифа 2013/2012 и 2012/2013.

При преземањето на администрирањето на акцизи на целата територија на Република Македонија, Царинската управа, го презеде и тековното софтверско решение од Управата за јавни приходи **- ДАНИС“,** но без нови инсталации, односно само со поставување на клиентските инсталации во работна околина на Царинска управа. Во јануари 2012 година Царинската управа донесе **Корисничко Упатство за работа со информацискиот систем „ДАНИС“** со кое се уредуваат начинот и надлежностите на Царинската управа за преглед, обработка и евидентирање на податоци за издадени акцизни дозволи и одобренија за акцизно повластено користење, акцизни пријави и извршени уплати на акциза. Бидејќи постоечката апликација не ги задоволува потребите за сеопфатно администрирање на акцизите, а нејзин понатамошен развој не е можен, наметната е потреба за развој на **софтверско решение за администрирање на акцизите** како времено решение кое ќе се користи додека не се изработи и стави во функција СОЦДАД[26]. Реализацијата на софтверското решение за администрирање на акцизите се одвива во рамки на договорот за надградба на ИИС Покрај ова, во завршна фаза е и развојот на **софтверска апликација за следење на процесот на складирање на репроматеријал, печатење и испорака на контролните марки за одбележување на тутунски и алкохолни производи**.

Покрај реформите реализирани во 2012 и претходните години, Царинската управа во 2012 година започна и во тек е реализација на повеќе проекти за олеснување и забрзување на царинските постапки, меѓу кои и следните: 1) ново упатство за транзит, 2) ново упатство за гаранции во транзитна постапка, 3) упатство за примена на територијалните услови согласно Спогодбите/Договорите за слободна трговија, 4) методологија за планирање на јавните приходи врз кои Царинската управа врши администрирање и контрола на наплатата, 5) упатство за испитна постапка и наплата во транзитна постапка, 6) ново упатство за транзитна постапка во железнички сообраќај, 7) уредување на работата на националните координатори за транзит, 8) Методологија за преглед на лицата овластени да користат TIR, 9) нова категоризација на граничните премини за секој вид на транспорт, 10) започнување со реконструкција на ГП Табановце (ИПА проект), 11) започнување со реконструкција на ГП Богородица (финансирање од ЕУ), 12) започнување со реконструкција на ГП кон Република Бугарија (финансирање од ЕУ), 13) започнување со реконструкција на ГП Ќафасан (ИПА проект), 14) подготовка на методологија за мерење на времетраењето за спроведување на постапките на ГП од страна на сите учесници, 15) уредување на постапката за увоз и царинење на мостри, 16) упатство за начинот и постапката за примена на методите за царинска вредност, 17) упатство за утврдување на елементи кои се опфатени и не се опфатени во царинската вредност, 18) упатство за издавање на ЗТИ, 19) упатство за примена на царинската тарифа во царинска постапка, 20) упатство за спроведување на постапка за сукцесивен увоз, 21) упатство за постапување со доказите за преференцијално потекло, 22) упатство за начинот на утврдување на долгот, роковите, евидентирање и доставување решение за дополнително наложен царински долг и наплата, 23) воведување стоково царинење за увоз на ЦИ Табановце автопат, 24) обезбедување внатрешна интероперабилност на интерни и екстерни царински документи, 25) упатство за овластен економски оператор, 26) ревидирано упатство за поедноставени царински постапки, 27) упатство за наплата на надоместок согласно Законот за тутун и тутунски производи, 28) упатство за наплата на

[24] Светска Царинска Организација
[25] Интегриран информативен систем
[26] Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи

надоместокот на тутунски производи согласно Законот за здравствена заштита, 29) уредување на начинот и постапките за наплата на надоместоци на цигари, 30) ревидирање на формата и содржината на сите видови барања од Царинската управа, 31) дефинирање на сет на податоци и начин на размена преку веб сервиси во рамки на системот за интероперабилност, 32) воведување на единствено и едно доставување на документ за сите царински постапки со важност во цела Царинска управа, 33) упатство за постапка на уништување на стока под царински надзор (посебен акцент на уништување на споредно добиени производи во постапка на привремен увоз поради облагородување), 34) воспоставување на концепт за подготовка и објавување на извештаи за обемот и просечното време на издавање на дозволите, 35) измена на Упатство за начинот на постапување со одземени и отстапени стоки во корист на државата, 36) упатство за припрема, донесување, евидентирање, известување следење на примената на меморандуми, договори и други билатерални и мултилатерални документи за царинска и друга соработка со домашни и странски ентитети, 37) воспоставување и публикување база на податоци на најчесто правени грешки и пропусти при спроведување на царинските постапки и царинскиот надзор, 38) упатство за составот и опфатот на Царинската тарифа и начин на нејзино усогласување и изменување, 39) месечен билтен на нови и изменети законски и подзаконски акти поврзани со работата на Царинската управа, 40) воведување интерна операбилност на интерни и екстерни документи за спорведување н царински постапки, итн.

## УСЛОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ФОРМАЛНОСТИ



Од јануари 2012 година, **на ГП[27] Табановце (кон Србија) е овозможено целосно извозно царинење.** Досега на овој ГП се **извршуваа само транзитни формалности и патнички промет. Воведувањето на извозното царинење на овој ГП, каде што гравитира голем дел од македонскиот извоз, кој работи 24 часа секој ден во неделата, вклучително и за време на празници и без наплата на надоместок за престој во терминал, овозможува намалување на трошоците на економските оператори и подобро планирање на нивните деловни активности. Покрај ова, во април 2012 година обезбедени се и нови деловни простории за работа на царинските службеници и за сместување и транспарентен пристап на превозниците, економските оператори и царинските застапници.**

Во февруари 2012 година, во соработка со Македонски Железници - Инфраструктура, **отворена е нова ЦИ[28] за спроведување царински постапки во железничкиот сообраќај** во индустрискиот дел на Скопје, каде што се лоцирани голем дел од царински и други складишта, индустриски објекти и други ЦИ, и каде што се обезбедени целосни услови за вршење физичка контрола. Истовремено, укината е ЦИ Железничка станица Трубарево, оддалечена 20-тина километри од Скопје. Со ова е овозможено побрзо, поефикасно, поефтино спроведување на царинските постапки во железничкиот сообраќај, како и поефикасно спроведување на царинскиот надзор.

Во октомври 2012 година, **на ГП Ќафасан Царинската управа воведе извозно царинење** на лесно расиплива стока и стока која е едноставна за физички преглед. Царинењето се врши 24 часа секој ден, без наплата на надоместок за престој во царински терминал, односно царинењето се врши на самата лента за излез од Република Македонија, што секако треба да претставува голема поволност за извозно ориентираните економски оператори интензивно да ја користат оваа можност.



Со цел да се елиминира непотребното дуплирање на царинските постапки и транзитирање на нецаринета стока низ царинското подрачје на Република Македонија, во 2012 година **престана со работа ЦИ Пошта Битола**. Сите царински формалности во поштенскиот сообраќај се спроведуваат во ЦИ Пошта Скопје, каде што и досега доаѓаа и се обработуваа сите поштенски пратки од странство.

Во мај 2012 година, **на ЦИ Богородица** (кон Грција), која заедно со ЦИ Табановце, претставува најфрекфентна царинска испостава, Царинската

[27] Граничен премин
[28] Царинска испостава

управа обезбеди **нови транспарентни услови за директна отворена комуникација со економските оператори**, превозниците и царинските застапници. Изградени се отворени шалтери и простории за престој на странките.

Со оглед на зголемениот интерес за увоз на возила, а со цел забрзување на царинските постапки**, во 2012 година Царинската управа го зголеми на 20 бројот на ЦИ во кои може да се спроведува увозно царинење на возила**.

Кон крајот на 2012 година Царинската управа подготви **ново Упатство за минималните услови и начинот на определување на работниот простор каде стоката во товарни моторни возила се става на увид и се врши преглед од страна на царинските органи** (после усогласувањето во рамки на Советодавното тело, истото е донесено во февруари 2013 година), кое има за цел да обезбеди поголема конкуренција и поповолни услови за спроведување на царинските постапки, намалување на трошоците за економските оператори и вршење поквалитетен царински надзор.

# Е _ ЦАРИНА

## НОВ СОФТВЕР ЗА ОБРАБОТКА НА ЦАРИНСКИ ДЕКЛАРАЦИИ

Во мај 2012 година Царинската управа склучи договор со најдобриот понудувач и започна со **развој на нов софтвер за обработка на царински и акцизни документи (CDEPS)[29].** Новиот CDEPS ќе обезбеди интероперабилност и интерконекции со царинските информатички системи на ЕУ, управување со царинските декларации и акцизните документи (поднесување, евидентирање, прифаќање, обработка, архивирање), контрола на движењето на акцизните добра и царинските стоки преку размена на стандардизирани електронски пораки со економски оператори, ефикасност во спроведување на контролите околу наплатени и вратени царински давачки, акцизи, такси и други давачки, олеснување на трговија преку забрзан проток на стока, подобрување на безбедноста на синџирот на снабдување, согласно стандардите на ЕУ и СЦО. Новиот CDEPS ќе ги обезбеди сите предуслови за целосно електронско работење, со што ќе се унапреди и забрза царинската постапка и ќе се намалат тошоците на економските оператори**. Истовремено, новиот CDEPS треба да обезбеди поврзување со царинските информатички системи на ЕУ** (пред сè со Увозниот контролен систем – ICS, Извозниот контролен систем – ECS и Интегрираната тарифна околина на ЕУ – ITE).

Во меѓувреме, со цел да им се помогне на надворешните корисници во однос на промените што треба да ги направат по миграцијата од еден на друг провајдер во рамки на тековниот СОЦД – ASYCUDA, Царинската управа подготви два прирачници од информативен карактер и тоа: **Прирачник за промена на IP адресите на VPN корисниците кај државните органи** и **Прирачник за промена на име на сервер на АСИКУДА клиент за корисниците од надворешниот домен**.

## EXIM

Електронскиот систем за издавање увозни и извозни дозволи и тарифни квоти - EXIM е достапен на web страницата на Царинската управа од ноември 2008 година и оттогаш наваму масовно се користи од економските оператори (работата на EXIM е уредена со повеќе интерни акти на Царинската управа[30], како и со Уредба донесена од страна на Владата на Република Македонија).

СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТА НА EXIM

| Опис | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|
| Број на инволвирани државни институции | 15 | 15 | 16 | 16 |
| Број наекономски оператори корисници | 300 | 520 | 1.857 | 3.540 |
| Издадени увозни, извозни и транзитни дозволи | 28.614 | 52.118 | 66.781 | 71.467 |
| Поднесени барања за тарифни квоти | 5.616 | 5.202 | 3.860 | 4.091 |
| Просечно време за добивање на дозвола | 7,4 часа | 5,6 часа | 2,5 часа | 1,5 часа |

Во 2012 година, **во EXIM беа регистрирани и го користеа 3.540 економски оператори** (споредено со 300 во 2009, 520 во 2010 и 1857 во 2011 година), кои преку 13 (од 16 регистирани) државни институции во EXIM можеа да аплицираат за **62 различни видови увозни и извозни дозволи** и тарифни квоти. **Просечното време за добивање дозволи изнесуваше околу 1,5 часа** (споредено со 7,4 часа во 2009, 5,6 часа во 2010 и 2,5 часа во 2011 година). Во 2012 година **преку EXIM се издадени над 71 илјада увозни и извозни дозволи** (над 66 илјади во 2011 година и 52 илјади во 2010 година) и над 4 илјади тарифни квоти. Најголем број дозволи се однесуваат

[29] Customs Declaration and Excise Proccessing System

[30] Упатство за користење на информациониот систем за обработка на податоци во електронски облик и електронски потпис при увоз, извоз и транзит на стоки, преку едношалтерскиот информационен систем - EXIM

| УВОЗНИ И ИЗВОЗНИ ДОЗВОЛИ ИЗДАДЕНИ ПРЕКУ EXIM | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Име на дозволата | Број на издадени дозволи | | | |
| | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
| Одобрение за увоз на ветринарно медицински препарати | 112 | 147 | 166 | 145 |
| Документ за ветеринарна проверка на продукти за исхрана на животни при увоз | 153 | 234 | 295 | 432 |
| Ветеринарен влезен документ за живи животни | 353 | 361 | 520 | 609 |
| Ветеринарен влезен документ за производи од животинско потекло | 1.282 | 3.010 | 12.694 | 12.893 |
| Согласност пратката со храна, производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храната да влезе на територијата на РМ | 14.037 | 23.972 | 25.277 | 27.375 |
| Одобрение за пренесување (трансфер) на оружје и муниција при увоз | 33 | 90 | 108 | 106 |
| Дозвола за извоз на прекурзори | 91 | 191 | 186 | 164 |
| Дозвола за извоз на опојни дроги и психотропни супстанции | 128 | 555 | 523 | 524 |
| Дозвола за увоз на прекурсори | 69 | 214 | 234 | 220 |
| Одобрение за увоз на лекови | 741 | 2.500 | 2.763 | 3.226 |
| Одобрение за увоз на медицински помагала | 550 | 1.983 | 3.165 | 3.717 |
| Одобрение за увоз на опасни и други видови на хемикалии | 223 | 712 | 827 | 1.146 |
| Дозвола за увоз на опојни дроги и психотропни супстанции | 35 | 150 | 159 | 143 |
| Дозвола за транспорт/транзит на опасни материи | 204 | 815 | 880 | 907 |
| Согласност за царинење на предмети за општа употреба | 3.883 | 6.891 | 7.710 | 8.237 |
| Потврда за извршен органолептички преглед и земени мостри | 1.636 | 5.406 | 8.596 | 9.464 |
| Одобрение за увоз на производи за заштита на растенијата | 21 | 166 | 195 | 140 |
| Уверение за извоз и изнесување на незаштитени културни добра | 351 | 285 | 257 | 266 |
| Други дозволи | 4.730 | 4.399 | 2.263 | 1.750 |
| **Вкупно:** | **28.632** | **52.081** | **66.818** | **71.464** |

на увоз на прехранбени производи, ветеринарни документи, потврди за органолептички преглед и согласности за царинење на стока за општа употреба.

Покрај тековното користење на системот, во 2012 година се додадени нови функционалности во EXIM и е унапредена администрацијата на неговото користење. Имено, во јуни 2012 година е донесено **Корисничко упатство за обработка на тарифните квоти преку EXIM**, а во август 2012 година **Упатство за распределба на тарифни квоти според принципот „прв дојден прв корисник“**, со кое е уреден начинот и постапката за распределување на тарифни квоти според принципот „прв дојден, прв корисник". Во јуни 2012 година е **донесено Упатството за примена на хартиени документи во случај на технички проблеми во EXIM** со кое се уредува издавањето на увозни и извозни дозволи во случаи на пројавен сериозен технички проблем кој предизвикува постојана (непрекината) недостапност на EXIM во целина или некој негов поединечен сегмент чие времетраење е подолго од 2 часа, односно обработката на податоците од барањата или дозволите со примена на документи во хартиена форма, како алтернативна хартиена процедура. Во септември 2012 година е донесено **Упатство за примена на надлежностите на Царинската управа за управување со EXIM**, со кое се уредуваат начинот и надлежностите во Царинската управа за управување со истиот. Истиот месец е донесен и **Прирачник за администрација со EXIM** кој дава детален опис на начинот на користење на расположивите функционалности на EXIM опфатени во соодветните модули, преку кои царинските службеници ги спроведуваат дејствијата на доделување на пристап и привилегии на корисниците од Царинската управа и другите органи корисници на EXIM, управување со референтните податоци, регистрација на економските оператори, административна и техничка поддршка за функционирање на системот и управување со промените во системот.

Во септември 2012 година беше промовиран нов **Модул за транспортни дозволи во рамките на EXIM**, подготвен во соработка со Министерството за транспорт и врски. Со овој модул се воспоставува систем за електронска обработка на меѓународните дозволи за транспорт на стоки и патници, што до сега се спроведуваше единствено на хартија. Новиот модул овозможува: електронска евиденција во системот на податоците за квотите на дозволи за меѓународен превоз на стоки, електронска проверка на валидноста на дозволите, on-line увид на Министерството за транспорт и врски и Државниот инспекторат за транспорт во податоците за начинот на вршење на меѓународниот превоз и искористувањето на дозволи издадени со билатерални спогодби, како и увид на Државниот инспекторат за транспорт во начинот на спроведување на меѓународниот превоз на патници од страна на домашните и странските превозници. На овој начин се овозможи и заштита на домашните превозници од нелојалната конкуренција од странство. Детален опис на начинот на користење на расположливите функционалности од Модулот за транспортни дозволи, што се дел од EXIM, а до кои пристапуваат корисниците со привилегија за пристап, е даден во **Прирачник за користење на модулот за транспортни дозволи во EXIM**, донесен во септември 2012 година. Корисниците ги спроведуваат активностите преку овој модул на начин уреден со **Упатството за примена на законот за превоз во патниот сообраќај**, донесено во септември 2012 година.

## ЕЛЕКТРОНСКО ИЗДАВАЊЕ НА TIR СЕРТИФИКАТИ




**Со цел уредување на работата на модулот за електронско издавање на TIR сертификати,** во рамки на Системот за информирање на менаџментот - СИМ[31], во мај 2012 година Царинската управа донесе **Упатство за електронско издавање на ТИР сертификати**, со кое се уредува начинот на нивно издавање, надлежноста и одговорноста на назначените Комисии за работата со модулот. До крајот на 2012 година преку овој модул се издадени 1.515 TIR сертификати.

## ЕЛЕКТРОНСКО УПРАВУВАЊЕ СО ЦАРИНСКИ ПОСТАПКИ СО ЕКОНОМСКИ ЕФЕКТ

Со финансиска поддршка од Светска банка, **во 2012 година е надградена апликацијата за издавање одобренија за увоз за облагородување**. Надградената апликација (насловена како E-Lohn) овозможува електронско аплицирање и добивање одобренија за сите видови на постапки со економски ефект и следење на раздолжувањето на постапката на увоз за облагородување преку размена на електронски пораки помеѓу имателите на одобрение и надзорниот царински орган. Системот е сеуште во фаза на заживување, поради што Царинската управа планира директни презентации на економските оператори. Кон крајот на 2012 година Царинската управа подготви **Прирачник за користење на електронскиот систем за царински постапки со економски ефект (E-Lohn),** како и **Упатство за работа со електронскиот систем за царински постапки со економски ефект.** Досега се регистрирани 197 корисници во системот, и истите имаат поднесено 359 барања, од кои 65 се одобрени. Во тек е промоција со цел заживување на системот.

## ПОРТАЛ ЗА ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИЈА (ПЕК)

Во рамки на интернет страницата на Царинската управа е поставен портал за електронска комуникација – ПЕК, преку кој **надворешните корисници можат да пребаруваат над 70 стандардни, електронски контролирани барања**, кои во Царинската управа електронски се архивираат, процесираат и враќаат до барателите. Преку ПЕК корисниците добиваат достапност на услугите на Царинската управа 24/7, заштеда на време и трошоци поради електронско поднесување и преземање на документацијата и намалување на времето потребно за добивање одговор на барањата.

Преку ПЕК, надворешните корисници можат да пребаруваат и поднесат во електронска форма 70 стандардизирани барања, како на пример: Поедноставено барање за одобрение за привремен увоз, Барање за непотполна декларација, Барање за задолжителна тарифна информација, Барање за ослободување од плаќање на увозни давачки, Барање за подигање на контролни марки, Барање за поедноставена постапка при извоз, Барање за издавање на статус на овластен примач, Барање за поедноставена постапка при увоз, Збирен извоз по карго манифест (експресни пошта), Барање за претходен преглед, Пријава за планирани количини итн.

На крајот на 2012 **година во ПЕК беа регистрирани над 350 надврешни корисници** (споредено со 314 во 2011 и 188 во 2010 година). **Во 2012 година** надворешните корисници преку ПЕК до Царинската управа доставија **над 12,7 илјади електронски барања** (19,7 илјади во 2011 и 4 илјади во 2010 година), на кои Царинската управа испрати 11,5 илјади електронски одговори (4,6 илјади во 2011 и 4 илјади одговори во 2010 година).

## ЕЛЕКТРОНСКО ПЛАЌАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИ ТАКСИ

Во 2012 година Царинската управа на економските оператори и физичките лица им овозможи плаќањето на административни такси до 250 денари да го вршат преку СМС.

[31] Покрај овој модул, во текот на 2012 година беа развиени и пуштени во продукција следниве апликации во рамките на СИМ:
- Надзор на пазар–изработена во апликацијата СИМ согласно Законот за безбедност на производите, со цел да се обезбеди електронска база на податоци, еднообразен пристап и олеснување на размената на информации со органите за надзор на пазарот.
- Модул за селекција на пратки пред пристигнување преку “SEED” апликацијата. Модулот претставен со дел за импортирање на excel табела која е извезена од “SEED” апликацијата и дел за споредување и врзување со субјекти присутни во веќе воспоставените евиденции од контролно истражен карактер со цел точна проценка на ризик за пратките пред пристигнување и правилно насочување на ресурсите на на граничните испостави каде функционира “SEED” апликацијата. Апликацијата се прилагодува на “SEED” 2.
- RAAVIO – е систем на размена на информации во електронска форма од авио компаниите, пред-полетување и пред-пристигнување и автоматизирана анализа и селекција на патници и стоки.

# ОБЕМ НА ИЗВРШЕНИ РАБОТИ

## ЦАРИНСКИ И АКЦИЗНИ ОДОБРЕНИЈА И ЛИЦЕНЦИ

### ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ЦАРИНСКИ ПОСТАПКИ

На крајот на 2012 година **354 економски оператории имаа одобрение од Царинска управа за вршење работи на застапување во царински постапки**, што е за 15 повеќе во однос на 2011 година. **Бројот на физички лица - иматели на лиценци од Царинската управа за вршење работи на застапување во царински постапки**, на крајот на 2012 година **изнесуваше 1.036,** што претставува зголемување за 123 лиценци во однос на крајот на 2011 година. Зголемувањето на бројот на иматели на одобренија и лиценци за застапување во царинските постапки треба да обезбеди поголема конкуренција во оваа област и помали трошоци и поквалитетни услуги за економските оператори.

СОСТОЈБА НА ИЗДАДЕНИ ЦАРИНСКИ И АКЦИЗНИ ОДОБРЕНИЈА

| Вид на одобрение | 2011 | 2012 | 2012/2011 |
|---|---|---|---|
| **Одобрение за царинско застапување** | **339** | **354** | **15** |
| **Лиценца за царинско застапување** | **913** | **1.036** | **123** |
| **Царински постапки со економски ефект** | **326** | **421** | **95** |
| Одобрение за увоз за облагородување | 234 | 337 | 103 |
| Одобрение за извоз за облагородување | 13 | 4 | -9 |
| Одобрение за царинско складирање | 78 | 66 | -12 |
| Други видови одобренија | 1 | 14 | 13 |
| **Поедноставени царински постапки** | **200** | **314** | **114** |
| Одобрение за локално царинење при увоз | 46 | 77 | 31 |
| Одобрение за локално царинење при извоз | 76 | 105 | 29 |
| Одобрение за овластен примач во транзит | 55 | 96 | 41 |
| Одобрение за овластен испраќач | 23 | 36 | 13 |
| **Акцизи** | **457** | **479** | **22** |
| Акцизни дозволи | 113 | 115 | 2 |
| Одобренија за акцизно повластено користење | 344 | 364 | 20 |
| **Задолжителна тарифна информација** | **580** | **770** | **190** |
| **Одобрение за одобрен извозник** | **57** | **77** | **20** |
| **Вкупно** | **2.872** | **3.451** | **579** |

### ЦАРИНСКИ ПОСТАПКИ СО ЕКОНОМСКИ ЕФЕКТ

Царинските постапки со економски ефект се мошне застапена форма на економски активности во Република Македонија, посебно увозот за облагородување во текстилната индустрија, производството на обувки, металургијата итн., како и царинското складирање. Вкупниот број на иматели на одобренија за царински постапки со економски ефект **на крајот на 2012 година изнесуваше 421, што е за 95 одобренија повеќе во однос на 2011 година**. Притоа, бројот на одобренија за увоз за облагородување се зголеми за 103 и на крајот на 2012 година изнесуваше 337, што укажува на зголемениот број на нарачки од странство и поволните услови за користење на овој царински инструмент. Бројот на иматели на одобренија за царинско складирање се намали за 12 одобренија, што укажува на процес на рационализација на предимензионираниот број на иматели на овој вид одобренија, концентрирани во регионот на Скопје.

### ПОЕДНОСТАВЕНИ ЦАРИНСКИ ПОСТАПКИ

**Бројот на иматели на одобренија за поедноставени царински постапки** во 2012 година бележи значителен пораст и **на крајот на 2012 година изнесуваше 314, што е за 114 одобренија повеќе во однос на крајот на 2011 година,** кога изнесуваше 200. Зголемувањето е карактеристично кај сите видови поедноставени постапки: овластен примач во транзит (96 одобренија на крајот на 2012 година споредено со 55 одобренија на крајот на 2011); локално царинење при увоз (77 одобренија на крајот на 2012 година, споредено со 46 одобренија на крајот на 2011 година); локално царинење при извоз (105 одобренија на крајот на 2012 година, споредено со 76 одобренија на крајот на 2011 година) итн. Покрај претходното, во 2012 година е значително зголемен и бројот на иматели на одобренија за одобрен извозник (77 на крајот на 2012 година споредено со 57 одобренија на крајот на 2011 година). Напреднаведеното укажува дека поедноставените царински постапки сè повеќе навлегуваат во филозофијата на работење на економските оператори во Република Македонија, што значи зголемување на капацитетот и на економските оператори и на Царинската управа за управување со ризиците, забрзување на увозот и извозот и намалување на трошоците.

### ЗАДОЛЖИТЕЛНА ЦАРИНСКА ИНФОРМАЦИЈА

Во 2012 година интересот на економските оператори за користење на задолжителна тарифна информација (ЗТИ) доживеа вистински „бум“: **бројот на издадени ЗТИ се зголеми за 190 и на крајот на 2012 година изнесуваше 770,** споредено со 580 на крајот на 2011 година. Зголеменото користење на ЗТИ придонесува за упростување и забрзување на царинските постапки, како и за зголемување на предвидливоста на царинското постапување на економските оператори. Барањата за задолжителна информација за потекло сеуште не се заживеани.

### АКЦИЗИ

Во 2012 година е зголемен интересот за добивање акцизни дозволи. На крајот на 2012 **година бројот на економските оператори иматели на акцизни дозволи изнесуваше 115**, што е за 2 иматели на дозволи повеќе во однос на 2011 година. Интересот на економските оператори беше насочен и кон добивање на одбренијата за акцизно повластено користење. На крајот на 2012 **година бројот на економски оператори иматели на одобренија за акцизно повлестено користење изнесуваше 364**, што е за 20 иматели на одобренија повеќе во однос на 2011 година.

## ПРЕФЕРЕНЦИЈАЛНО ПОТЕКЛО НА СТОКИТЕ

Република Македонија има склучено договори за слободна трговија со Турција, Украина и државите членки на ЕУ, ЕФТА и ЦЕФТА. Вкупно реализираниот надворешен трговски промет во 2012 година, за кој е користен **доказ за преференцијално потекло,** изнесува **282 милијарди денари. Најголем дел од овој промет е остварен со земјите членки на ЕУ (73,9%), а потоа со земјите членки на ЕФТА (21,6%).**

КОРИСТЕЊЕ НА ДОГОВОРИТЕ ЗА СЛОБОДНА ТРГОВИЈА ВО 2012 ГОДИНА (Во милиони денари)

| Договорна страна | Извоз | | Увоз | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вредност | Учество (%) | Вредност | Учество (%) | Вредност | Учество (%) |
| ЕУ | 103.621 | 71.5 | 105.132 | 76.4 | 208,754 | 73.9 |
| ЕФТА | 672 | 0.5 | 506 | 0.4 | 1,178 | 0.4 |
| ЦЕФТА | 37.795 | 26.1 | 23.195 | 16.9 | 60,990 | 21.6 |
| Албанија | 2.619 | 1.8 | 861 | 0.6 | 3,480 | 1.2 |
| Б и Х | 4.076 | 2.8 | 2.294 | 1.7 | 6,370 | 2.3 |
| Црна Гора | 1.484 | 1.0 | 71 | 0.1 | 1,555 | 0.6 |
| Косово | 12.718 | 8.8 | 787 | 0.6 | 13,505 | 4.8 |
| Србија | 13.162 | 9.1 | 14.351 | 10.4 | 27,513 | 9.7 |
| Хрватска | 3.727 | 2.6 | 4.802 | 3.5 | 8,530 | 3.0 |
| Молдавија | 10 | 0.0 | 29 | 0.0 | 39 | 0.0 |
| Турција | 2.348 | 1.6 | 8.602 | 6.3 | 10,950 | 3.9 |
| Украина | 507 | 0.3 | 117 | 0.1 | 623 | 0.2 |
| **Вкупно** | **144.943** | **100.0** | **137.553** | **100.0** | **282,496** | **100.0** |

## ОБРАБОТЕНИ ЦАРИНСКИ ДЕКЛАРАЦИИ И НАПЛАТА НА ПРИХОДИ

### ОБРАБОТЕНИ ЦАРИНСКИ ДЕКЛАРАЦИИ

Во 2012 година се **обработени над 1 милион царински декларации,** што е за 2,5% помалку во однос на 2011 година. Најголемиот дел од вкупно обработените царински декларации се однесуваат на транзит (над 41%) и увоз (околу 39%,), по која следи извозот со околу 17% од вкупно обработените декларации. Намалување бележи транзитот (4,2%) и извозот (6,7%). Учеството на поедноставените постапки во вкупните извозни и увозни постапки изнесува околу 30%, што е за околу 2% повеќе во однос на 2011 година. Притоа, учеството на поедноставните постапки во извозот учествуваат со околу 40%, а во увозот со околу 25%. Во вкупно обработените декларации **доминира патниот сообраќај со над 90%,** додека железничкиот сообраќај учествува со околу 7%, а карго со околу 3%.

ОБЕМ НА РЕАЛИЗИРАНИ ЦАРИНСКИ ПОСТАПКИ

| Вид на царинска постапка | 2012 | 2011 | 2012/2011 |
|---|---|---|---|
| **Транзит** | **419.232** | **437.650** | **-18.418** |
| **Извоз** | **178.224** | **190.973** | **-12.749** |
| Редовен извоз | 102.402 | 111.958 | -9.556 |
| Поедноставена постапка при извоз | 73.714 | 77.182 | -3.468 |
| Привремен извоз | 2.108 | 1.833 | 275 |
| **Увоз** | **394.188** | **388.920** | **1.820** |
| Редовен увоз | 256.552 | 266.988 | -10.436 |
| Поедноставена постапка при увоз | 100.045 | 86.021 | 14.024 |
| Царинско складирање | 7.446 | 9.112 | -1.666 |
| Привремен увоз | 20.937 | 20.895 | 42 |
| Увоз на привремено извезена стока | 2.516 | 2.660 | -144 |
| Преработка под цар.контрола и уништување | 458 | 636 | -178 |
| Непотполни декларации | 6.234 | 2.608 | 3.626 |
| **Реекспорт** | **23.734** | **23.717** | **17** |
| **Вкупно** | **1,015,378** | **1,041,260** | **-29.330** |

ОБРАБОТЕНИ ДЕКЛАРАЦИИ СПОРЕД ВИД НА ТРАНСПОРТ

| Вид на транспорт | Број на обработени декларации (во илјади) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Увоз | Извоз | Транзит | Вкупно |
| Патен сообраќај | 370 | 191 | 356 | 917 |
| Железнички сообраќај | 4 | 3 | 63 | 69 |
| Авио сообраќај | 19 | 8 | 0 | 28 |
| Поштенски сообраќај | 2 | 0 | 0 | 2 |
| Други видови сообраќај | 0 | 0 | 0 | 1 |
| **Вкупно** | **395** | **202** | **419** | **1.016** |

Најголем дел од вкупниот број на декларации се обработени во Царинарница Скопје (33,3%). Во Царинарница Гевгелија се обработени 30,6% од вкупниот број на декларации, во Царинарница Куманово се обработени 22,1%. Останатите 14% се обработени во Царинарница Штип (6,8%) и во Царинарница Битола (7,2%).

ОБАБОТЕНИ ЦАРИНСКИ ДЕКЛАРАЦИИ ВО 2012 ГОДИНА ПО ЦАРИНСКИ ИСПОСТАВИ (ВО ИЛЈАДИ)

| Царинска испостава | Увозни | | Извозни | | Транзитни | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Износ | % | Износ | % | Износ | % | Износ | % |
| **Царинарница Скопје** | **203.7** | **51.6** | **88.2** | **43.7** | **46.8** | **11.2** | **338.7** | **33.3** |
| 1 ЦИ Скопје 1 | 61 | 15.3 | 2 | 1.2 | 13 | 3.0 | 75 | 7.4 |
| 2 ЦИ Скопје 2 | 42 | 10.6 | 49 | 24.2 | 15 | 3.6 | 106 | 10.4 |
| 3 ЦИ Скопје 3 | 56 | 14.1 | 7 | 3.7 | 1 | 0.3 | 65 | 6.4 |
| 4 ЦИ Скопје 4 | 3 | 0.7 | 2 | 1.1 | 2 | 0.4 | 7 | 0.7 |
| 5 ЦИ Слободна зона | 10 | 2.5 | 3 | 1.4 | 2 | 0.5 | 15 | 1.4 |
| 6 ЦИ Пошта Скопје | 2 | 0.4 | 0 | 0.1 | 1 | 0.3 | 3 | 0.3 |
| 7 ЦИ Трубарево | 0 | 0.1 | 0 | 0.2 | 0 | 0.1 | 1 | 0.1 |
| 8 ЦИ Аеродром | 19 | 4.7 | 8 | 3.9 | 5 | 1.1 | 31 | 3.1 |
| 9 ЦИ Блаце | 5 | 1.4 | 12 | 6.2 | 8 | 1.9 | 26 | 2.5 |
| 10 ЦИ Тетово | 7 | 1.8 | 4 | 1.8 | 0 | 0.1 | 11 | 1.1 |
| 11 ЦИ Јажинце | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 |
| **Царинарница Куманово** | **39.8** | **10.1** | **19.1** | **9.4** | **165.4** | **39.5** | **224.3** | **22.1** |
| 12 ЦИ Куманово | 31 | 7.8 | 8 | 4.1 | 3 | 0.8 | 42 | 4.2 |
| 13 ЦИ Табановце | 0 | 0.0 | 9 | 4.5 | 113 | 27.0 | 122 | 12.0 |
| 14 ЦИ ЖС Табановце | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 | 32 | 7.6 | 32 | 3.1 |
| 15 ЦИ Деве Баир | 9 | 2.3 | 2 | 0.9 | 17 | 4.0 | 28 | 2.7 |
| 16 ЦИ Пелинце | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 |
| **Царинарница Штип** | **32.4** | **8.2** | **25.6** | **12.7** | **11.4** | **2.7** | **69.4** | **6.8** |
| 17 ЦИ Штип | 24 | 6.0 | 19 | 9.4 | 4 | 0.9 | 46 | 4.6 |
| 18 ЦИ Делчево | 4 | 1.0 | 5 | 2.2 | 8 | 1.8 | 16 | 1.6 |
| 19 ЦИ Велес | 4 | 1.1 | 2 | 1.1 | 0 | 0.0 | 7 | 0.7 |
| **Царинарница Гевгелија** | **90.3** | **22.9** | **48.4** | **24.0** | **172.2** | **41.1** | **310.9** | **30.6** |
| 20 ЦИ Богородица | 0 | 0.0 | 16 | 7.9 | 113 | 26.9 | 129 | 12.7 |
| 21 ЦИ ЖС Гевгелија | 30 | 7.5 | 0 | 0.0 | 29 | 7.0 | 59 | 5.8 |
| 22 ЦИ Кавадарци | 51 | 12.8 | 21 | 10.5 | 1 | 0.1 | 72 | 7.1 |
| 23 ЦИ Струмица | 5 | 1.4 | 6 | 2.9 | 0 | 0.1 | 12 | 1.1 |
| 24 ЦИ Ново Село | 5 | 1.2 | 5 | 2.7 | 6 | 1.4 | 16 | 1.6 |
| 25 ЦИ Дојран | 0 | 0.0 | | 0.0 | 23 | 5.6 | 23 | 2.3 |
| **Царинарница Битола** | **28.7** | **7.3** | **20.6** | **10.2** | **23.4** | **5.6** | **72.7** | **7.2** |
| 26 ЦИ Битола | 9 | 2.3 | 3 | 1.3 | 0 | 0.0 | 12 | 1.2 |
| 27 ЦИ Пошта Битола | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 |
| 28 ЦИ Меџитлија | 1 | 0.2 | 7 | 3.6 | 5 | 1.2 | 13 | 1.3 |
| 29 ЦИ Прилеп | 4 | 1.0 | 6 | 3.0 | 0 | 0.0 | 10 | 1.0 |
| 30 ЦИ Охрид | 2 | 0.5 | 1 | 0.3 | 0 | 0.0 | 3 | 0.3 |
| 31 ЦИ Охрид аеродром | 0 | 0.0 | 0 | 0.2 | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 |
| 32 ЦИ Струга | 13 | 3.2 | 4 | 1.8 | 0 | 0.1 | 17 | 1.6 |
| 33 ЦИ Ќафасан | 0 | 0.0 | 0 | 0.1 | 17 | 4.1 | 17 | 1.7 |
| 34 ЦИ Стење | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 | 0 | 0.1 | 0 | 0.0 |
| 35 ЦИ Свети Наум | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 |
| 36 ЦИ Блато | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 |
| **Вкупно** | **395** | **100.0** | **202** | **100.0** | **419** | **100.0** | **1,016** | **100.0** |

Како и во претходните години, и во 2012 година најголем дел од вкупните приходи се наплатени во регионалната царинарница Скопје (62%), по која следи регионална царинарница Гевгелија со 19,9%, а потоа останатите три регионални царинарници (Куманово 6,3%, Штип 5,6% и Битола 6,1%).

НАПЛАТЕНИ ПРИХОДИ ПО ЦАРИНСКИ ИСПОСТАВИ (ВО МИЛИОНИ ДЕНАРИ)

| Царинска испостава | ЦАРИНА | | ДДВ (Влезен) | | АКЦИЗА (Увоз) | | НАДОМЕСТОЦИ | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Износ | % | Износ | % | Износ | % | Износ | % | Износ | % |
| **Царинарница Скопје** | **2996** | **74,1** | **25.585** | **63,8** | **433** | **17,5** | **790** | **67,2** | **30.280** | **62,0** |
| 1010 ЦИ Скопје 1 | 952 | 23,6 | 9.212 | 23,0 | 238 | 9,6 | 295 | 25,0 | 10.697 | 21,9 |
| 1013 ЦИ Скопје 3 | 998 | 24,7 | 8.297 | 20,7 | 94 | 3,8 | 376 | 31,9 | 8.556 | 17,5 |
| 1014 ЦИ Скопје 4 | 37 | 0,9 | 1.276 | 3,2 | 21 | 0,9 | 6 | 0,5 | 1.341 | 2,7 |
| 1015 ЦИ Скопје 2 | 783 | 19,4 | 4.730 | 11,8 | 53 | 2,1 | 109 | 9,2 | 5.675 | 11,6 |
| 1020 ЦИ Бунарџик | 10 | 0,2 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 10 | 0,0 |
| 1025 ЦИ Пошта Скопје | 3 | 0,1 | 17 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 18 | 0,0 |
| 1030 ЦИ Трубарево | 3 | 0,1 | 161 | 0,4 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 1.875 | 3,8 |
| 1050 ЦИ Аеродром Скопје | 84 | 2,1 | 738 | 1,8 | 0 | 0,0 | 1 | 0,1 | 880 | 1,8 |
| 1075 ЦИБлаце | 41 | 1,0 | 310 | 0,8 | 21 | 0,8 | 3 | 0,3 | 245 | 0,5 |
| 1080 ЦИ Тетово | 84 | 2,1 | 843 | 2,1 | 5 | 0,2 | 0 | 0,0 | 983 | 2,0 |
| **Царинарница Куманово** | **251** | **6,2** | **2.678** | **6,7** | **105** | **4,2** | **41** | **3,5** | **3.075** | **6,3** |
| 2010 ЦИ Куманово | 200 | 5,0 | 1.962 | 4,9 | 45 | 1,8 | 13 | 1,1 | 2.221 | 4,6 |
| 2030 ЦИ Табановце | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| 2050 ЦИ Деве Баир | 51 | 1,3 | 716 | 1,8 | 60 | 2,4 | 28 | 2,4 | 855 | 1,8 |
| **Царинарница Штип** | **102** | **2,5** | **2.449** | **6,1** | **44** | **1,8** | **89** | **7,6** | **2.747** | **5,6** |
| 3010 ЦИ Штип | 55 | 1,4 | 1.706 | 4,3 | 12 | 0,5 | 75 | 6,4 | 1.848 | 3,8 |
| 3030 ЦИ Делчево | 8 | 0,2 | 319 | 0,8 | 14 | 0,6 | 5 | 0,4 | 408 | 0,8 |
| 3050 ЦИ Велес | 39 | 1,0 | 425 | 1,1 | 18 | 0,7 | 10 | 0,8 | 491 | 1,0 |
| **Царинарница Гевгелија** | **480** | **11,9** | **6.987** | **17,4** | **1.794** | **72,4** | **221** | **18,7** | **9.724** | **19,9** |
| 4020 ЦИ Гевгелија | 387 | 9,6 | 5.027 | 12,5 | 1.789 | 72,2 | 213 | 18,1 | 7.417 | 15,2 |
| 4040 ЦИ Кавадарци | 38 | 0,9 | 1.288 | 3,2 | 1 | 0,1 | 0 | 0,0 | 1.570 | 3,2 |
| 4050 ЦИ Струмица | 38 | 0,9 | 465 | 1,2 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 503 | 1,0 |
| 4060 ЦИ Ново Село | 17 | 0,4 | 207 | 0,5 | 3 | 0,1 | 7 | 0,6 | 234 | 0,5 |
| **Царинарница Битола** | **212** | **5,2** | **2.385** | **5,9** | **101** | **4,1** | **36** | **3,0** | **2.972** | **6,1** |
| 5010 ЦИ Битола | 78 | 1,9 | 1.023 | 2,6 | 13 | 0,5 | 15 | 1,3 | 1.129 | 2,3 |
| 5015 ЦИ Пошта Битола | 0 | 0,0 | 1 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 3 | 0,0 |
| 5020 ЦИ Меџитлија | 2 | 0,0 | 162 | 0,4 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 164 | 0,3 |
| 5030 ЦИ Прилеп | 22 | 0,6 | 280 | 0,7 | 5 | 0,2 | 5 | 0,5 | 313 | 0,6 |
| 5040 ЦИ Охрид | 21 | 0,5 | 152 | 0,4 | 6 | 0,2 | 6 | 0,5 | 211 | 0,4 |
| 5042 ЦИ Аеродром-Охрид | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 211 | 0,4 |
| 5060 ЦИ Струга | 89 | 2,2 | 766 | 1,9 | 77 | 3,1 | 9 | 0,8 | 941 | 1,9 |
| 5070 ЦИ Ќафасан | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 |
| **Вкупно** | **4041** | **100,0** | **40.084** | **100,0** | **2.477** | **100,0** | **1.177** | **100,0** | **48.799** | **100,0** |

## ПРОМЕТ НА ТОВАРНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА

На граничните премини на Република Македонија **во 2012 година транзитирале 982 илјади ТМВ**[32], при што во Република Македонија влегле 437 илјади ТМВ, а излегле 545 илјади ТМВ. Најголем дел од прометот (409 илјади возила или околу 42%) е остварен на граничните премини со Грција, на ГП Богородица, по што следат граничните премини со Србија со 247 илјади ТМВ (ГП Табановце). Значително помалиот промет на ТМВ на граничните премини со Косово, Бугарија и Албанија, покажува за обемот на трговска размена и можностите за негово зголемување.

ПРОМЕТ НА ТОВАРНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА (ТМВ) ВО 2012 ГОДИНА

| Вид на промет | Косово | | | Србија | | | Бугарија | | | | Грција | | | | Албанија | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Блаце | Јажинце | Вкупно | Табановце | Пелинце | Вкупно | Деве Баир | Делчево | Ново Село | Вкупно | Дојран | Богородица | Меџитлија | Вкупно | Стење | Ќафасан | Св. Наум | Блато | Вкупно | Севкупно |
| **Влез** | **67.9** | **3.1** | **71.0** | **119.9** | **0.0** | **119.9** | **21.7** | **15.1** | **11.8** | **48.6** | **31.7** | **120.6** | **10.5** | **162.8** | **1.4** | **30.5** | **0.9** | **1.5** | **34.3** | **436.6** |
| Полни | 7.5 | 0.0 | 7.5 | 110.6 | 0.0 | 110.6 | 17.1 | 10.9 | 4.3 | 32.3 | 23.0 | 110.9 | 4.2 | 138.1 | 0.4 | 17.0 | 0.6 | 0.1 | 18.1 | 306.6 |
| Празни | 60.4 | 3.1 | 63.5 | 9.3 | 0.0 | 9.3 | 4.6 | 4.2 | 7.5 | 16.3 | 8.7 | 9.7 | 6.3 | 24.7 | 1.0 | 13.5 | 0.3 | 1.4 | 16.2 | 130.0 |
| **Излез** | **73.5** | **1.2** | **74.7** | **127.3** | **0.0** | **127.3** | **24.0** | **13.5** | **22.3** | **59.8** | **11.4** | **224.4** | **10.3** | **246.1** | **1.3** | **33.8** | **0.9** | **1.2** | **37.2** | **545.1** |
| Полни | 65.5 | 0.0 | 65.5 | 93.4 | 0.0 | 93.4 | 10.3 | 5.3 | 12.1 | 27.7 | 3.0 | 49.5 | 3.0 | 55.5 | 0.3 | 21.3 | 0.6 | 0.5 | 22.7 | 264.8 |
| Празни | 8.0 | 1.2 | 9.2 | 33.9 | 0.0 | 33.9 | 13.7 | 8.2 | 10.2 | 32.1 | 8.4 | 174.9 | 7.3 | 190.6 | 1.0 | 12.5 | 0.3 | 0.7 | 14.5 | 280.3 |
| **Вкупно** | **141.4** | **4.3** | **145.7** | **247.2** | **0.0** | **247.2** | **45.7** | **28.6** | **34.1** | **108.4** | **43.1** | **345.0** | **20.8** | **408.9** | **2.7** | **64.3** | **1.8** | **2.7** | **71.5** | **981.7** |
| Полни | 73.0 | 0.0 | 73.0 | 204.0 | 0.0 | 204.0 | 27.4 | 16.2 | 16.4 | 60.0 | 26.0 | 160.4 | 7.2 | 193.6 | 0.7 | 38.3 | 1.2 | 0.6 | 40.8 | 571.4 |
| Празни | 68.4 | 4.3 | 72.7 | 43.2 | 0.0 | 43.2 | 18.3 | 12.4 | 17.7 | 48.4 | 17.1 | 184.6 | 13.6 | 215.3 | 2.0 | 26.0 | 0.6 | 2.1 | 30.7 | 410.3 |

32 Товарно моторно возило

# КОНТРОЛА НА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНИТЕ

Царинската управа е должна да спроведува контроли на примената на законите од аспект на наплатата на буџетските приходи, спречување на нелегална трговија и нелојална конкуренција, спречување трговија со забранета стока и финансирање тероризам, заштита на животот и здравјето на луѓето, како и заштита на животната средина и културното наследство. И во 2012 година Царинската управа интензивно работеше на унапредување на институционалниот и административниот капацитет во оваа област, пред сè преку унапредување на системите за царинска контрола базирана на анализа на ризик, царинско разузнавање, контрола на трговски друштва, работа на специјалните единици, како и преку перманентен и динамичен развој на информатичката и комуникациската поддршка и воведување современи технологии и средства.

## ОСНОВНА РАМКА

Со цел организирано и одржливо извршување на надлежностите во оваа област, како и во претходните години, Царинската управа донесе:

- Ревидирана Стратегија за управување со ризик,
- Годишен Акционен план за спроведување на Стратегијата за управување со ризик за 2012 година,
- Ревидирана Стратегија за спречување нелегална трговија со тутун и тутунски производи,
- Акционен план за 2012 година за реализација на Стратегијата за спречување нелегална трговија со тутун и тутунски производи,
- Ревидирана Стратегија за спречување нелегална трговија со наркотички droги
- Акционен план за 2012 година за реализација на Стратегијата за спречување нелегална трговија со наркотички дроги,
- Ревидирана Стратегија за заштита на права од интелектуална сопственост,
- Акционен план за 2012 година за реализација на Стратегијата за заштита на права од интелектуална сопственост,
- Минимални квантитативни цели за спречување нелегална трговија и за олеснување на трговијата за 2012 година по организациони единици[33].

Со цел унапредување и зголемување на ефикасноста на работата на Комитетот за контрола и безбедност и Комитетот за управување со ризик, формирани во 2011 година, во 2012 година беа **донесени измени и дополнувања на Деловникот за работа на Комитетот за контрола и безбедност и на Деловникот за работа на Комитетот за управување со ризик** (ноември 2012 година).

Имаќи ги предвид придобивките од склучените договори за царинска соработка со царински служби на други држави, Царинската управа во 2012 година подготви **Стратегија за меѓусебно признавање на царинските контроли со соседните држави**, **целосно усогласи Договор за царинска соработка со Црна Гора** и иницираше **постапка за склучување договор за царинска соработка со царинската служба на Кина**. Во врска со воспоставениот Заеднички контакт центар Ѓуешево за полициска и царинска соработка помеѓу Република Бугарија и Република Македонија, во јуни 2012 година Царинската управа **донесе Упатство за користење на заедничкиот контакт центар Ѓуешево**, со кое се уредува начинот на комуникација со сите инволвирани страни.

Во март 2012 година директорот на Царинската управа беше назначен од страна на Владата на Република Македонија за **Координатор на Инспекцискиот совет** (каде членуваат функционери на органи на државна управа со надлежности да вршат инспекциски надзор), а согласно Законот за инспекциски надзор. Со цел консолидација на инспекцискиот надзор, Царинската управа спроведе детална анализа на состојбата во областа на инспекцискиот надзор, при што врз основа на анализа на околу 160 закони кои предвидуваат инспекциски надзор, констатирано е дека во Република Македонија постојатанајмалку **31 државен орган во извршната власт со надлежности да вршат инспекциски надзор**, најмалку **60 видови инспектори** и над 5 илјади прекршочни одредби, покрај другите мерки. Царинската управа подготви **план за консолидација на инспекцискиот надзор во Република Македонија**.

Имајќи ги предвид наодите од царинска контрола на трговијата со електрична енергија во 2012 година, Царинската

[33] Упатство за поставување и следење минимални квантитативни цели за спречување нелегална трговија и олеснување на трговијата (2008 и 2011, врз чија основа се донесуваат следните годишни планови: План на минимален број на записници за утврдување на царинска вредност на стоката, План на минимален број на записници за утврдување на непријавена стока, План на минимален број на записници за утврдување потекло на стоката, План на минимален број на записници за утврдување тарифна ставка, План на минимален број на записници за утврдување повреда на правото на интелектуална сопственост, План на минимален број на проверки (фактура, потекло, мостра), План на минимален број на детални прегледи, План на минимален број на записници за царински прекршоци, План на минимален број на записници за девизни прекршоци , План на минимален број на изјави за отстапување стока во корист на Република Македонија, План на минимален број на записници за заштита на права од интелектуална сопственост, План на минимален број на записници по други основи.

управа подготви и усогласи **Меморандум за соработка со МЕПСО**[34] со цел унапредување на царинскиот надзор и превентивно делување и избегнување на неправилна примена на царинското законодавство во областа на трговијата со електрична енергија. Со цел превентивно делување во областа на трговијата со нафта и нафтени деривати, Царинската управа иницираше потпишување **Меморандум за соработка со Лукоил**. Поради пројавените логистички проблеми поврзани со високи трошоци за одржување и користење на специјалната рентгенска опрема за контрола на големи возила и контејнери, како важен елемент на регионалната контрола на недозволена трговија, Царинската управа кон крајот на 2012 година започна со организација на **Меѓународна конференција за употреба на специјална опрема за царински надзор** која треба да се одржи во првата половина од 2013 година**.** Во соработка со царинската служба на Азербејџан, Царинската управа започна со организација на **меѓународна конференција за царински мерки за заштита на културното наследство**, која треба да се одржи во првата половина од 2013 година. Во овој контекст, Царинската управа во 2012 година започна со активности за **воспоставување систем за размена на информации со Управата за заштита на културно наследство**, согласно Законот за заштита на клутурно наследство.

Во 2012 година Царинската управа продолжи и со унапредување на работата во областа на управните постапки и застапување пред судовите, и подготви **Работен процес за царинска управна постапка** и **Работен процес за застапување пред судовите**, кои треба да бидат усвоени во 2013 година. Со цел јакнење на логистичката поддршка за водење на кривични, прекршочни, парнични, дисциплински и други постапки. Царинската управа започна со подготовка на **Упатство за чување на доказен материјал поврзан со сите видови истражни и судски постапки** (кривични, прекршочни, парнични, управни, дисциплински и др. предмети).

## ЦАРИНСКО РАЗУЗНАВАЊЕ

Царинското разузнавање е уредено и организирано со повеќе донесени акти и воведени системи во претходните години[35]. На почетокот на 2012 година Царинската управа донесе **ново Упатство за работа на Одделението за разузнавање** со кое попрецизно и подетално е уреден начинот на работа на Одделението за разузнавање, како внатре во одделението така и односот со другите организациони единици во Царинската управа, воведени се 18 обрасци за различни активности што се преземаат во разузнавачкиот циклус било од одделението било од другите организациони единици и воведена е посебна евиденција каде што се евидентираат активностите на одделението и другите организациони единици дефинирани со упатството.

Царинската управа настојува да воспостави комплетен преглед на информациите објавени во електронски медиуми во врска со царинското работење. За таа цел во мај 2012 година донесе **Упатство за работа со апликацијата за пребарување на вести**. Користењето на податоци од овие медиуми се врши со помош на пребарувач, преку кој се врши пребарување од интернет страниците на новинските агенции и други медиуми.

Во јуни 2012 година Царинската управа донесе **Упатство за работа со апликацијата за девизни контролници,** со кое се уредува начинот на работа со апликацијата за девизни контролници на Царинската управа за евиденција на внесените и изнесените готови пари и хартии од вредност преку царинската линија на Република Македонија и за комуникација со Управата за финансиско разузнавање. Истовремено е ревидирано и **Корисничкото упатство за користење на апликацијата за девизни средства** (во постапка е и **ревидирање на потврдата за привремено одземени ефективни странски пари**).

Покрај претходното, во 2012 година Царинската управа започна нов проект за консолидирање на разузнавачката база на податоци, како и имплементирање на Националната разузнавачка база на податоци, Националниот координативен центар за борба против организиран криминал и корупција и Националниот модел на криминалистичко разузнавање.

## АНАЛИЗА НА РИЗИК

Анализата на ризик претставува основно средство за спроведување на царинска контрола со цел поблиско профилирање и селектирање на таргетите, без непотребно одолговлекување и оптоварување на легалната трговија, поради што оваа област е предмет на перманентно уредување и унапредување од страна на Царинската управа[36].

---

[34] Македонски електропреносен систем оператор (МЕПСО)

[35] Упатство за централна листа на осомичени, Упатство за работа со информатори, Упатство за работа со апликацијата Систем на пораки на југоисточна Европа - SEMS, прирачник за користење на Системот за пораки на југоисточна Европа - SEMS, Упатство за работа на Одделението за разузнавање

[36] Корисничко упатство за системот за информирање на менаџментот, Прирачник за користење на апликацијата за контрола на престој на странски моторни возила во царинското подрачје на Репубика Македонија, Упатство за користење на стоп листи при излез од Република Македонија, Упатство за користење на системот за информирање (нотификации) за промена на податоци на компании и статус на лица во истите, Корисничко упатство за работа со модулот за управување со ризик на граничните царински испостави, Прирачник за користење на SEED, Упатство за селекција на пратки пред пристигнување преку апликација SEED, Прирачник за користење на апликацијата за систематска електронска размена на податоци - SEED 2, Упатство за работа со апликацијата за системска размена на податоци – SEED2, Упатство за работа со апликацијата TRACKER за контрола на стоки и технологии со двојна намена, Упатство за водење статистика на увоз, извоз и транзит, нивна анализа и предлози за преземање мерки, Упатство за вршење селективни контроли во царинското работење, Упатство за примена на Законот за надзор на пазарот.

Со цел да се има поефикасен увид и контрола на увозниците од аспект на примената на Законот за надзор на пазарот, согласно Акциониот план на Царинската управа за период 2012-2014 година, Царинската управа, во мај 2012 година започна со имплементација на нови софтверски решенија во врска со примената на Законот за надзор на пазарот. **Апликацијата „Надзор на пазарот“** ќе ја забрза постапката за изготвување и евидентирање на „**Известувања за спречување на пуштање на стоки во слободен промет**“, ќе овозможи евиденцијата на добиените одговори од одговорните институции и поврзување на податоците од известувањата со податоците од други апликации во рамки на Системот за информирање на менаџментот.



Во септември 2012 година Царинската управа донесе **Прирачник за користење на апликацијата за контрола на престој на странски моторни возила во царинското подрачје на Република Македонија**, со кое се уредува користењето на ANPR[37] за контрола на привремениот увоз и престој на возила со странски регистарски таблички.

Во ноември 2012 година Царинската управа донесе **Упатство за користење на системот за информирање (нотификации) за промена на податоци на компании и статус на лица во истите**. Со ова Упатство се уредува начинот на користење на информации од посебен интерес, кои се однесуваат на поедини лица и компании, а се обезбедени од информативниот систем на Централниот Регистар на Република Македонија.

Кон крајот на 2012 година, Царинската управа донесе **Упатство за селекција на пратки пред пристигнување преку SEED 2 апликацијата**, со кое се уредува начинот на селекција на пратки пред пристигнувањето на државната територија со користење на информации од SEED 2 апликацијата. Со оваа апликација се обезбедуваат податоци од странските царински администрации за транспорт на царинска стока и празни товарни возила упатени кон Република Македонија, пред нивното пристигнување, и со нивната достапност на царинските службеници на граничните премини што се граничат со соодветната држава, како и на Секторот за контрола и истраги. SEED овозможува размена на податоци по електронски пат помеѓу царински администрации на две држави во реално време. Истовремено, донесен е и **Прирачник за работа со модулот за селекција на пратки преку SEED 2,** во кој се даваат практични инструкции и насоки за употреба на модулот.

Во ноември 2012 година Царинската управа донесе и **Упатство за водење статистика на увоз, извоз и транзит, нивна анализа и предлози за преземање мерки**, со кое се уредува начинот на водење статистика на увозот, извозот и транзитот, анализа на обемот, утврдување на количински и квантитативни показатели на увозот, извозот и транзит, причини за истото и утврдување на показатели за евентуално постоење на одреден ризик или веројатност за негово случување како и последици предизвикани од истиот и давање предлози за преземање мерки.

Кон крајот на 2012 година Царинската управа започна проект за **автоматизирање на селекцијата на аеродромските испостави** во патничкиот сообраќај пред пристигнување и пред полетување и делот кој се однесува на брзите пратки - RAAVIO модул.

Покрај веќе уредените области, во 2012 година Царинската управа започна со подготовка на **систем за селективна контрола базирана на анализа на ризик на производството и внатрешниот промет на акцизни добра**, кој треба да стане функционален кон крајот на првото полугодие од 2013 година, подготовка на интерен акт за **уредување на статистиката и анализата на прометот на ТМВ на граничните премини**, **склучување меморандуми за соработка со авиопревозниците** и **воведување нови ризични профили за заштита на културното наследство.** Во 2012 година беше започната подготовката на **Упатство за работа на Одделението за анализа на ризик и примена на процесот на анализа на ризик во Царинската управа**, кое треба да биде донесено во првата половина од 2013 година. Во областа на управувањето со ризиците, започнати се активностти за утврдување и профилирање на ризици и начинот на вршење царински надзор во согласност со спецификите, на пошти, брзи пратки и карго, стоково царинење поединечно за секоја ЦИ (патен, железнички, авио итн.), патниците и личниот багаж за секој ГП поединечно (патен, авио и железнички сообраќај), поедноставени царински постапки, како и во царински складишта. Покрај претходното, во областа на царинските прекршоци, во тек е подготовка на Упатство за постапување при откривање на прекршок и натамошно спроведување на прекршочната постапка и Упатство за оценување на критериуми за изрекување на одредена прекршочна санкција.

[37] Automatic Number Plates Recognition (автоматски читач на регистарски таблички)

## ЦАРИНСКА КОНТРОЛА И ИСТРАГИ

Во 2012 година Царинската управа продолжи со унапредување на постојните системи за вршење царинска контрола и истраги, како и со истражување и воведување на нови методи[38].

Во контекст на претходното, а согласно одредбите предвидени во новиот Закон за кривична постапка (ЗКП), во декември 2012 година Царинската управа донесе **ново Упатство за работа на Одделението за истраги**. Со новото Упатство за работа на Одделението за истраги е предвидено постоење на правосудна полиција, во која спаѓаат и царинските службеници од Одделението за истраги кои работат по службена должност или по наредба на Јавното обвинителство во врска со преземање на мерки и активности за откривање на кривични дела, фаќање и пријавување на нивните сторители и обезбедување на докази. Согласно ЗКП, во Упатството е предвидено работа на царинските инспектори во истражни центри на определено време по барање на јавен обвинител со објавен внатрешен оглас, царинските службеници по потреба можат да бидат доделени на работа кај јавниот обвинител, царинските службеници кои ќе бидат на работа кај Јавното обвинителство се на располагање на Јавното обвинителство и работат под негова контрола, царинските инспектори можат да преземаат „полициски извиди» (фотографирање на осомничениот, подигање на отпечатоци од папиларни линии и подигање на траги од биолошки материјал), итн.

Кон крајот на 2012 година, Царинската управа го доработи **Упатството за постапување по писмена наредба за примена на посебни истражни мерки** (донесено во јануари 2013 година). Со ова упатство се пропишува начинот на постапување по добиена писмена наредба за примена на посебни истражни мерки од страна на судијата на претходната постапка или јавниот обвинител, а која треба да ја спроведат припадниците на правосудната полиција вработени во Царинската управа.

Во мај 2012 година Царинската управа донесе **ново Упатство за верификација на докази за преференцијално потекло на стоката**, со кое се унапредува начинот на контрола и верификација на доказите за потекло согласно договорите за слободна трговија склучени со ЕУ, ЕФТА, ЦЕФТА, Турција и Украина, со цел поефикасна заштита на фискалните интереси на Република Македонија, спречување и откривање даночно затајување, перење на пари идр.

Во мај 2012 година Царинската управа **донесе Упатство за изменување и дополнување на Упатството за поднесување на кривична пријава**, со цел негово усогласување со новиот Закон за кривична постапка.

Начинот на ажурирање и користење на електронската евиденција на кривични пријави е уредено со **Упатство за работа со електронската евиденција на кривични пријави,** донесено во јуни 2012 година. Упатството ги прецизира постапките од моментот на изработување на кривичните пријави од страна на царинските службеници во Одделението за истраги – Служба за борба против економски криминал и Служба за борба против криумчарење, нивна оверка и доставување до Основното јавно обвинителство. Со Упатството се уредени и опциите за внесување и пребарување на податоци во електронската евиденција за кривични пријави.

Во јуни 2012 година Царинската управа донесе ново **Упатство за начинот и постапката на приведување, лишување од слобода и задржување на осомничено лице,** со кое се регулира начинот и постапката на приведување, лишување од слобода и задржување на осомничено лице според новиот Закон за кривична постапка, чија примена е одложена за две години. Приведувањето, лишувањето од слобода и задржувањето се спроведуваат од страна на Правосудната полиција - царински инспектори од Одделението за истраги кои работат на откривање на кривични дела, преземаат мерки и активности за фаќање и пријавување на сторителите на кривични дела, обезбедуваат докази на кривичните дела и други мерки со кои се овозможува непречено водење на кривичната постапка. Приведувањето се спроведува врз лице кое е обвинето за сторено кривично дело. Лишувањето од слобода и задржувањето се спроведуваат врз лице за кое постојат основи на сомневање дека сторило кривично дело и кое се гони по службена должност.

Во декември 2012 година Царинската управа донесе **Упатство за транспорт на осомничено лице**, со кое се уредува начинот на транспортирање (превезување) на лице осомничено дека сторило кривично дело, од местото на сторување на кривичното дело до суд, јавно обвинителство, притворско одделение, односно зависно од видот на постапката.

[38] Инструкција за користење на националната база на податоци за вредност на Царинската управа на Република Македонија, Корисничко упатство за работа со мандатни казни во ЕДМС, Постапка за обезбедување услови за сместување и работна средина во Царинската лкабораторија, Упатство за спроведување на царински надзор и контрола на пратки на стока со поголем ризик од измама, Упатство за чување, обучување и користење на царински кучиња за откривање дроги, психотропни супстанци и прекрузори, Упатство за дополнителна проверка на документи за утврдување на царинска вредност, Упатство за фотодокументирање и фотоархивирање, Упатство за начинот на мерење на колска вага, Упатство за поднесување на кривична пријава, Упатство за постапување при откривање на двојни фактури, Упатство за примена на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам, Прирачник за EAR-Customs: Апликација за девизни средства, Упатство за начинот и постапката на приведување, лишување од слобода и задржување на осомничено лице, Упатство за работа на Одделението за истраги, Упатство за работа на Служба за мобилен скенер, Упатство за работа со системот за автоматско препознавање на регистарски таблички, Упатство за работа со електронски детектори за наркотици и експлозив, Упатство за работа со патролни моторни чамци, Прирачник за работа со моторен чамец, Упатство за прием, употреба и контрола на мерно-техничката опрема што се користи во Царинската лабораторија, Упатство за работните простории на Царинската лабораторија, одржување и пристап на службени и надворешни лица, Постапка на спроведување на испитувања во царинската лабораторија, Постапка на обезбедување на услови на сместување и работна средина во царинската алабораторија, Упатство за начинот на земање и постапување со мостри за лабораториско испитување, Упатство за земање мостри од нафта и нафтени деривати, Упатство за ракување и употреба на огнено оружје и муниција во Царинската управа, Упатство за скенирање на личен багаж на патници со мобилен скенер, Упатство за примена на Законот за надзор на пазарот, Упатство за верификација на доказите за префернцијално потекло на стоките.

Со цел постигнување повисоки стандарди на безбедност, Царинската управа во јуни 2012 година донесе ново **Упатство за ракување и употреба на огнено оружје и муниција во Царинската управа.** Одредбите на Упатството дефинираат попрецизни безбедносни правила на чување, носење, ракување и употреба на оружјето и муницијата, услови што треба да бидат исполнети за задолжување и постапка што се спроведува при раздолжување.

Во јуни 2012 година Царинската управа стави го надгради Системот за информирање на менаџментот со **модул за евидентирање на известувања за спречување на пуштање на стоки во слободен промет**, што има за цел зголемување на ефикасноста во спроведување на Законот за надзор на пазарот. Електронската евиденција на известувањата за спречување на пуштање на стоки во слободен промет е уредена со **Упатство за работа со модул за надзор на пазарот,** донесено во јуни 2012 година.

Во декември 2012 година е донесено **Упатство за работа со електронската евиденција на заплени**, со кое се уредува начинот на ажурирање и користење на електронската евиденција на заплени што се води во Службата за аналитика и статистика при Секторот за контрола и истраги. Во електронската евиденција се внесуваат податоци за заплени кои се изработени од страна на царинските службеници во сите царински испостави од сите царинарници, Одделението за истраги и Одделението за оперативни работи при Секторот за контрола и истраги.

Во ноември 2012 година Царинската управа донесе **Упатство за примена на Законот за лекови и медицински помагала.** Со истото се уредуваат предметот, надлежностите и постапките што ги спроведуваат организационите единици во Царинската управа при увоз на лекови и медицински помагала во стоков и патнички промет.

Имајќи го предвид пројавениот интерес за активирање и работа на деловни објекти на меѓуграничниот простор (како редовни даночни обврзници, а не како бесцарински продавници), во септември 2012 година Царинската управа донесе **Упатство за царинска контрола над стоки наменети за продавници на граничните премини**. Со ова Упатство се уредува контролата која ја спроведуваат надлежните царински испостави над стоките со кои се снабдуваат продавниците на граничните премини.

Кон крајот на 2012 година Царинската управа го доработи **Упатството за привремено одземање на стока предмет на кривично дело и нејзино транспортирање** (донесено во јануари 2013 година). Со ова упатство се регулира начинот и постапката на привремено обезбедување и одземање на предмети со кои е извршено кривично дело, како и предмети кои потекнуваат од извршено кривично дело и нивно транспортирање.

Покрај веќе спроведените реформите, во 2012 година Царинската управа започна со подготовка на нови реформи во оваа област, а кои треба да се реализираат во 2013 година и натаму. Позначајни се следните:

- Измена на Упатството за работа со системот за автоматско препознавање на регистерски таблички ANPR со цел воведување неделна контрола на раздолжување на транзит на ТМВ, како и контрола на транзитот и привремениот увоз на странски моторни возила;
- Упатство за контрола на увозот и царинење на енергенси (струја, гас, нафта и деривати) кои се пренесуваат преку фиксни цевководи односно електрични мрежи;
- Уредување на статстиката и извештаите за прометот на ТМВ;
- Воспоставување систем за проверка на потеклото на имотот во соработка со УЈП;
- Обезбедување законски основи според кои ЦУ ќе врши првична контрола при влез на производи кои влегуваат во РМ, за сметка на соодветните инспекциски служби;
- Обезбедување увид во платниот промет со странство за поединечни трансакции и субјекти;
- Организирање анализа на ризик во МАКЦИС за заеднички контроли со Државен пазарен инспекторат (вклучување на RAPEX), земање мостри и лабораториски анализи;
- Упатство за работа на Одделението за внатрешна ревизија (секоја ревизија да содржи и ревизија на интерните контролни системи и ризици);
- Изготвување на контролни листи за проверка на поедини групи на проиозводи од аспект на примена на Законот за надзор на пазарот во делот на надлежностите на Царинската управа;
- Упатство за работа со Базата за управување со предмети – Case Management Data Base;
- Воспоставување системи за размена на податоци со соседни држави за пренос на пари и хартии од вредност;
- Упатство за начинот на транспорт на откриени наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори;
- Упатство за видови на записи, начин на евидентирање и обезбедување нивна доверливост и сигурност во царинска лабораторија;
- Упатство за интерна проверка, управување со неусогласени испитувања, корективни, превентивни мерки во царинска лабораторија;
- Подготовка на прирачник царинската лабораторија во согласност со барањата на ISO 17025;
- Упатство за одредување на мерна несигурност во царинска лабораторија;
- Упатство за валидација на аналитичка метода на царинска лабораторија.

## КОНТРОЛА ПО ЦАРИНЕЊЕ И НАДЗОР НА ИМАТЕЛИ НА ЦАРИНСКИ И АКЦИЗНИ ОДОБРЕНИЈА

Контролата по спроведено царинење добива сè поголема улога во откривањето царински измами (посебно од фискален аспект), но и во праќањето порака дека царинската контрола не завршува со царинењето на стоката. Имајќи ги предвид олесувањата што се добиваат со одобренијата што Царинската управа ги издава за постапки со економски ефект, поедоставени царински постапки и акцизни дозволи, како и ризиците за нивна злоупотреба, контролата на одобренијата од овој вид, исто така добиваат сè поголемо значење. Начинот на вршење контрола во оваа област е уредена со повеќе интерни акти и системи, воведени во претходниот период[39].

Во јуни 2012 година (ревидирано во ноември 2012 година) Царинската управа донесе **Упатство за вршење теренска контрола на иматели на одобренија за царински постапки со економски ефект.** Со ова Упатство се уредува планирањето, подготовката и начинот на вршење теренска контрола на иматели на одобренија за царински постапки со економски ефект (царинско складирање, увоз за облагородување, преработка под царинска контрола, привремен увоз и извоз за облагородување.

Покрај веќе донесените реформи, во 2012 година Царинската управа започна со ревидирање и усогласување на постоечкото Упатство за контрола на трговски друштва со препораките на WCO, како и со активности за воспоставување систем за контрола на производството на акцизни добра врз основа на нормативите.

## ЦАРИНСКА И ДРУГА КОНТРОЛА

Во 2012 година Царинската управа продолжи со интензивни царински и други контроли, во соработка со други домашни институции надлежни за контрола на примената на законите (Министерство за внатрешни работи, Агенција за храна и ветеринарство, Државен инспекторат за земјоделство, Управа за финансиска полиција, Управа за јавни приходи, Државен инспекторат за транспорт и др.) како и во соработка со царински служби на други држави и во соработка со меѓународни организации и институции. Во однос на царинската контрола, постигнати се значителни резултати при вршењето физичка и документарна контрола, како и при вршењето контрола после спроведена царинска постапка.

### ФИЗИЧКА ЦАРИНСКА КОНТРОЛА

Физичката царинска контрола опфаќа контрола на законитоста на влез, излез и транзит на стока и патници во царинското подрачје на Република Македонија и декларирањето на видот и количината на стоката за нејзино царинење.

Со примена на системот за анализа на ризик, соработка со други државни институции надлежни за контрола на примената на законите, како и врз основа на непосредна проценка на царинските службеници, физичката царинска контрола резултираше со голем број успешни акции. Според бројот на акции и количината на привремено задржани и запленети предмети, евидентно е дека покрај интензивните акции и резултати од акциите за спречување нелегална трговија со наркотички дроги, нелегалната трговија се карактеризира со масовни обиди за шверц и криумчарење на мали пратки на призводи за широка потрошувачка кај кои сеуште постојат увозни давачки.

Подолу се прикажани поинтересни **заплени и привремено задржани стоки во над 430 случаи** во следните области:

| Групи на запленети и привремено задржани стоки | Бр.на акции | Ед. мерка | Количина |
|---|---|---|---|
| Спречување нелегна трговија со наркотички дроги, психотропни супстанци и прекурзори | 25 | кг | 700 |
| Спречување нелегална трговија со оружје и распрскувачки материи и предмети | 11 | парче | 1.877 |
| Заштита на културното наследство на Република Македонија | 2 | парче | 460 |
| Спречување на нелегална трговија со живи животни | 5 | парче | 2.264 |
| Спречување нелегална миграција | 6 | лица | 14 |
| Спречување недозволено пренесување на готови пари и хартии од вредност | 25 | евра | 705.000 |
| Спречување неовластено тргување со лекови и медицински помагала | 31 | парче | 118.000 |
| Спречување неовластена трговија со прехранбени производи | 25 | парче | 30.000 |
| | | кг | 5.600 |
| Спречување нелегална трговија со цигари и други тутунски производи | 60 | парче | 310.000 |
| Спречување забранета употреба на екстра лесно гориво | 28 | парче | 28[40] |
| Спречување нелегална трговија со облека, модни додатоци, текстилни производи, репроматеријали | 86 | парче | 78.000 |
| | | кг | 4.500 |
| | | $м^2$ | 17.000 |
| Спречување нелегална трговија со бижутерија, галантерија и предмети и накит од благородни метали | 32 | парче | 16.000 |
| Спречување нелегална трговија со козметика, парфеми, средства за хигиена и сл. | 15 | парче | 31.000 |
| Спречување нелегална трговија со други видови стока | 82 | парче | 95.000 |

[39] Упатство за вршење надворешна контрола на иматели на акцизни дозволи, одобренија и на корисници на акцизни добра, Упатство за вршење теренска контрола на трговски друштва

[40] Станува збор за 28 привремено задржани возила кои спротивно на законот користеле т.н. црвена нафта како погонско гориво

## СПРЕЧУВАЊЕ НЕЛЕГАЛНА ТРГОВИЈА СО НАРКОТИЧКИ ДРОГИ, ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИ И ПРЕКУРЗОРИ

Во 2012 година, самостојно или во соработка со МВР, **откриени се 25 обиди за нелегална трговија со околу 700 кг наркотички дроги**, психотропни супстанци и прекурзори, од кои:

- 9 акции се откриени 630,5 кг марихуана
- во 12 акции се октриени 62,6 кг хероин
- во 2 случаи се откриени 1.278 таблети метадон
- во 3 случаи се откриени 50 кг ацетон, 70 гр псилоцин – магични печурки и 8 кг хлороводордна киселина.

Најголем дел од запленетите наркотички средства (а пред сè марихуаната и хероинот) се запленети при нивен транзит низ Република Македонија кон држави членки на ЕУ.



*513 кг марихуана запленета во декември 2012 година на влез на ГП Ќафасан (Албанија), во координација на Царинска управа и МВР. Дрогата беше скриена во специјален бункер во ТМВ кое превезувало цемент*



*25 кг марихуана запленета во декември 2012 година на излез на ГП Табановце Србија). Дрогата беше скриена во ПМВ во внатрешните делови на вратите и во шалт таблата*



*1,650 кг хероин запленет во декември 2012 година на излез на ГП Табановце (Србија). Дрогата беше скирена кај патник во автобус со крајна дестинација Виена*



*9.4 кг хероин запленет во октомври 2012 година на излез на ГП Деве Баир (Бугарија). Дрогата беше скриена во браниците на ПМВ*

## СПРЕЧУВАЊЕ НЕЛЕГАЛНА ТРГОВИЈА СО ОРУЖЈЕ И РАСПРСКУВАЧКИ МАТЕРИИ И ПРЕДМЕТИ

Во 2012 година **откриени се 6 обиди за нелегално внесување на оружје и муниција,** и тоа еден пиштол, еден револвер и 374 парчиња боева и ловечка муниција. Исто така, во 5 обиди откриени се 1.389 парчиња и 73 пакувања пиротехнички сретства и распрскувачки матерјали, како и 40 парчиња метални боксирачи.



*120 парчиња муниција запленета во октомври 2012 година на ГП Ќафасан-влез, од македонски државјанин. Муницијата беше скриена во најлонска кеса под седиштето за совозачот во ПМВ*



*40 парчиња метални боксирачи запленети во декември 2012 година на ГП Блаце (Косово) кај македонски државјанин. Боксирачите беа скриени во најлонска кеса во автобус на релација Скопје – Нови Пазар*

## ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во **2** случаи во 2012 година **Царинската управа заплени 460 предмети кои претставуваат културно наследство** на Република Македонија (399 монети и 61 други артефакти). Најголем дел од нив потекнуваат од II век IV, а некои од нив и до п.н.е. Царинската управа перманентно презема активности за унапредување на капацитетот за идентификување, заштита и спречување на нелегално изнесување на културното наследство на Република Македонија.



*262 артефакти од територијата на Македонија (монети, оловни печати идр.) запленети во септември 2012 година на аеродромот Александар Велики во Скопје, од странски државјанин. Најголем дел потекнуваат од III-IV век, а останатите се од различни временски периоди, вклучително и од п.н.е*



*143 монети и 55 артефакти од територијата на Македонија запленети во септември 2012 година на ГП Табановце – железничка станица (Србија). Најѕ олем дел потекнуваат од II – III век*

## СПРЕЧУВАЊЕ НЕЛЕГАЛНА ТРГОВИЈА СО ЖИВИ ЖИВОТНИ

**Во 5 акции** во 2012 година **Царинската управа заплени околу 2.264 живи животни**, од кои, околу 1.350 црвеноушести желки, околу 900 украсни аквариумски рипки и 20 егзотични животни, од кои 6 заштитени со заштитени со CITES – Конвенцијата за меѓународна трговија со загрозени видови на дивата флора и фауна.



*4 единки камелеон (Bradypodion pumilum – Cape dwarf cameleon) заштитени со CITES – Конвенцијата за меѓународна трговија со загрозени видови на дивата флора и фауна, запленети на ГП Табановце (Србија) во ноември 2012*



*2 единки кралски питон (Python regius-Eticulated python), заштитени со CITES – Конвенцијата за меѓународна трговија со загрозени видови на дивата флора и фауна, запленети на ГП Табановце во ноември 2012 година*



*450 црвеноушести желки, откриени во март 2012 година на излез на ГП Табановце (Србија). Желките се пронајдени во торба , патник, македонски државјанин во автобус на релација Охрид - Белград*



*Околу 900 украсни аквариумски рипки запленети во март 2012 година на влез на ГП Табановце. Рипките беа пронајдени во патничка торба во тоалетот на автобус, за кои возачот изјавил дека се негови*

## СПРЕЧУВАЊЕ НЕЛЕГАЛЕН ПРЕНОС НА ГОТОВИ ПАРИ И ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Во текот на 2012 година откриени **се 25 обиди за нелегално пренесување преку граница на готови пари и хартии од вредност** во различни валути, **во проттивредност од околу 705 илјади евра,** од кои околу 193 илјади евра во чекови (во 2012 година се запленети околу 201 илјади евра во 10 случаи).



*900 илјади денари привремено задржани на влез на ГП Ќафасан (Албанија). Денарите беа скриени во пластична вреќа во багажниот простор на патнички автобус*



*318 илјади евра привремено задржани во ноември 2012 на излез на ГП Табановце (Србија) сокриени во ранец на возачот на ПМВ*

**Куриозитет претставува спречувањето на нелегален влез на 900 илјади македонски денари**. Најголем дел од готовите пари и хартии од вредност се запленети при излез од Република Македонија и се деноминирани во евра. Откриените случаи од овој вид се пријавуваат во Агенцијата за финансиско разузнавање со цел утврдување поврзаност со перење пари, до Управата за јавни приходи со цел утврдување на потеклото и оданочувањето на парите, а согласно спецификите на случајот и до МВР, Управа за финансиска полиција и други домашни и меѓународни институции надлежни во областа.

## СПРЕЧУВАЊЕ НЕЛЕГАЛНА МИГРАЦИЈА

**Во 6 случаи**, во 2012 година **Царинската управа откри 14 странски државјани кои се обиделе нелегално да ги преминат границите на Република Македонија**. Најголем број од странските нелегални мигранти се откриени при транзит низ Република Македонија, чија крајна дестинација биле држави членки на ЕУ. Најчесто странските нелегални мигранти не поседувале лични документи.



*Нелегален мигрант откриен на ГП Богородица (Грција), влез, во јуни 2012 година. Мигрантот бил скриен во багажниот простор на ПМВ, наменет за резервна гума.*



*Откриени 4 странски нелегални мигранти во август 2012 година на влез на ГП Богородица (Грција). Мигрантите биле скирени во ТМВ со турски регистарски таблички натоварено со моторно масло наменето за Косово.*

## СПРЕЧУВАЊЕ НЕЛЕГАЛНА ТРГОВИЈА СО ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ ПОМАГАЛА

Во 2012 година во **31 акција се запленети околу 100 илјади парчиња лекови** и **околу 18 илјади парчиња медицинска опрема и помагала.** Најголем дел од запленетите лекови се од групата на седативи, антибиотици, хормонски, лекови за импотенција, кожни болести и друго, наменети за лекување на болести од шизофренија, за неплодност, вирусни инфекции, паркинсова болес, тешка депресија и медицински материјали за стоматологија и медицина. При запленувањето лекови и медицински помагала Царинската управа задолжително соработува со надлежното Биро за лекови поради утврдување на други (не само царински) последици по здравјето и животот на луѓето и преземање други мерки против сторителите и крајните примачи на стоката.



*3269 парчиња лекови и медицинска опрема за плените на влез на ГП Аеродром Александар Велики во октомври 2012 година. Лековите биле скриени во 4 куфери на државјани на САД.*



*78 илјади парчиња лекови запленети во декември 2012 на ГП Табановце (Србија) Лековите биле скриени во багажен дел на ПМВ со македонски регистарски таблички*

## СПРЕЧУВАЊЕ НЕЛЕГАЛНА ТРГОВИЈА СО ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ

Во 2012 **година во 25 случаи е спречен шверц на околу 30 тони и околу 5,6 илјади парчиња прехранбени производи** и помала количина алкохолни пијалоци. Најголем дел од запленетите прехранбени производи се однесуваат на запленета риба, месо и месни производи, кондиторски производи, како и други производи. При запленета на прехранбени производи, Царинската управа задолжително соработува со Агенцијата за храна и ветеринарство, со цел утврдување на евентуални други прекршувања на законот од аспект на здравјето и животот на луѓето и соодветен третман на запленетата стока.



*2.000 кг жива риба Толстолобик запленети во декември 2012 година на ГП Ново Село (кон Бугарија).*



*4.500 парчиња лепчиња за сендвичи запленети во ноември 2012 година на ГП Деве Баир (кон Бугарија)*

## СПРЕЧУВАЊЕ НЕЛЕГАЛНА ТРГОВИЈА СО ЦИГАРИ И ДРУГИ ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ

Во текот на 2012 гдина во **60 случаи се запленети околу 310 илјади парчиња цигари и други тутунски производи**. Карактеристично е дека во најголем дел, заплените за реализирани при излез од царинското подрачје на Република Македонија, на граничните премини со соседните држави, членки на ЕУ.



*345 кутии цигари откриени на излез на ГП Делчево (Бугарија), сокриени под здолништето во хулахопките на сопругата на возачот на автомобил со бугарски регистарски таблички*



*150 штеки цигари откриени на ГП Деве Баир (Бугарија). Цигарите биле сокриени во пределот на менувачот и во пределот на стаклото на возачот на автобус со турски регистарски таблички*

## СПРЕЧУВАЊЕ НА НЕЗАКОНСКО КОРИСТЕЊЕ НА ЕКСТРА ЛЕСНО МАСЛО ЗА ГРЕЕЊЕ

**Поради незаконско користење на екстра лесното масло за греење** (т.н. црвена нафата наменета за загревање, чија акциза е значително помала од акцизата на дизелот) како погонско гориво, во 2012 година **привремено** се **задржани 28 возила,** изречена е глоба и наложена дополнителна наплата на акциза. Казнените одредби предвидуваат вкупна глоба од околу 4.000 – 5.000 евра (за возач, фирма и управител на фирмата), плаќање акциза на дизел горива на основица еднаква на 100 резервоари на конкретното возило со кое е користена црвена нафта, како и одземање на тоа возило. Вкупно изречената глоба за досега решени 22 прекршоци изнесува 2 милиони денари, а вкупно наложената дополнителна обврска за плаќање акциза изнесува 13,1 милиони денари.



*Земање на гориво од резервор за лабораториско испитување*




*Привремено задржано ТМВ поради користење црвена нафта*

## СПРЕЧУВАЊЕ НЕЛЕГАЛНА ТРГОВИЈА СО ОБЛЕКА, МОДНИ ДОТАТОЦИ, ТЕКСТИЛНИ ПРОИЗВОДИ, РЕПРОМАТЕРИЈАЛИ

Според количините на запленети стоки, облеката, модните додатоци и текстилните производи се меѓу најзастапените производи кои се предмет на шверц, криумчарење и царински измами во Република Македонија. **Во околу 75 акции**, во 2012 година.

**Царинската управа привремено задржа околу 42 илјади парчиња и 3 тони готова облека** (вклучително и спортска), околу 16 илјади парчиња разни додатоции на облека, над 17 илјади $м^2$ текстил и текстилни производи и околу 20 илјади парчиња и над 1,5 тон репроматеријали. Облеката и модните додатоци најчесто се шверцуваат во мали пратки кои тешко се откриваат, што го потврдува и фактот што во 2012 година имаше околу 75 случаи на привремено задржана стока од овој вид.



*Текстилни и други производи запленети во мај 2012 година кај Демир Капија од специјалните единици на Царинска управа*



*Над 6 илјади парчиња репроматеријали за облека (патенти, нитни, украсна лента, конец, леплива лента, копчиња, ластик, игли за везење и др.), запленети во октомври 2012 година на ГП Богородица (Грција).*



Запленети крзна од питом зајак при влез на ГП Меџитлија (Грција) во октомври 2012 година



Над 2000 кг текстилен материјал, запленет од фирма во Штип, за кој не биле платени увозни давачки (лон)

## НЕЛЕГАЛНА ТРГОВИЈА СО ГАЛАНТЕРИЈА И НАКИТ

Врз основа на извршен физички преглед, царинските службеници во 9 случаи запленија околу 13 илјади парчиња бижутерија, во 9 случаи 1.800 часовници и делови за часовници, во 14 случаи околу 1.000 пачиња паричници, ташни, ремени, ремени, очила за сонце итн.



4.500 парчиња бижутерија и 6 кг монистри запленети во јули 2012 година на ГП Богородица (Грција)

## НЕЛЕГАЛНА ТРГОВИЈА СО КОЗМЕТИКА, ПАРФЕМИ, СРЕДСТВА ЗА ХИГИЕНА И СЛ.

Во текот на 2012 година во околу 15 случаи физичката царинска контрола резултираше со заплена на над 31 илјада парчиња козметички препарати и прибор, парфеми и средства за хигиена.



Повеќе од 28 илјади козметички препарати запленети во јули 2012 година на ГП Богородица (Грција) (депилатори, стерилизатори, машина за топење восок, фенови, тоалетни води, гелови, шампони, сапуни, жилети, четки за коса, четки за бричење, стапчиња за спречување на крварење и др)

## СПРЕЧУВАЊЕ НЕЛЕГАЛНА ТРГОВИЈА СО ДРУГИ ВИДОВИ СТОКА

Покрај претходно наведените групи на стоки, во текот на 2012 година **во над 82 случаи** се запленети **над 95 илјади парчиња** и повеќе илјади килограми разновидна стока која не била пријавена за царинење (машини, опрема, намештај, бела техника, кујнски прибор, мобилни телефони, автоделови и автокозметика, обувки идр).



Запленети 770 луксузни модели на мобилни телефони ( iPHONE 4, HTC, NOKIA, SAMSUNG) во јануари 2012 година на ГП Аеродром Александар Велики, Скопје



35 илјади разни ножеви запленети во септември 2012 година на ГП Богородица (Грција). Истите не биле опфатени со приложените документи за царинење



*Над 5 тони ѓубриво запленето во јули 2012 година на ЦИ Струмица.*



*Над 3.3 илјади делови запленети во мај 2012 година на ГП Блаце (Косово). Стоката била сокриена во просторот за резервна гума на ПМВ*

### НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ПРАВИЛАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СТРАНСКИ ВОЗИЛА И ЗА ЈАВЕН ПРЕВОЗ

Поради **непочитување на прописите за управување со странски моторни возила** во Република Македонија, во 2012 година Царинската управа **во 119 случаи привремено задржа 119 возила** од кои 81 патнички моторни возила, 5 товарни, 29 моторцикли, 1 четирицикл, 1 трицикл и 2 велосипеди со мотори. Самостојно или во соработка со Државниот инспекторат за транспорт, Царинската управа во 2012 година откри **97 случаи на непочитување на прописите во меѓународниот превоз на патници,** при што поведени се 11 прекршочни постапки, изречени се 21 глоба, издадени се 62 решенија за забрана за влез или излез од Република Македонија и 3 решенија за отстранување на констатирани недостатоци.

## ДОКУМЕНТАРНА ЦАРИНСКА КОНТРОЛА

| Вид на документ | Невалидни | Фалсификувани | Други | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Фактури (пониска вредност) | 16.588 | 12 | 3.692 | 20.292 |
| Цертификати за преференцијално потекло | 218 | 11 | 64 | 293 |
| Несоодветно тарифно распоредување на стоката | 457 | 0 | 115 | 572 |
| Други документи за пресметка на увозни давачки | 1.059 | 0 | 12 | 1.071 |
| Други видови невалидни документи | 29 | 0 | 0 | 29 |
| **Вкупно** | **18.351** | **23** | **3.883** | **22.257** |

Документарната царинска контрола опфаќа контрола на усогласеноста на царинските и други документи за царинско постапување согласно регулативата. Оваа контрола се врши при увоз, извоз, транзит, привремен увоз, на правни лица и за нивните управители, како и за физички лица, без оглед дали станува збор за резиденти и за нерезиденти. Врз основа на непосредна документарна царинска контрола (царински испостави, Одделение за истраги, Одделение за оперативни работи, Царинска лабораторија), **во над 22 илјади случаи** се откриени несоодветни документи за царинење и за усогласеност со мерките на трговската политика, од кои **над 20 илјади случаи невалидни, фалсификувани и други несоодветни документи со цел прикажување пониска царинска вредност** за пресметка на увозни давачки, скоро **300 случаи на невалидни цертификати за преференцијално потекло** на стоките со цел избегнување плаќање на увозни давачки, над **600 случаи за несоодветно распоредување во тарифни ознаки со помали увозни давачки** и над 1.000 случаи на презентирање други видови несоодветни документи за избегнување плаќање на увозни давачки или мерките на трговската полтика.

**Со откриените невалидни и фалсификувани царински и други документи, увозниците се обиделе да избегнат плаќање на околу 875 милиони денари на име увозни давачки**. Интересен момент е дека најголем број од невалидните и фалсификувани документи за царинска вредност се однесува на увозно царинење на користени возила. Откриените случаи на распоредувањето на стоките во несоодветни тарифни ознаки, тарифно распоредување, пред сè се однесуваат на месо и други прехранбени производи, течен нафтен гас, техничка стока, и сл. Покрај наодите откриени директно од страна на царинските испостави и одделенијата за истраги и за оперативни работи, значителна улога во утврдување на несоодветно тарифно распоредување на стоките имаше Царинската лабораторија.

## ЦАРИНСКА ЛАБОРАТОРИЈА

Во 2012 година, во Царинската лабораторија[41] се **анализирани 513 мостри** (430 во 2011 година). Најголем дел од мострите се однесуваат на нафта и нафтени производи, прехрабени производи и производи од хемиската индустрија. Притоа, од вкупно 513 анализирани мостри, во 285 случаи (55%, од кои 152 врз основа на анализа на техничката документација, 133 врз основа на лабораториска анализа) е констатирано дека стоката била распоредена во несоодветна тарифна ознака. Несоодветното тарифно распоредување имало за цел распоредување во тарифна ознака со помала или без царинска стапка или стапка на ДДВ, како и со цел избегнување на забрани и ограничувања за увоз на стока, утврдени со мерките на трговската политика. Со овие анализи е констатирано дека увозниците со несоодветното тарифно распоредување се обиделе да избегнат плаќање на вкупно 22 милиони денари на име увозни давачки, како и избегнување на мерките на трговската политика за увоз на нафта и нафтени производи (поголема содржина на сулфур, користење екстра лесно масло за греење како погонско гориво, бензин со помалку октани од дозволеното итн.). Против сторителите се преземени мерки согласно законот.

# РЕЗУЛТАТИ ОД ПОСТЦАРИНСКА КОНТРОЛА

Постцаринската контрола опфаќа контрола кај трговските друштва после спроведено царинење, како и надзор на иматели на одобренија за царински постапки со економски ефект, одобренија за поедноставени царински постапки за вршење работи на застапување во царински постапки и др.

Во 2012 година **извршени се 1.927 контроли на трговиски друштва**, вклучително и иматели на царински и акцизни одобренија од секаков вид. При извршените 55 контроли на трговски друштва **откриени се 34 случаи** на обиди за избегнување плаќање на увозни давачки на вкупен износ од **354 милиони денари**. Обидите за избегнување на увозни давачки пред сè се однесуваат на непријавување на трошоци, (трошоци за меѓународен транспорт, лежарини и складишнини, тантиеми и лиценци), неправилно тарифно распоредување, непријавен увоз на стоки, неправилно декларирано преференцијално потекло. За откриените неправилности се поднесени соодветни пријави, согласно законот.

| Вид на контрола | Број на контроли | |
|---|---|---|
| | 2012 | 2011 |
| Контрола на трговски друштва | 55 | 52 |
| Контрола на иматели на акцизни одобренија | 55 | 43 |
| Контрола на иматели на одробренија за увоз за облагородување | 222 | 227 |
| Контрола на иматели на одобрени за царинско складирање | 153 | 148 |
| Контрола на иматели на други одобренија со економски ефект | 36 | 18 |
| Контрола на поедноставени царински постапки | 1.175 | 972 |
| Контрола на иматели на одобренија за царинско застапување | 231 | 0 |
| Контрола на иматели на други одобренија | 0 | 1 |
| **Вкупно** | **1.927** | **1.461** |

При извршените 55 контроли на иматели на акцизни одобренија откриени се 3 случаи на обиди за избегнување плаќање на акцизни давачки на вкупен износ од 119 милиони денари, за што се поднесени пријави согласно закон. Поради непридржување кон пропишаните услови, одземени се 7 акцизни дозволи.

**Интересен случај**

При контрала на увозот, извозот и транзитот на електрична енергија, кај 4 трговски друштва е констатирано дека истите **не пријавиле увоз на 576,9 илјади MWh** електрична енергија, односно не оцариниле и не платиле 325 милиони денари ДДВ. Истовремено, при контролата на царинските документи и договорите на една од овие компании, констатирано е дека увезла **42,5 илјади MWh електрична енергија по значително повисоки цени од декларираните,** со што избегнала да плати 7,3 милиони денари ДДВ. Против истите се преземени мерки во согласност со закон.

При извршените 222 контроли на иматели на одобренија за увоз за облагородување откриени се 7 случаи за избегнување плаќање увозни давачки во вкупен износ од 1,3 милиони денари. Поради непридржување кон условите, нема одземено ниту едно одобрение, но се одземени и 18 илјади m$^2$ и над 8 илјади кг текстил и други материјали. При контролата на иматели на одобренија за царинско складирање се откриени 13 случаи за избегнување плаќање увозни давачки во вкупен износ од 6 милиони денари.

**Интересен случај**

При редовна контрола на имател на одобрение за складирање на царинска стока, царинските службеници открија недостаток на 200 тона замрзнато свинско и јунешко месо, со вредност од околу 30 милиони денари. Се претпоставува дека месото било преработено и како такво бесправно пуштено во слободен промет. На ваков начин компанијата се обидела да избегне плаќање на увозни давачки на вкупен износ од околу 6 милиони денари.

[41] Царинската лабораторија работи во просториите на Институт за хемија при Природноматематичкиот факултет. Методите за анализи ги заеднички ги подготвува стручен тим составен од научно истражувачкиот кадар од Институтот за хемија и вработените во Службата за царинска лабораторија при Царинска управа.

Во 2012 година се откриени 11 случаи на непридржување на условите за поедноставени царински постапки поради што се одземени 11 одобренија за поедноставени царински постапки.

## ПРЕЗЕМЕНИ ПРАВНИ МЕРКИ ЗА ОТКРИЕНИТЕ НЕПРАВИЛНОСТИ

Покрај непосредно, на записник наложување плаќање на поголеми износи на увозни давачки и одземањето на царински иа акцизни одобренија, за утврдените неправилности Царинската управа донесува управни решенија за дополнителна наплата на увозни и акцизни давачки и поднесува прекршочни и кривични пријави.

### РЕШЕНИЈА ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА НАПЛАТА НА УВОЗНИ И АКЦИЗНИ ДАВАЧКИ

Во текот на 2012 година Царинската управа донесе 1.047 решенија за дополнителна наплата на увозни и акцизни давачки.

На име дополнителна наплата на увозни давачки се донесени 1.017 решенија на вкупен износ од 646 милиони денари, меѓу кои и:

- 98 решенија за дополнителна наплата на вкупен износ од 9 милиони денари поради несоодветно распоредување на стоката во тарифна ознака со пониски (или нула) стапки на увозни давачки,
- 164 решенија за дополнителна наплата на вкупен износ од 46 милиони денари поради декларирани пониска вредност на стоката како основица за пресметка на увозните давачки, утврдено со проверка на фактури и други документи за царинска вредност во царинските служби на извозникот,
- 145 решенија за дополнителна наплата на вкупен износ од 10 милиони денари поради невалидни докази за преференцијално потекло на стоката, врз основа на проверка во царинските служби на увозникот,
- 543 решенија за дополнителна наплата на вкупен износ од 400 милиони денари врз основа на нецаринета стока, невалидни и нецелосни документи за утврдување на основицата за пресметка на царински долг, утврдени со контрола на трговски друштва.

На име дополнителна наплата на акцизни и други давачки се донесени 30 решенија на вкупен износ од 156 милиони денари.

### ПРИЈАВИ ЗА ЦАРИНСКИ, ДЕВИЗНИ И АКЦИЗНИ ПРЕКРШОЦИ

Во 2012 година се поднесени **737** прекршочни пријави од кои:

- 674 за сторен царински прекршок,
- 18 за сторен девизен прекршок, и
- 45 за акцизен прекршок.

Решени се вкупно **1.657** прекршочни предмети (поднесени пред сè од претходните години) и притоа на сторителите им е изречена **глоба во денарска противвредност од околу 91 милиони денари**. Во **1.307** предмети покрај глобата изречена е и посебна мерка одземање на стоката предмет на прекршокот, а во 28 предмети за сторен девизен прекршок изречена е мерка одземање на девизни средства од различни валути во денарска противвредност од околу 17,5 милиони денари.

### КРИВИЧНИ ПРИЈАВИ

Царинската управа во 2012 година **поднесе 91 кривична пријава против 111 физички и 31 правно лице**. Најголем број од поднесените кривични пријави (47 кривични пријави против 52 физички и 26 правни лица) се однесува на поднесени фалисфикувани и невалидни документи со пониски вредности од правите како царинска основица за пресметка на увозни давачки), при што било избегнато плаќање на околу 300 милиони денари увозни давачки. Поради недозволено тргување на наркотички дроги Царинската управа во 2012 година поднесе 15 кривични пријави против 21 физичко лице.

ПОДНЕСЕНИ КРИВИЧНИ ПРИЈАВИ ВО 2012 ГОДИНА

| Основ за поднесена кривична пријава | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави |
|---|---|---|---|
| Недозволено тргување со наркотички дроги | 21 | | 15 |
| Недозволена трговија со цигари | 2 | | 2 |
| Незволено тргување со оружје и распрскувачки материјали | 4 | | 4 |
| Недозволено тргување со лекови | 3 | | 3 |
| Криумчарење благородни метали | 3 | | 3 |
| Криумчарење други видови стока | 18 | 2 | 11 |
| Фалсификување други исправи | 2 | 1 | 2 |
| Поднесени факлсифкувани фактури | 22 | 2 | 22 |
| Поднесени фалсификувани цертификати за потекло на стоката | 1 | 1 | 1 |
| Поднесени фактури со пониски цени од вистинските | 30 | 24 | 24 |
| Неовластено производство и промет со општо опасни материи | 2 | | 2 |
| Изнесување во странство археолошки матерјал, споменик на културата | 1 | | 1 |
| Злоупотреба на постапка за јавен повик | 2 | 1 | 1 |
| **Вкупно** | **111** | **31** | **91** |

Поради криумчарење разни видови друга стока, во 2012 година Царинската управа поднесе 11 кривични пријави против 18 физички и 2 правни лица.

## УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ АКТИВНОСТИ

Во 2012 година Царинската управа учествуваше, ги координираше и организираше на национално ниво следниве меѓународни операции и проекти:

- **Проект FAIR PLAY II** за заштита на правата на интелектуална сопственост на логото на Олимписките и Параолимписките игри што се одржаа во Лондон;
- **Проект GLOBAL SHIELD** за размена на информации помеѓу земјите учеснички во проектот за легалните увози, извози, транзити и трговија со високо ризични хемикалии;
- **Операција DEMETER II** фокусирана на борбата против нелегалната трговија со опасен отпад;
- **Операција SHADOW V** за сомнителни пратки на цигари и суров тутун низ земјите од Југоисточна Европа;
- **Операција GREEN PANDORA** за откривање, контрола и спречување на нелегалната трговија, преку контејнерски транспорт, со стоки кои штетно влијаат врз природата и животната средина;
- **Проект CAN**, чија цел беше откривање и заплена на нестандардни, расипани или фалсификувани фармацевтски производи, прехрамбени производи или електрични уреди и нивни делови и опрема;
- **Операција ATHENA III** фокусирана на нелегалното пренесување на готови пари и други платежни средства;
- **Операција HERMET** за борба против недозволената трговија со хероин и метамфетамини и
- **Операција ORION** чија цел беше спречување на нелегалното изнесување на заштитени птици уловени од страна на италијански ловци.

Во 2012 година Царинската управа **внесе во CEN базата 130 заплени** од кои најголемиот дел се однесуваат на повреда на правото од интелектуална сопственост (59), заплена на дрога (22), заплена на девизи (12), заплена на лекови за човечка употреба (11) итн., а доставени се и 20 информации за заплена на дрога до ЗКА Балкан Инфо, како и 38 информации за запленета стока до SELEC центарот, каде е учествувано и на состаноците на работните групи.

Редовна соработка со UNDOC, со царинските служби на Србија, Косово, Албанија, Бугарија, Хрватска, Германија, Франција и Шведска, како и континуирана размена на информации преку EU TWIX (мрежа за размена на информации поврзани со заштита на загрозени животински и растителни видови).

Во годишниот извештај за напредок за 2012 година, од Европската комисија добиена е највисока оценка во делот царинска соработка, каде се нотира дека Царинската управа има голем напредок во учество во меѓународни операции и размена на информации за борба против прекуграничниот криминал.

## ЗАШТИТА НА ПРАВА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

И во 2012 година Царинската управа продолжи со активностите за унапредување на своите капацитети за заштита на правата од интелектуална сопственост. Преземени се активности за унапредување на администрирањето и зголемувањето на интересот на имателите на трговски марки да регистрираат барања во Царинската управа за заштита на нивните права од интелектуална сопственост, зголемување на јавната свест за штетните последици од производство, трговија и употреба на фалсификувани стоки, како и унапредување на капацитетот за анализа на ризик и идентификување на фалсификувани стоки.




Во контекст на претходното, Царинската управа во 2012 година **ја воведе IPM (Interfaced Public Member) платформата на СЦО**, што претставува база на податоци за заштитени трговски марки и е достапна за сите царински испостави, како помошна алатка за подобро препознавање и контрола на фалсификувана стока, а подготвено е и **Упатство за администрирање и користење на IPM платформата**. Одржана е обука за пристап и користењето на IPM платформата и доделени се кориснички пристапи за околу 200 царински службеници. Покрај претходното, во јануари 2012 година, Царинската управа започна нов проект за изработка на посебен модул во рамки на Интегрираниот информативен систем за електронска евиденција и администрирање на активностите поврзани со заштитата на правата од интелектуална сопственост, како привремено решение до целосна имплементација на нов електронски систем за обработка на царински декларации кој вклучува и целосна електронска администрација на царинските мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост.



*Оперативна мисија на СЦО VICE GRIPS 2 спроведена во Африканскиот регион, јули 2012, во која учествуваше и претставник Царинската управа*



*Оперативна мисија TIGRE-2 во ЕЛ Салвадор, спроведена во регионот на Средна Америка, и дел од Јужна Америка, декември 2011 година, на која учествуваше и претставник на Царинската управа*

Покрај другите меѓународни активности **во рамки на Програмата на СЦО за заштитата на правата од интелектуална сопственост**, Царинската управа на Република Македонија учествуваше со свој акредитиран оперативен и технички советник (обучувач-експерт) **во 3 последователни оперативни мисии на СЦО**: TIGRE-2 во ЕЛ Салвадор, спроведена во регионот на Средна Америка, Карипските земји и дел од Јужна Америка, декември 2011 година; VICE GRIPS 2 спроведена во Африканскиот регион, подготвителен дел во Того и операција во Кенија, јули 2012 година и EASTERN GATE спроведена во Источно - Африканскиот регион, со подготвителен дел во Џибути и операција во Кенија, декември 2012 година.

На крајот на 2012 година во Царинската управа беа **регистрирани 222 трговски марки за царинска заштита на права од интелектуална сопственост** (321 во 2011, 223 во 2010 и 250 во 2009 година).

Покрај другите, барање за заштита на права од интелектуална сопственост во Царинската управа имаат регистрирано и следните трговски марки: Puma, Adidas, Nike, Zara, Lacoste, Mercedes, Prada, Cialis, Nutella, Coca Cola, Schweppes, Herba, Natreen, Always, Ariel, Oral-B, Durex, Rexona, Fa, Labello, Kosili, Kosmodisk, Eucerin, Nivea, Colgate и други.

Во 2012 година **во 149 акции**, поради основано сомневање за повреда на права од интелектуална сопственост, **привремено се задржани 341 илјада парчиња стока**. Во вкупната количина на привремено задржана стока по овој основ, и групирани како што е приложено во табелата и понатаму доминира учеството на облека (пред сè спортска) со над 31%, а пораст бележат додатоците за автомобили со околу 9%. Во однос на потеклото на привремено задржаната стака по овој основ, доминира Кина со 43%, по која следи Турција со 38% од вкупната количина. Во продолжение се прикажани поинтересни случаи на привремено задржана стока поради основано сомневање дека повредува права од интелектуална сопственост.

ЗАДРЖАНИ ПРОИЗВОДИ ВО 2012 ГОДИНА ПОРАДИ СОМНЕВАЊЕ ДЕКА ПОВРЕДУВААТ ПРАВО ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

| Вид на производи | | Единица мерка | Количина (во илјади) |
|---|---|---|---|
| 1 | Облека, додатоци и други поврзани производи и репроматеријали | Парче | 106 |
| 2 | Обувки и додатоци | Парче | 21 |
| 3 | Парфеми, дезодоранси, козметика исл. | Парче | 58 |
| 4 | Телефони, ИТ, аудио, видео, делови и опррема и сл. | Парче | 74 |
| 5 | Авто делови и опрема | Парче | 31 |
| 6 | Лекови | Парче | 6 |
| 7 | Друго | Парче | 45 |
| | **Вкупно** | | **341** |

Во 47 случаи од вкупниот број случаи на привремено задржана стока поради основано сомневање дека повредуваат права од интелектуална сопственост, застапниците на имателите на трговски марки се изјасниле дека истата не ги повредува нивните права од интелектуална сопственост, поради што истата е ослободена (околу 59 илјади парчиња, кои претежно се однесуваат на ЦД-а, ДВД-а и жилети за бричење). Дополнителна количина од околу 28 илјади парчиња ваков вид стока, во 43 случаи, е ослободена бидејќи застапниците на трговски марки се откажале од постапување или не изразиле интерес да се регистрираат кај Царинската управа преку поднесување барање за заштита на права од интелектуална сопственост. Врз основа на потврдена повреда на права од интелектуална сопственост, во текот на 2012 година, под царински надзор **беа уништени 144 илјади парчиња фалсификувана стока**.




*Над 43 иљјади парчиња фалсификувана боја за чевли од словенечката трговска марка Ilirija запленети во Јануари 2012. Декларираната цена изнесуваше 0,3 денари по парче, додека пазарната цена на оригиналниот производ изнесува 35 денари односно повеќе од 10 пати*



*Над 1.500 парчиња фалсификувани лекови од трговските марки Viagra, Pfizer, Cialis, Kamagra, Oral Jelly и Levitra. Фалисфикуваните лекови се запленети во посебна акција на наплатна рампа на автопат*



*Околу 20.000 парчиња фалсификувани миризливи освежувачи за воздух за возила од трговските марки BMW, Audi, Mercedes-Benz и JULIUSS ÄMANN LTD чија вредност на пазарот би изнесувала околу 700 иљјади денари*



*Над 7.000 парчиња фалсификувани детски влечки на трговската марка Nike запленети во јуни 2012 година. Стоката била декларирана на износ од 320 иљјади денари, додека пазарната вредност на оригиналната стока би изнесувала околу 2 милиони денари*

## НАПЛАТЕНИ ПРИХОДИ

Царинската управа администрира и врши наплата на царина, ДДВ од увоз, акцизи (на производство, увоз и промет), надоместоци на тутунски производи и производи од нафта (на производство и увоз). **Во 2012 година Царинската управа по сите основи наплати вкупно 63,9 милијарди денари**, што е за 3,5% повеќе во однос на 2011 година кога беа наплатени 61,7 милијарди денари.

НАПЛАТЕНИ ПРИХОДИ (ВО МИЛИОНИ ДЕНАРИ)

| Вид на приход | 2012 | 2011 | 2012/2011 |
|---|---|---|---|
| Царина | 4.066 | 3.779 | 287 |
| ДДВ | 41.041 | 41.322 | -281 |
| Акциза | 16.587 | 15.559 | 1.028 |
| Надоместоци | 2.231 | 1.064 | 1.167 |
| **Вкупно** | **63.925** | **61.724** | **2.201** |

### ЦАРИНА

Во 2012 година **наплатени се 4,07 милијарди денари на име царина и други царински давачки со еквивалентен ефект**, што е приближно еднакво на планираното, а за околу 7% повеќе во однос на 2011 година кога беа наплатени 3,8 милијарди денари. Пораст на наплатени приходи од царина бележат:

- Увозот на месо и други кланични производи за јадење (12%), каде што истовремено е забележан и пораст на увезената количина (4%) и на нејзината вредност (12%), што секако се должи и на контролите на Царинската управа на тарифното распоредување, на царинската вредност и на преференцијалниот третман;
- Увозот на тутун и производи за замена на тутун (17%), каде што истовремено е забележан и пораст на увезената количина (23%) и на нејзината вредност (28%), што секако се должи и на мерките на Царинската управа за физичка контрола;
- Увозот на воздухоплови, космички летала и нивни делови (312%) поради увоз на воздухоплови за потребите на државата;

- Увоз на електрични машини и опрема и нивни делови, апарати за снимање или репродукција на звук, телевизиски апарати за снимање или репродукција на слики и звук, и делови и прибор за овие апарати (12%), при истовремено зголемување на вредноста на увозот (4%);
- Увозот на шеќер и производи од шеќер (39%), пред сè поради зголемување на увозот кој не подлежени на преференцијален третман.

## ДДВ

Наплатените приходи од увозен ДДВ во 2012 година изнесуваат 41 милијарда денари, што е за 0,7% помалку во однос на 2011 година. Притоа, пораст бележат приходите од ДДВ на увозот на минерални горива, минерални масла и производи од нивна дестилација, битуменозни материи, минерални восоци и на разни производи. Намалување бележат приходите од ДДВ при увоз на железо и челик, возила, освен железнички или трамвајски шински возила, и нивни делови и прибор**,** како и оптички, фотографски, кинематографски, мерни, контролни, прецизни, медицински или хируршки инструменти и апарати, нивни делови и прибор.

## АКЦИЗИ

**На име акцизи во 2012 година наплатени се 16,6 милијарди денари**, што е за 6,51% повеќе во однос на 2011 година кога беа наплатени 15,6 милијарди денари. Притоа, зголемена наплата на приходи е остварена кај минералните масла и деривати (4%), тутун и преработки од тутун (13%) и кај алкохол и пиво (4%), додека намалување има кај патничките возила (7%).

## НАДОМЕСТОЦИ

**Во 2012 година се наплатени 2,231 милиони денари на име надоместоци**, што е за 53% повеќе во однос на 2011 година кога беа наплатени 1,064 милиони денари. Порастот се должи на преземање на надлежноста на Царинска управа за наплаќање на надоместоци согласно Законот за здравствена заштита, како и зголемената наплата пред сè кај нафтените деривати (141%), а потоа и кај надоместоците на тутун и тутунските преработки (29%).

# ТРАНСПАРЕНТНОСТ И СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЦАРИНАТА

И во 2012 година Царинската управа продолжи интензивно да работи на зголемување на свеста на вработените и јавноста за значењето на отвореноста и транспарентноста од аспект на запознавање на јавноста со улогата на Царинската управа, информирање за плановите и работата и осознавање на проблемите на клиентите и сфаќањето на јавното мислење за работата на Царинската управа. Се воведоа системи и процедури за зголемување на обемот и квалитетот на комуникација со јавноста. Се институционализираше соработката со нови домашни и странски институции на ниво царина – царина, царина – бизнис заедница, како и односи од друг карактер.

Во контекст на јубелејот 20 години од основањето на Царинската управа како независна и самостојна царинска служба, воведен е јубилеен симбол кој е употребуваше во сите официјални документи на Царинската управа во текот на 2012 година.

Во 2012 година Царинската управа го надгради својот систем за видеоконференција со што, покрај дотогашната употреба само во рамки на Царинската управа, **овозможена е видеоконференциска врска и присуство на членовите на Владата на Република Македонија и директорите на органите на извршната власт на седниците на Комисијата за економски систем и на Владата**. Се овозможи брза и ефикасна комуникација помеѓу Владата на Република Македонија, Царинската управа и другите органи на извршна власт, царинарниците и царинските испостави. Работата на системот за видеоконференција е уредена со **Упатство за работа со системот за видеоконференција** донесено во септември 2012 година.

## ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

### 20 ГОДИНИ НЕЗАВИСНА И САМОСТОЈНА ЦАРИНСКА СЛУЖБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Под мотото „20 години за иднината на Македонија“, во април 2012 година се одбележаа 20 години од формирањето на Царинската управа на Република Македонија како независна и самостојна царинска служба. Овој јубилеј беше одбележан со низа настани и активности: изложба на опремата и техниката што ја користи Царинската управа на плоштадите во Скопје, Битола и Струмица, отворање на музејска поставка на Царинската управа. Централната прослава се одржа во април 2012 година на која беше презентирана „Монографија на Царинската управа“ и активностите на Царинската управа во текот на изминатите години.

За 10 најдобри цртежи изработени од ученици од основни училишта и 3 најдобри статии изработени од студенти на тема „Границите разделуваат, царината поврзува“, беа врачени награди.

Во рамки на одбележувањето на јубилејот 20 години Царинска управа, реализирана е крводарителска акција, На третата по ред ваква акција, во 5 пункта во Република Македонија, собрани се 136 единици крв.



*Отворање на централна прослава (Зоран Ставрески, потпретседател на Владата на Република Македонија и министер за финансии, Ванчо Каргов, директор и Дритон Фејза, заменик директор на Царинска управа)*



*Награден цртеж на ученик од основно училиште*



## ИНФОРМАТИВЕН МУЗЕЈСКИ ПРОСТОР

Во октомври 2012 година Царинската управа постави привремен Информативен музејски простор на аеродромот „Александар Велики". Целта на музејот е подобрување на информираноста и знаењето на патниците за нивните права и обврски при влегување и излегување од царинското подрачје на Република Македонија. Истиот се состои од поставка, банери и брошури со порака за патниците. На овој простор, во посебни стаклени витрини и на маси се поставени различни видови на стоки и предмети (стока која е дозволена и забранета за внесување/изнесување и ограничувања, стоки и предмети кои подлежат на царински давачки, стоки и предмети на заштитени трговски марки, стоки и предмети од животинско потекло, артефакти и археолошки предмети кои подлежат на заштита според Конвенции за меѓународна трговија) и информативни брошури (печатени флаери).



*Предмети кои се забранети или ограничени при влез или излез од царинското подрачје на Македонија. Артефакти и археолошки предмети, како пример за културно наследство кое подлежи на заштита*



*Артефакти и археолошки предмети, како пример за културно наследство кое подлежи на заштита*

## ИНТЕРНЕТ И ИНТРАНЕТ

Во јуни 2012 година Царинската управа донесе **ново Упатство за начинот и постапката на објавување содржини на интернет страницата и интранет порталот на Царинската управа**, што има за цел целосно и навремено да се информираат вработените во Царинската управа, надворешните корисници на услугите и учесници во царински постапки.

Во 2012 година на **веб страницата www.carina.mk се објавени 589 информации** (од кои 204 и на англиски, а 165 на албански јазик), а на интранет 570 информации. Во 2012 година веб страницата беше посетена 1.876.044 пати од страна на 13.600 посетители. Од страна на посетителите се испратени 1.176 прашања, жалби и сугестии, од кои е одговорено на 639.

Во текот на 2012 година на веб страницата www.carina.mk поставена е Интерактивна мапа на царинарници и на англиски јазик и модул за нејзино ажурирање. Ажурирана е царинската тарифа за 2012 во сервисот Пребарување низ царинска тарифа. Поставени се 6 нови наслови: за 20 годишнината од ЦУРМ, 60 години СЦО, НКТС (Нов компјутеризиран транзитен систем), Транспортни дозволи во Нетарифни мерки, нов наслов Обрасци и нов модул Правосилни пресуди по поднесени кривични пријави. Отворен е профил за следење на статистики на Google. Во декември 2012 година интернет страницата е дополнета со нови модули: Фотогалерија, Објава на аудио и видео записи и Електронски весник. Унапреден е модулот Прашања и одговори и Интерактивната мапа е дополнета со информации за внатрешните испостави.

## ОТВОРЕНА ТЕЛЕФОНСКА ЦАРИНСКА ЛИНИЈА - 197




На отворената царинска телефонска линија (197) добиени се вкупно 26.103 повици или во просек 71 повици на ден и тоа:

- А класа (информации за кои се бара неодложна акција од страна на царинска испостава или мобилна екипа) и по кои се преземени активности – вкупно 70 повици,проследени до одделението за оперативни работи и гранични премини за понатамошна обработка;
- В класа (информации кои бараат понатамошни дополнителни испитувања од други одделенија во Секторот за контрола и истраги или од други одделенија во Царинска управа) – вкупно 83 повици, проследени до одделение за разузнавање и истраги за дополнителна обработка;
- С класа (информации што неможат да се користат, односно се повици за поплака или пофалба на царински процедури) - вкупно 821 повици, најчесто заради застои и гужви на гранични премини или царински терминали и

– Ј класа (информации проследени до Сектор за професионални стандарди, а кои се однесуваат на жалби на граѓани за коруптивно и непрофесионално работење на царинските работници – вкупно 77 повици.

### ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ И СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ

Во 2012 година се примени 9 претставки и предлози и по истите е соодветно постапено. Согласно Законот за слободен простап до информации од јавен карактер во 2011 година се примени 6 барања. Царинската управа позитивно одговори на 5 барања, едно барање беше препратено до друга институција – имател на информацијата.

## ЦАРИНСКА СОРАБОТКА

### СОРАБОТКА СО БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА



**Советодавното тело**[42] во 2012 година одржа 8 редовни состаноци, на кои беа разгледувани повеќе актуелни прашања од областа на царинското работење. Во 2012 година е **донесен Деловник за работа на Советодавното тело.** Претставени се повеќе новини кои се воведени во царинското работење меѓу кои: овозможување на стоково царинење на граничните премини, овозможување на поднесување на транзитна декларација пред ставање на стоката на увид на царинскиот орган, одложено плаќање на царински долг, издавање на задолжителна информација за потекло на стоки, распределба на тарифни квоти според принципот „прв дојден прв корисник", условите и критериумите кои треба да се исполнат за намалување на висината на износот на општата гаранција. О**држани се повеќе** презентации за одредени проекти кои се во тек во Царинската управа, **меѓу кои: презентација на концептот за овластен економски оператор,** НКТС, унапредувањето на EXIM, **апликацијата за менаџирање на одобренијата за постапки со економски ефект,** како и функционирањето на IPM базата на СЦО која се однесува на заштитата на интелектуалната сопственост. **Воедно, на Советодавното тело се разгледани и преземени се активности во насока на реализација на повеќе барања од членките на Советодавното тело, меѓу кои: барање на Групацијата на шпедитери и логистички оператори (МИФА) за ревидирање на потребата од поднесување на разни одобренија и дозволи кои се бараат при влез на стоките во Република Македонија на самиот граничен премин, а се пречка за развој и неконкурентност на логистичкиот сектор на Република Македонија во однос на соседните држави,** информација на Текстилниот кластер за проблемите со евиденцијата на текстилниот отпад, како и за царинењето на малите пратки, предлозите на Стопанската комора на Република Македонија во врска со унапредувањето на јавното приватно партнерство на царината со деловната заедница низ одржување на обуки и презентации од областа на царинското работење на регионално ниво, предлогот на **Групацијата на шпедитери и логистички оператори –МИФА за намалување на банкарските гаранции за простории за привремено чување на стока, барањето на здружението на транспортери МАКАМТРАНС и АМЕРИТ за воспоставување на приоритетна лента на граничните премини за возила со лесно расиплива стока и возила кои возат под ТИР режимот** и притоа се донесени 30-тина заклучоци, кои се преточени во акционен план на Советодавното тело за тековната и наредната 2013 година.

По повод одбележувањето на својот 90-годишен јубилеј, во февруари 2012 година Стопанската комора на Македонија ѝ додели на Царинската управа награда за најдобар партнер на Стопанската комора на Македонија од сите државни институции.




*Свечено доделување на Плакетата*

[42] Советодавното тело е формирано во јануари 2009 година и во него партиципираат Стопанска комора на Република Македонија, Сојуз на стопански комори на Република Македонија, Стопанска комора на Северозападна Македонија, Американска стопанска комора во Република Македонија, МАКАМТРАНС, СИЗ „Македонија сообраќај" АМЕРИТ, Групација на шпедитери и логистички оператори –МИФА, Текстилно трговско здружение – Текстилен кластер, Здружение на кожарско преработувачка индустрија, Стопанска комора за информатички и комуникациски технологии – МАСИТ и Царинска управа.

Во септември 2012 година е потпишан Меморандум за соработка меѓу Царинската управа и Imperial Tobacco TKS. Основна цел на овој Меморандум е координирана соработка во заштитата на легитимната трговија со тутунски производи и откривање и спречување на недозволена трговија со тутунски производи, нелегално производство, трговија и дистрибуција на фалсификувани производи.



*Потпишување на Меморандумот, управител на ТКС и директорот на Царинска управа*




По повод 5 годишнината од своето работење во Република Македонија, во септември 2012 година **Лукоил Македонија на Царинската управа на Република Македонија ѝ додели Плакета за благодарност** за постојаната поддршка и помош во развојот на компанијата.

Во август 2012 година потпишан е Меморандум за разбирање со Japan Tobacco International за Западен Балкан. Со овој Меморандум се продолжува досегашната континуирана успешна соработка, која започна во 2007 година со потпишување на првиот ваков меморандум. Основна цел за склучување на овој Меморандум е заедничка и координирана соработка во заштитата на легитимната трговија со тутунски производи.



*Потпишување на Меморандумот, Потпретседател на JTI и директорот на Царинската управа*

Фабриката за производство на фероникел „Фени индустри" АД Кавадарци во ноември 2012 година овозможи уништување на 36 илјади парчиња фалсификувани производи, под царински надзор и во присуство на претставници на застапници на повеќе брендови. **Компанијата „Фени индустри" АД, наплатените средстава за уништување на фалсификувани производи оваа година реши да ги донира во хуманитарни цели за набавка на детски креветчиња за градинката во Неготино.**



## СОРАБОТКА ЦАРИНА – ЦАРИНА

На 26 јануари 2012 година се одбележа 60 години од формирањето на Светска царинска организација (СЦО) под мотото „Границите разделуваат, царината поврзува". По тој повод, СЦО додели 7 сертификати за заслуги на истакнати царински службеници и 3 признанија за заслуги на надворешни соработници за исклучителен придонес во развојот на меѓународната царинска соработка.




*Емилија Белогаска, ДЕУ, Даница Кузмановска, СЕП и Ирена Кикеркова, Економски факултет – добитници на признанија за заслуги од СЦО*

Во мај 2012 година во Тирана, Албанија, царинските управи на Република Македонија и Република Албанија остварија билатерална средба на која директорите на царинските управи потпишаа Протокол за електронска размена на царински податоци помеѓу царинските управи на Македонија и Албанија.

Во април 2012 година, во Баку, за време на годишната средба на директорите на царинските служби од Европскиот регион на СЦО, Царинската управа на Република Македонија и Царинската служба на Азербејџан потпишаа Договор за соработка и взаемна помош по царински прашања. Во декември 2012 година делегација на Царинската служба на Азербејџан оствари официјална посета на Царинската управа на Република Македонија каде беа разменети информации за активностите што се преземаат за осовременување на царинското работење и се посочија домените за можна натамошна продлабочена соработка. На официјалната церемонија делегацијата на Азербејџан ѝ ги донираше на Царинската управа двете царински кучиња за откривање на дрога.



*Потпишување на Договорот: Алиев, Каргов, Микурија*



*Изабела*



*Шери*

Во мај 2012 година, Владата на САД преку Програмата за контрола на извозот и гранична безбедност на Царинската управа ѝ донираше опрема наменета за борба против нелегалната трговија и криминалот (термални двогледи, ноќни визири, фиберскопи, опрема за откривање на јонизирачко зрачење и алат).

Во јуни 2012 година е донесено Упатство за користење на Заедничкиот контакт центар Ѓуешево со кое се уредува начинот на комуникација помеѓу Царинската управа и Заедничкиот контакт центар Ѓуешево (основан и ставен во функција со Договор помеѓу Владите на Македонија и Бугарија, со цел полициска и царинска соработка).



*Церемонија на донирање во присуство на амбасадорот на САД во Република Македонија*

Во јуни 2012 година **Царинската управа и Националната даночна и царинска управа на Унгарија потпиша Протокол за соработка** за имплементација на Протокол 5 за взаемна административна помош по царински прашања од Договорот за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија и ЕЗ и нејзините земји членки. Со Протоколот се утврдуваат чекорите за натамошен развој на соработката преку поголема размена на информации и претпристапните искуства за членство на Унгарија кон ЕУ, како и за олеснување на трговијата помеѓу двете земји.




Во октомври 2012 година се одржа завршна конференција на регионалниот проект „Систем за електронска размена на податоци (SEED) во земјите на Западен Балкан", финансиран од ЕУ. Во проектот, покрај Царинската управа на Република Македонија, се вклучени и царинските служби на Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Србија и Црна Гора, а координатор е Царинската агенција на Република Италија. Во рамките на конференцијата се потпиша Протокол за електронска размена на царински податоци помеѓу царинските управи на Република Косово и Република Македонија за усогласен сет на податоци кои ќе се разменуваат по електронски пат преку користење на SEED.



*Наталина Чеа, директор на Проектот – Царинска управа на Италија, Наим Хуруглица, директор на косовската Царина и Ванчо Каргов, директор на македонската Царина*

Највисокото раководство на Царинската управа на Словенија помина дел од нивниот годишен одмор на седумдневна велосипедска тура на низ Република Македонија. Во август 2012 година тие возеа низ источна Македонија, при што ги посетија Гиновци, Кратово, Пробиштип, Лесново, Кочани, Берово, Струмица, Нов Дојран, Дојран и Скопје и имаа можност да се запознаат со убавините и природните богатства на Македонија.



*Маршрутата на велосипедската тура на припадниците на словенечкта царина*

Во ноември 2012 година, се одржа свечена церемонија по повод завршувањето на проектот МАТРА - Проект за техничка соработка помеѓу Даночната и царинска управа на Холандија и Царинската управа на Република Македонија 2010-2012, како продолжение на претходниот петгодишен билатерален проект за техничка соработка помеѓу овие две институции. Во рамки на проектот беа организирани 18 активности – семинари, обуки, работилници и студиски посети на кои учествуваа 250 учесници, поврзано со унапредување на капацитетот на Царинската управа за управување со акцизите, човечките ресурси, заштита на правата од интелектуална сопственост, царинска лабораторија итн.



*Како симбол на соработката и пријателството, претставници на двете царински служби и амбасадорот на Кралството Холандија во Република Македонија во дворот на Централната управа на Царинската управа посадија 300 лалиња.*






Во октомври 2012 година во Истанбул, на Царинската управа ѝ е доделен **Медал на честа за успешен придонес и посветеност во спречувањето на илегалната трговија со супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка**. Наградата е добиена врз основа на пријавена номинација во меѓународната операција „Да ја закрпиме озонската дупка II", која е дел од проектот за „Поттикнување на регионална соработка за зголемена контрола на трговијата на супстанциите кои ја осиромашуваат озонската обвивка во земјите на Европа и Централна Азија", кој е иницијатива на Програмата за заштита на животната средина на Обединети нации, во соработка со СЦО.



Со цел унапредување на протокот на стоки преку граничните премини со Република Грција, Стопанската комора на Македонија во соработка со Канцеларијата за врски на Република Грција и со поддршка на Царинската управа во декември 2012 година организираше средба со македонските и грчките прекугранични служби на граничниот премин Богородица – Евзони. Претставници на нашата царинска администрација и други прекугранични агенции – носители на прекугранични процедури со грчките партнери отворија дијалог за унапредување на протокот на стоки по Коридорот 10. Покрај заедничко разгледување на процесот на прекугранични процедури и инфраструктура на македонската и грчката царинска делегација беше одржана и работна средба.



*Граничен премин Стење на граница со Албанија. Колегите од царинските служби на двете држави заеднички садат дрвца*

Царинската управа активно се вклучи во десеттата јубилејна акција „Ден на дрвото - Засади ја својата иднина!" организирана од Владата на Република Македонија во ноември 2012 година. Царинските службеници организираа акции за засадување на садници на сите гранични премини во државата, а голема поддршка на оваа благородна идеја дадоа и колегите, претставници на пограничните служби и локалните власти од соседните држави, кои заедно со македонските цариници активно се вклучија во реализација на оваа акција. Со овој чин, Царинската управа симболично ги истакна активностите кои ги презема во рамки на својата мисија за заштита на животната средина, безрезервно поддржувајќи ја оваа благородна акција и даде мал прионес за остварување на сонот за зелена Македонија.

Кон крајот на 2012 година прифатен е предлоготот од ЦЕФТА Секретаријатот според кој, Царинската управа на Република Македонија во 2013 година ќе **претседава со Подкомитетот за царини и правила за потекло.** Програмата е подготвена.

## МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА

Во ноември 2012 година Државното правобранителство на Република Македонија и Царинската управа на Република Македонија потпишаа Протокол за електронска размена на писмена чија цел е ефикасна и брза размена на писмената во електронски облик помеѓу протоколарните страни, во судските предмети во кои како странка се јавува Царинската управа.



Потпишување на Протоколот: Оливера Китановска, директор на Државно правобранителство и Ванчо Каргов, директор на Царинска управа

По повод 20 годишниот јубилеј на Царинската управа, во април 2012 година, Националниот сојуз на глуви и наглуви на Република Македонија на Царинската управа ѝ додели Плакета за меѓусебна соработка, хуманитарен придонес и поддршка на глувите и наглувите лица на Република Македонија.



Васко Марков, претседател на Националниот сојуз на глуви и наглуви на Република Македонија и Ванчо Каргов, директор на Царинската управа

По повод десетгодишнината од своето постоење, во мај 2012 година Централниот регистар на Република Македонија на Царинската управа на Република Македонија ѝ додели Плакета за успешна деловна соработка.

По повод 5 години од неговото постоење, во октомври 2012 година Националниот координативен центар за интегрирано гранично управување на Царинската управа ѝ додели Плакета за даден особен придонес во развојот на интегрираното гранично управување.



## СОРАБОТКА СО ИНСТИТУЦИИТЕ ВО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ

Покрај останатите склучени меморандуми за соработка со високообразовни институции Царинската управа во јули 2012 година склучи **Меморандум за соработка со Факултетот за туризам и бизнис логистика** – **Гевгелија** при Универзитетот Гоце Делчев – Штип.



Царинската управа и во 2012 година ја продолжи соработката со високо образовните институции во Република Македонија и согласно Упатството за практикантска работа во Царинската управа и склучените спогодби за соработка со високо образовните институции, **е спроведена летна пракса за студенти** од Економскиот факултет при Универзитет Св.Кирил и Методиј Скопје, Факултетот за безбедност Скопје при Универзитетот Св.Климент Охридски, Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот за туризам и менаџмент, Факултетот за туризам и бизнис логистика, дисперзирани студии во Скопје при Универзитет Гоце Делчев Штип и Факултетот за туризам и угостителство Охрид при Универзитетот Св.Климент Охридски Битола. На летната пракса учествуваа **86 студенти** кои се запознаа со улогата и надлежностите на Царинската управа.

Во јуни 2012 година Царинската управа донесе **Програма за волонтерство за 2012 година**, со цел работата на државната администрација да се приближи кон граѓаните на Република Македонија и да се даде можност младите да стекнат работно искуство за да подоцна полесно конкурираат на пазарот на трудот. Врз основа на Програмата за волонтерство за 2012 година, Царинската управа во јуни објави јавен повик за аплицирање на кандидати за волонтирање во Царинската управа, при што беа ангажирани 10 заинтересирани кандидати кои извршуваа волонтерска работа во  во организационите единици на Царинската управа во времетраење до 5 месеци.

# СОДРЖИНА


РЕЗИМЕ ... 3
РЕГУЛАТОРНА РАМКА ... 4
- Царинска регулатива ... 4
- Царинска тарифа ... 4
- Акцизи ... 5
- Заштита на права од интелектуална сопственост ... 5
- Меѓународни договори ... 5

ЕУ ИНТЕГРАЦИЈА ... 7
- Усогласување со царинското законодавство на ЕУ ... 7
- Поврзување со царински информатички системи на ЕУ ... 8
- Програма ЕУ Царина 2013 ... 10
- TAIEX ... 10
- Развој на административниот капацитет согласно ЕУ стандардите ... 10

ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ВО ЦАРИНСКАТА УПРАВА ... 12
- Основна рамка ... 12
- Вработување ... 13
- Обуки и стручно оспособување ... 13
- Интегритет ... 15
- Мерење на успешноста ... 17
- Наградување и унапредување ... 17
- Нови проекти ... 18
- Синдикални активности ... 19

НАДЛЕЖНОСТИ И ОРГАНИЗАЦИЈА ... 20
- Основи ... 20
- Административни постапки ... 20
- Безбедност и комуникација ... 21
- ИКТ поддршка ... 22
- Транспарентност ... 24
- Управување со финансиски и нефинансиски ресурси ... 24
- Планирани и тековни активности ... 25

ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ ... 26
- Поедноставување на царинските и акцизните постапки ... 26
- Услови за спроведување на царинските формалности ... 28
- Е _ Царина ... 29
- Обем на извршени работи ... 32
- Преференцијално потекло на стоките ... 33
- Обработени царински декларации и наплата на приходи ... 33
- Промет на товарни моторни возила ... 35

КОНТРОЛА НА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНИТЕ ... 36
- Основна рамка ... 36
- Царинско разузнавање ... 37
- Анализа на ризик ... 37
- Царинска контрола и истраги ... 39
- Контрола по царинење и надзор на иматели на царински и акцизни одобренија ... 41
- Царинска и друга контрола ... 41
  - *Физичка царинска контрола* ... 41
  - *Документарна царинска контрола* ... 48
    - *Царинска лабораторија* ... 49
  - *Резултати од постцаринска контрола* ... 49
  - *Преземени правни мерки за откриените неправилности* ... 50
- Учество во меѓународни активности ... 51
- Заштита на права од интелектуална сопственост ... 51
- Наплатени приходи ... 53

ТРАНСПАРЕНТНОСТ И СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЦАРИНАТА ... 55
- Односи со јавноста ... 55
- Царинска соработка ... 57

2012

**ПОДГОТВУВА И ИЗДАВА**
ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Ул. Лазар Личеновски 13, 1000 Скопје
www.customs.gov.mk

**КОМПЈУТЕРСКА ПОДГОТОВКА И ПЕЧАТ**
ЕВРОПА 92 - КОЧАНИ

**ТИРАЖ**
150